Универзитет „Св. Кирил и Методиј"

Филозофски факултет - Скопје

Институт за педагогија

Последипломски магистерски студии

Педагошки науки

# ПРОЦЕС НА АДАПТАЦИЈА НА ДЕЦА ОД РАНА ВОЗРАСТ ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ

\- Магистерски труд -

ментор

проф. д-р Лена Дамовска

кандидат

Сања Алексоска

Скопје, 2012 година

СОДРЖИНА:

ПРВ ДЕЛ

ТЕОРИСКИ СОГЛЕДУВАЊА НА ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

ВОВЕД.......................................................................................................6

1. ИСТОРИСКИ ПРЕГЛЕД НА СФАЌАЊАТА И ТЕОРИИТЕ ЗА ПРОЦЕСОТ НА АДАПТАЦИЈА КАЈ ДЕЦА НА РАНА ВОЗРАСТ.......................................................12

2. ПЕДАГОШКИ АСПЕКТИ НА ПРОЦЕСОТ НА АДАПТАЦИЈА НА ДЕЦА ОД РАНА ВОЗРАСТ ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ.......................................................20
   2.1. Фактори кои произлегуваат од детето...................................................21
   2.2. Фактор нова средина..........................................................................23
   2.3. Семејството како фактор.....................................................................24
   2.4. Значајни фактори за успешен процес на адаптација..............................29
   2.5. Основни типови на адаптација.............................................................32
3. ДЕТСКАТА ГРАДИНКА – СРЕДИНА ЗА РАЗВОЈ И УЧЕЊЕ......................................35
   3.1. Организација на детската градинка во периодот на адаптација.............39
   3.2. Личноста и улогата на воспитувачот во процесот на адаптација............41
      3.2.1. *Улогата на негователката во процесот на адаптација на деца од рана возраст*.........................................................................45
   3.3. Социоемоционален развој на децата од рана возраст.............................46
   3.4. Микровоспитни влијанија на детската градинка.....................................48
4. ПСИХОЛОШКИ АСПЕКТИ НА ПРОЦЕСОТ НА АДАПТАЦИЈА НА ДЕЦА ОД РАНА ВОЗРАСТ ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ.......................................................55
   4.1. Емоционална приврзаност...................................................................56
   4.2. За стравот и стресот во раното детство................................................59
      *4.2.1. Сепарациска анксиозност*...........................................................61
   4.3. Адаптација на деца од рана возраст во контекст на теоријата на афективна приврзаност.............................................................................63
5. СОРАБОТКАТА НА СЕМЕЈСТВОТО И ГРАДИНКАТА КАКО ПРЕДУСЛОВ ЗА УСПЕШНА АДАПТАЦИЈА НА ДЕЦАТА ОД РАНА ВОЗРАСТ....................................67
   5.1. Улогата на мајката во процесот на адаптација во детските градинки.....71
   5.2. Улогата на таткото во процесот на адаптација во детските градинки.....72
   5.3. Родителите како активни учесници во процесот на адаптација кон условите во детските градинки.................................................................73

ВТОР ДЕЛ

МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ


1. Предмет на истражување........................................................................76
2. Поим и дефинирање на проблемот.........................................................77
3. Цел и карактер на истражување..............................................................79
4. Задачи на истражување............................................................................80
5. Хипотези.....................................................................................................81
6. Варијабли на истражување.......................................................................82
7. Методи, техники и инструменти..............................................................82
8. Популација и примерок..............................................................................85
9. Статистичка обработка на податоци........................................................86
10. Организација и тек на истражувањето..................................................89


ТРЕТ ДЕЛ

АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА


1. Анализа и интерпретација на добиените податоци од анкетирањето на воспитувачите и родителите.......................................................................91
2. Заклучок од анкетирањето на воспитувачите и родителите............................124
3. Анализа и интерпретација на добиените податоци од Протокол 1.................127
4. Анализа и интерпретација на добиените податоци од Протокол 2.................135
5. Заклучок од анализата на податоците од Протоколите 1и2...........................139


ЧЕТВРТ ДЕЛ


1. Заклучок....................................................................................................142
2. Литература ...............................................................................................145
3. Прилози.....................................................................................................149

# ПРВ ДЕЛ

# ТЕОРЕТСКИ СОГЛЕДУВАЊА НА ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

*„Сѐ што ми е потребно научив во градинка"*

*„Поголемиот дел од она што требало да го научам за тоа како да живеам, што да работам и како да го направам тоа го научив во градинка. Мудроста не била најважна за дипломата, но е најважна за таму, во градинката.*

*Еве што научив:*

*Мора да делиш сѐ со другите.*

*Биди коректен во играта.*

*Не ги удирај луѓето.*

*Врати ги работите на место од каде си ги зел.*

*Среди го нередот што си го оставил зад себе.*

*Не земај работи коишто не се твои.*

*Извини се кога некого ќе повредиш.*

*Измиј ги рацете пред јадење.*

*Пушти ја водата по себе во тоалетот.*

*Топли колачи и ладно млеко се вистинска работа за тебе.*

*Биди умерен во животот. Секој ден научи нешто, размислувај за нешто, цртај, сликај пеј, играј и работи. Дремни си секое попладне. . .*

*Замислете колку светот би бил подобар кога сите -целиот свет- секојдневно би јаделе колачи со млеко околу три попладне, а потоа би се покриле со ќебе да дремнеме. Или кога во земјата би важеле правилата, работите секогаш да се враќаат таму од каде се земаат и да се среди сиот неред што ќе се направи. . ."*

*Роберт Фалгам*

ВОВЕД

Тргнувањето на детето во градинка претставува првото одвојување од семејството, од родителите, првенствено од мајката на подолго време. Честопати првата средба на детето со лица кои се непознати за него, претставува трауматична ситуација и за родителите и за детето, исполнета со страв од одвојувањето од родителите и напори детето да се адаптира на новата средина во детската градинка. Периодот на адаптирање на детето кон условите во детската градинка е генерално тежок и за децата и за родителите – момент кој родителите го паметат по солзите на своите деца, период кој е најстресен во раниот детски живот. Тргнувањето во градинка значи менување на целокупниот дотогашен живот на децата од рана возраст, кој се случува против нивна волја. Колку и да сметаме дека детето е комуникативно, сака да се дружи со врсници, тоа во суштина не може да ја разбере промената од сигурна средина во своето семејство со сосема нова и непозната средина во детската градинка.

Адаптацијата на деца од рана возраст е процес кој не предизвикува пријатни случувања, тој е тежок за родителите, за децата, но и за воспитно-згрижувачкиот кадар во градинката. Вклучувањето на децата од рана возраст кон условите во детските градинки, е прашање кое предизвикува многубројни дилеми, кај сите учесници. Родителите се неодлучни од една страна која возраст е најбезболна по однос на болното одвојување, а воспитувачите пак како да го организираат приемот на новите деца без потешкотии и стресни ситуации. Раната возраст се карактеризира со висок степен на емоционална приврзаност кон мајката. Токму овој факт доведува до проблемот кој се нарекува „адаптациона криза во првата година на развојот на детето".[1] Затоа детето во најголем број случаи не е подготвено за престој во градинка опкружено со своите врсници. По природата на нештата тоа сè уште нема јасна потреба за социјализација како што има детето во третата година од својот живот. Заинтересираност за дружење со врсници постои, но само во присуство

---

[1] Виготски.С.Лев, (1989), *Учењето, играта и развојот во предучилишна возраст* (книга втора), Просветно дело, Скопје, стр. 115.

на своите родители или познати личности. Затоа во најголем број случаи децата реагираат бурно кога ќе дојдат во градинка, манифестираат протест изразен преку плачење, и тага поради раздвојувањето со родителите. Стравот од одвојување доминира, а чувството на напуштеност ги преплавува нивните емоции. Овие манифестации може да бидат долги и бурни, што предизвикува колебливост кај родителите кои често се премислуваат во својата намера да го остават детето во градинка. Често пати овие ситуации предизвикуваат влошување на здравствена состојба кај децата, што го оневозможува процесот на адаптација во градинката.

Развојната психологија укажува на тоа дека децата на возраст од 18-36 месеци го доживуваат врвот не емоционалната приврзаност со мајката. Во овој период се зголемува отпорот кон одвојувањето од родителите и во ситуации кои претходно биле сосема вообичаени за детето. Појавата се објаснува со фактот дека постои напредување во сфаќањата на детето и разликување на познато од непознато, кое може да биде потенцијална опасност. Напредокот во препознавањето е напредок на интелектуален развој на детето кој во ниеден случај не треба да се сфати како назадување или заостанување во развојот. Во оваа фаза не се препорачува долготрајно одвојување од родителите, бидејќи во спротивно може да се појави сепарациска анксиозност (страв од одвојување).[2]

Бројот на деца кои не се адаптираат во детската градинка е многу мал. Доколку родителите се подготвени за одвојување од детето го намалуваат и процесот на траење на адаптација во детските градинки. Целта на овој труд е да ја истакне потребата од активно вклучување на родителите во процесот на адаптација како фактор кој влијае на успешна соработка меѓу родителите и градинката, а со тоа успешна адаптација кај децата од рана возраст. Многубројните искуства на практичари и истражувачи покажале дека овој период во значителна мера можа да се скрати со примена на соодветни постапки и тоа: запознавање на детето и родителите со учителките пред

[2] http://www.pedagog.org.rs/ *Prvi susret sa vrticem*, (20.10.2010), 4-5.

почетокот на адаптацијата, индивидуален пристап, флексибилно време за прием на деца, постепено продолжување на времето за престој во групата, активно вклучување на родителите во групата преку соодветни активности кои што се значајни фактори за брзо и краткотрајно прилагодување на децата кон условите во детските градинки.

При тргнувањето на детето во градинка, родителите добиваат партнери во воспитувањето на своите деца. Тука воопшто не се намалува нивната одговорност и улога на родители, туку напротив ситуацијата бара повеќе ангажман околу подготовката на детето да живее во група со одредени правила и норми на однесување. Успешната адаптација секогаш зависи од степенот на соработка на воспитниот кадар и родителите. Во тој контекст тие меѓусебно треба да ги разберат разликите во воспитниот пристап кон детето, кои можат да се комплементираат меѓу себе. Родителите се експерти за своето дете, а практичарите нудат професионално искуство во областа на раниот детски развој и учење. Клучот за успешност се наоѓа во секојдневна, постојана и отворена комуникација исполнета со меѓусебна доверба од која најголем бенефит добиваат децата.

За да се надмине предвиденото време кое му е потребно на детето да сфати дека одвојувањето со родителите не трае засекогаш, потребна е промена на постојаната практика во детските градинки преку која би се практикувал слободен и подолг престој на родителите во текот на адаптацијата на детето, а со тоа ќе се овозможи побрзо започнување на процесот на социјализација која зависи само од добриот прием и прилагодување на детето кон условите во детската градинка. Бројните програмски активности треба грижливо да се планираат од тимот на воспитувачи и педагогот, за да се обезбеди полесно прилагодување на децата во групата. Оваа програма треба да има рамковен карактер, да биде флексибилна, затоа што ниту родителите (кои за прв пат се во градинка и не ги познаваат децата во групата), ниту воспитувачите (кои исто така не ги познаваат новопримените деца), не можат однапред да ја предвидат реакцијата на децата во периодот на прилагодувањето, како во поглед на интензитетот, така и во поглед на типот и

карактерот на реакциите во однесувањето. Затоа во текот на планирањето на активностите треба да се предвидат отстапувања, со цел да се овозможи повеќе време за индивидуално следење на потребите и интересите на децата и нивните родители.

Воспитувањето на детето на предучилишна возраст бара од родителите и воспитувачите да изградат однос базиран на меѓусебна доверба, заемно почитување и партнерство. Со својот престој родителот може да му помогне на своето дете да стекне доверба во воспитувачот и сигурност во себе, а при доаѓањето во градинка да не се чувствува отфрлено, туку да биде дел од еден поинаков начин на живот во кој родителот е најважен, а воспитувачот е само негов помошник и соработник.[3] Моменталната состојба во детските градинки покажува дека процесот на адаптација станува потежок и неуспешен кај повеќе деца поради неколку фактори кои се земени предвид во ова истражување, а тоа се големиот број на деца во групите, „отвореноста" на градинката за соработка со родителите која се рефлектира на организациските услови на детската градинка, како и просторната ограниченост за престој на родителот во процесот на адаптација на своето дете.

Теоретската рамка на истражувањето опфаќа два значајни апекти на процесот на адаптација на деца од рана возраст во детските градинки - педагошки и психолошки аспект.

Од педагошки аспект овој проблем се анализира и истражува преку факторите на процесот на адаптација во детските градинки кои произлегуваат од детето, новата средина, семејството, како и значајни фактори кои процесот на адаптацијата во детските градинки го прават да биде поуспешен. Потоа се анализира детската градинка како средина за развој и учење како и нејзината организациона поставеност во периодот на адаптација на децата од рана возраст, ликот и улогата на воспитувачот и негувателката во процесот на адаптација, микровоспитните влијанија на детската градинка како и значењето

[3] Vukomanovic, N. i dr., (1984), *Roditelji u djecjem vrticu*, Beograd, Zavod za udzbenike i nastavna sredstva, стр.9-13.

на социоемоционалниот развој на детето како основа за почеток на прилагодувањето на детето кон условите во детската градинка.

Психолошкиот аспект на процесот на адаптација се однесува на емотивната приврзаност на децата во раниот период кон родителите и кон другите лица, основата на стравот и стресот во детството и можните психосоматски нарушувања предизвикани од нив при тргнување во градинка, појава на сепарациска анксиозност кај децата, како и процесот на адаптација гледан преку теоријата за афективна приврзаност на Боулби. Последниот дел од теоретската разработка на овој предмет на истражување се однесува на соработката на родителите со детската градинка, каква е улогата на мајката и таткото во процесот на адаптација на децата од рана возраст, како и значајноста на активното учество на родителите во процесот на адаптација на нивните деца во детските градинки.

Вториот дел е приказ од методологијата на истражувањето.

Третиот дел се однесува на анализа и интерпретација на податоците од истражувачката постапка следена преку анкетен лист скалер за воспитувачи, кој ги испитува мислењата на воспитувачите за потребата од вклучување на родителите во процесот на адаптација, анкетен лист за родители кои активно учествувале во процесот на адаптација, протокол за писмено набљудување на деца кои се адаптираат во присуство на родители и протокол за писмено набљудување на деца кои се адаптираат без присуство на родители, кои се стожер на овој труд.

На крајот како четврт дел е даден заклучок од анализата и интерпретацијата на податоците, прилози и список на користена литература.

# ПРВ ДЕЛ

# ТЕОРЕТСКИ СОГЛЕДУВАЊА НА ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

## 1. ИСТОРИСКИ ПРЕГЛЕД НА СФАЌАЊАТА И ТЕОРИИТЕ ЗА ПРОЦЕСОТ НА АДАПТАЦИЈА КАЈ ДЕЦА ОД РАНА ВОЗРАСТ

Историскиот преглед на сфаќањата за процесот на адаптација на деца од рана возраст во условите на детската градинка, започнува со појавата на првите организирани начини на педагошко водење на децата од предучилишна возраст.

Историскиот развој за појавата на организирано водење на децата до седумгодишна возраст се појавува уште од воспитниот систем во стара Атина во робовладетелскиот период. На децата од предучилишната возраст, старите Атињани посветувале големо внимание се воспитувале дома, а за нив се грижеле робовите. Се практикувале разни игри, а освен на физичкиот се посветувало внимание на интелектуалниот развој, преку разни изработки од восок, плута, им се раскажувале приказни и биле подучувани на добри манири. Атинскиот воспитен систем бил наменет само за децата од владеачката класа.

Зачетоците на посериозно општествено организирано поставување на воспитание за деца од предучилишна возраст се забележува во историскиот развој на педагошката мисла на Платон. Тој барал децата од 3-6 годишна возраст да се соберат при храмовите под водство на негувателките. Како основни средства за воспитанието се сметаат игрите на кои им придава посебно значење, приказните, бајките и др. Особено се заложувал за грижлив однос кон содржините кои морале да бидат секогаш со позитивни примери. Со своите педагошки погледи подоцна извршил големо влијание на мислата и учењето на Аристотел како и учењето на хуманистите и социјал-утопистите. Неговото значење се согледува во поставувањето на систематско и организирано педагошко влијание врз предучилишните деца.

Појавата на учењето на Аристотел е значајна по првата периодизација на развојот на детето. Тој сметал дека децата од раѓањето до седумгодишната возраст треба правилно да се развиваат и да го зајакнуваат својот организам. Затоа истакнувал дека физичкото воспитание треба да биде пред умственото.

Во овој период посебно внимание се посветувало на правилната исхрана и нега на детето.

Еден од најголемите теоретичари во Античката епоха кој потекнувал од древниот Рим, Марко Фабие Квинтилијан, главната цел на воспитанието ја определил како воспитување на говорник. Тој уште од најрана возраст сметал дека на децата треба убаво да им се зборува, и поради тоа особено треба да се внимава во изборот на личноста која ќе работи како негувателка на малите деца. Негувателките сметал дека треба да бидат исполнети со мудрост, да имаат висок степен на моралност. Со самото учење Квинтилијан придава посебно значење на добро организираната педагошка работа, односно за успешно педагошко водење на детето најважно е да се обезбеди добар воспитувач.

Појавата на феудализмот во средниот век се карактеризира со целосна поделеност на воспитанието, исто така како што било поделено и општеството на класи и сталежи. Секоја класа т.е. сталеж го организирала воспитанието според своите потреби и општествена положба. Како идеолошка потпора на феудалците, црквата била главен сојузник и го имала монополот врз воспитанието.

За положбата на децата и идеите за детството како период, Филип Ариес во своето дело „Векови на детството", говори за положбата на детето во општеството и во семејството. Тој во своето дело резимира дека во старото традиционално општество луѓето имале лоша претстава за детето. Времето на детството се сметало за беспомошност, и неспособност за преживување, а кога физички ќе зајакнело се вклучувало во работата на возрасните. Малото дете станувало веднаш млад човек, што се забележува по средновековните слики на деца од рана возраст кои биле облечени како возрасни. Семејството не овозможувало, ниту пак го котролирало пренесувањето на вредностите и знаењата, па со тоа не се придавало вредност на социјализацијата. Децата многу рано се одвојувале од родителите, оделе на работа како чираци, помошници, додека возрасните ја извршувале својата работа. Животните вештини биле пренесувани преку возрасните.

При самото преоѓање од хуманизмот и ренесансата во новиот век на самиот почеток во 17 век, чиракувањето се заменува со училиштата, а семејството станува неопходен афективен мост меѓу брачните партнери и децата. Родителите започнале да се интересираат за воспитанието и образованието на своите деца, сè повеќе почнале да се организираат околу нив. Во овој период се забележува и ограничување на бројот на децата во едно семејство при што се потенцира создавањето на квалитетни услови за живот на своите деца.[4] Овие идеи нашле свој зародиш во педагошкото учење на Јан Амос Коменски во неговата „Мајчина школа", во кое предучилишното воспитание се спроведувало под раководство на мајката во семејството. Тој истакнувал дека: „Неправилно постапуваат оние родители, кои ги водат своите деца неподготвени кај наставникот. Уште поголема грешка прават оние родители кои од наставникот прво ќе направат плашило, а од училиштето мачилиште, а потоа ги водат децата на училиште."[5]

Првите форми и модели кои се зачетоци на организираното воспитание и образование се забележуват кај Жан Фридрих Оберлин кој во Франција ја оснивал својата „плетачка школа" во која деца се собирале во круг околу воспитувачката, додека таа плетела тие разговарале.

Роберт Овен познат социјал-утопист со своето училиште за мали деца „infant school" извршил подоцна влијание на конституирањето на институции за предучилишни деца.

Фридрих Фребел се смета за основач на првиот осмислен предучилишен систем, заснован на методот на игра. Веќе во 1840 година го поставил името „детска градинка". Фребеловите идеи за воспитанието и образованието се рефлектираат во верувањето дека детската градинка треба да го поттикнува природниот развој на децата. Во неговиот педагошки систем посебно место заземаат т.н. „дарови", кои претставуваат целосно осмислен и оригинален дидактички материјал. При нивното користење децата морале да се

---

[4] Arijes, F. (1989), *Vjekovi djetinstva,* Zavod za udzbenike I nastavna sredstva, Beograd, str. 45.

[5] Ј.А.Коменски, (1946), *Мајчина школа*, Београд, стр.58.

придржуваат до упатствата на воспитувачката. Програмата вклучувала игровни активности за запознавање со природата, многу игри и песни. Длабоко поттикнат од работата на Песталоци, воспитната работа ја организирал врз педагошките принципи на Песталоци во Заводот за деца од школска возраст, каде и го напишал своето главно педагошко дело.

Поради поголемата работна ангажираност на многу родители потребата од организирање на институционално воспитание и образование за деца од рана возраст станува сѐ поактуелна. Во почетокот на 20 век се појавуваат плејада на разновидни компезаторски модели на воспитно-образовна работа кои извршиле значајни влијанија врз развојот на предучилишниот систем каков што е денес. Појавата на сѐ поголемото отуѓување на родителите од своите деца и неможноста квалитетно да се грижат за нивното воспитание, предизвикува сериозни психолошки проблеми во развојот на детето. Во прилог на предметот на истражување следат мислења и сфаќања на многубројни истражувачи и теоретичари кои го истражувале проблемот на прилагодување на децата кон условите во новата средина.

Процесот на адаптација на децата во раниот развој во голема мера зависи од индивидуалните разлики на децата од аспект на нивниот социјален развој. Според мислењето на многубројни истражувачи и развојни теоретичари, децата во текот на својот социјален развој поминуваат низ предвидливи етапи етапи, кои претставуваат „развојни кризи", чие успешно решавање претставува основа за навлегување во следната етапа на социјален развој. Во периодот на раното детство (од првата до третата година), на детето влијаат други личности од околината. Детето мора да стане свесно за себе и за својата одвоеност од родителите да ја изрази својата автономија и сопствена воља. Од тука произлегуваат несакани однесувања на децата кои ја загрижуваат околината. Во овој период за да се постигне оптимален развој на детето бара од возрасните да поседуваат вештина и мудрост да му помогнат на детето да ја изрази својата волја во рамките на добро одбрани можности, во нивниот пристап.

Доколку детските социјални искуства биле богати и разновидни пред доаѓањето во детската градинка се претпоставува дека адаптацијата ќе биде полесна. Полесно ќе се прилагоди детето кое имало позитивни емоционални доживувања, кое поседува чувство на сигурност како резултат на поволна семејна ситуација и дете кон кое во периодот на својата најрана социјализација, воспитно правилно се постапувало. Многу полесно кон условите во детската градинка ќе се адаптираат деца кои потекнуваат од повеќечлено семејство, или пак деца кои почесто го менувале својот семеен простор. Прилагодувањето на детето зависи од неговата возраст, која е поврзана со степенот на емоционалната приврзаност со мајката. Здравите деца кои се во солидна телесна и физичка кондиција полесно се адаптираат во новата средина, како и одредени конститутивни и наследни фактори. На пример детето може да биде интровертно и тешко да воспоставува контакти со деца и возрасни, но е со силни емоции кои во значителна мера го отежнуваат процесот на адаптација. За разлика од овие има деца кои се темпераментни по карактер, екстравертни и воспоставуваат површни емоционални односи со личностите од непосредната околина и полесно се адаптираат. Но, сепак кога станува збор за тргнување во градинка, потребно е да се создаде атмосфера во која детето ќе се почувствува сигурно и прифатено од новите лица со кои ќе дојде во контакт.[6]

Адаптацијата на децата во детската градинка претставува задоволување на нивните основни потреби со можностите на новата средина. Овој процес зависи од тоа колку е средината приспособена и приспособлива на детската природа, достапна и богата со услови за активно учество, од една страна и од друга страна од индивидуалните својства на личноста која се приспособува – колку е екстравертна, интровертна, од нејзината „пластичност" и сл. Во институционални услови кога за децата се грижат повеќе луѓе, можно е да се разликуваат две ситуации. Во првата не постои централна личност која ќе ја замени мајката ,се појавува слаба интеракција меѓу детето и возрасниот кој се

[6] Ivic, I. i saradnici. . .(1983): *Vaspitanje dece ranog uzrasta*, Zavod za udzbenike i nastavna sredstva, Svjetlost, стр.23.

грижи за него. И втората ситуација се должи на фактот што се менуваат повеќе луѓе кои се грижат за детето, постои дисконтинуитет, т.е. не постои однос кој ќе го замени односот на детето и мајката и покрај тоа што се укажува доволно внимание од возрасни лица. И двете ситуации имаат различно влијание врз детскиот развој зависно од степенот на лишување или дисконтинуитет на мајчинската грижа. Намалената интеракција во двата случаи се должи на недостаток на време на возрасниот да се посвети на детето кое се адаптира на новата средина.[7]

Адаптацијата на децата во преучилишната институција ја отежнуваат и други проблеми. Одделени од семејната средина тие стапуваат во една нова средина за нив непозната и мораат да се приспособат на ритамот на живот кој честопати се разликува од оној во семејната средина. Статусот на детето се менува од „привилегирана положба" во еднакви на себе деца во колективот со кои може да соработува, но може да дојде и до судир на интереси, што бара нивно усогласување. Интеграцијата во групата ја отежнуваат следниве причини: презаштитеност од страна на семејството (нема иницијатива да игра со врсници), автократска структура на семејството (повлечено и плашливо дете), емоционално ладно семејство, недостиг на социјални контакти со врсници, негативен однос кон детската игра во семејството, долга болест на детето, појава на потешкотии при адаптација на нова средина на живеење (од село во град), тргнување на детето на крајот од предучилишната возраст во градинка, неразвиено чувство за сопствениот идентитет итн. [8]

Многубројните причини за отежната адаптација го објаснува фактот што децата во рана возраст кога ќе стапат во градинка се во состојба на стрес, и протестираат против промената на најразлични начини: одбиваат храна, имаат нарушен сон, појава на регресивно поведение, манифестирање на агресија кон другите и кон себеси, претерано емотивно приврзување за личноста која го чува детето или повлекување во себе. На децата од јаслена возраст, честопати

---

[7] Ainsworth, M.D.S. (1973), *Further Resedirch into the Adverse Effects of Maternal Deprivetion*, vo Boulby, str. 191-241.

[8] Basic, V. (1978), *Predskolska deca koja tesko ostvaruju socijalne kontakte,* Predskolsko dete, Beograd, br.3 str. 270.

им се потребни месеци да се адаптираат што зависи од многу услови на живот и работа во градинката, како и од подготвеноста на родителите да помогнат во процесот на адаптација на нивното дете. Една од задачите на детската градинка со која децата би ги надминале потешкотиите од излегувањето на семејното опкружување е да се воспостави социоемоционален однос со воспитувачот преку позитивна комуникација и да се вклучи во групата на своите врсници. Разните искуства покажуваат дека адаптивниот период може да се скрати во голема мера доколку се употребат соодветни адаптивни мерки: претходна посета на воспитувачот на детето во нивниот дом, еластично време на прием на деца во градинката, постепено продолжување на престојот во градинка, во почетокот за детето да се грижи само еден воспитувач.[9]

Првите денови поминати во градинка се решавачки за ставот кој го изградува детето за неа. Токму поради тоа треба да се избегнуваат сите можни конфликти и стресови. Колку се помали разликите во организацијата и ритамот на начинот на задоволување на потребите на детето дотолку повеќе преминот ќе предизвика помало нарушување во афективната сфера на детето. Се препорачуваат низа постапки со кои се олеснува адаптацијата и тоа: толеранција за носење на своите омилени играчки од дома, грижлив и одмерен однос на воспитувачот кој во секое време ќе ги теши децата кои најтешко го доживуваат одвојувањето од родителите.[10]

Тежината на процесот на адаптација во најголема мера се должи на емоционалната приврзаност на детето кон мајката, теорија во која најсепофатни согледувања се рефлектираат во учењето на Боулби т.н. „attachment". Според неговото сфаќање, детето е генетски предиспонирано да се поведува на начини кои ја унапредуваат близината и контактите со возрасните, пришто има определена важност за неговиот опстанок во природните услови. Блиските односи, кои детето по правило ги воспоставува со мајката се шират и на останатите членови на семејството, а со тоа побрзо се развиваат и со други луѓе со кои детето ќе дојде во контакт. Тој заклучил дека

---

[9] Kurth, E. (1985), *Vozmoznosti profilaktiki I psihogigieniceskoj korrekcii anomalij v razvitii licnosti,* str.158.
[10] Ramsey, M., Bayless, K., *Prvi dani u vrticu*, Predskolko dete, Beograd, 1983/3, 193-6.

детето воспоставува хиерархија во приврзаностите, во која на прво место е мајката, а доколку главната грижа ја води таткото детето покажува поголема приврзаност кон него. Истражувањата на Боулби покажале дека емоционалната приврзаност на децата е најголема на две години и девет месеци. Детето тогаш покажува вознемиреност кога ќе го остави мајката и покрај тоа што не мора долго да плаче, покажува во извесна мера неактивност и постојано го бара вниманието од воспитувачот. По третата година децата се повеќе подготвени да ги прифатат повремените отсуства на мајката и да играат со своите врсници. Тие се чувствуваат сигурни, ако се покрај позната личност која е препорачливо да ја познаваат преку мајката. Знаците на вознемиреност постепено се намалуваат кај детето на возраст од околу четири години. Понатаму детето се обраќа кон своите родители во моменти кога доживува непријатности со своите врсници, што значи дека емоционалната приврзаност е сè уште латентно присутна во целиот период на детството сè до адолесценцијата каде се пренесува на своите врсници и други луѓе, на одредени групи (работни, верски, политички, брачни и др.).Во подоцнежните години, емоционалната приврзаност се насочува кон помладите генерации, свои деца, внуци и е присутна од раѓањето до смртта.[11]

[11] Bowlby, J., Emocionalna vezanost kon coveka, *Predskolsko dete,* Beograd, 1976/1, 23-35.

## 2. ПЕДАГОШКИ АСПЕКТИ НА ПРОЦЕСОТ НА АДАПТАЦИЈА НА ДЕЦА ОД РАНА ВОЗРАСТ ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ

Поимот адаптација означува прилагодување на организмот на промените кон условите за живот во контекст на новонастаната ситуација. Прилагодувањето е можно благодарение на системот на адаптационите механизми кои ги поседува секој човек – физиолошки, биолошки, социјални и психолошки.

Процесот на адаптација претставува севкупност на реакции со кои индивидуата ја модифицира својата структура или своето однесување со единствена цел прилагодување на условите на одредена средина. Во оваа смисла адаптацијата е општа биолошка способност. Во општата патологија поимот адаптација се гледа како состојба од која произлегуваат многубројни болести како резултат од недоволната адаптација или прекумерна и неодмерена употреба на адаптационите механизми на еден организам како одговор на силна и опасна промена (стрес). Социјалната адаптација претставува прифаќање на барањата на општеството и насочување на својот личен однос према другите или према средината, без употреба на преголем напор. Во психопатологијата адаптацијата исклучително се набљудува од нејзиниот социјален аспект: секое психичко заболување или пореметување се изразува со делумно или целосно отстапување од социјалната адаптација.[12]

Адаптацијата на децата кон условите во детската градинка претставува прилагодување на новата средина во која детето се менува во склад со новите елементи. Степенот во кој детето може да се измени и прилагоди на новата средина и организација на живот во детската градинка зависи од многу фактори чие дејство меѓусебно се испреплетува, а кои може да се сведат во фактори кои произлегуваат од индивидуата на детето, фактори кои ги сочинуваат елементите на новата средина и семејството како фактор. Личноста и улогата на воспитувачот е од клучно значење за процесот на адаптација во детската градинка, а од особена важност е градинката како средина за развој и

[12] Pedagoski recnik, Instituta za pedagoska istrazivanja u Beogradu, 1967, Zavod za izdavanje udzbenika SR Srbije, str. 6.

учење, нејзината организацијата во овој период, микровоспитните влијанија, како и значењето на социоемоционалниот развој кај децата на рана возраст.

### 2.1. Фактори кои потекнуваат од детето

Одвојувањето од семејството е најголемата потешкотија со која се соочува детето при тргнувањето во градинка. По раѓањето детето е немоќно и зависно од социјалната средина во која расте. Примарната социјалност на детето има функција да му обезбеди опстанок, овозможувајќи му да воспостави контакт со личностите кои го негуваат. Афективното врзување е дел од системот на афективната комуникација на детето со возрасниот и со однесувањето, детето известува за своите афективни и мотивациски состојби за позитивен или негативен однос кон другите личности. Функцијата на афективното врзување не е само да му обезбеди на детето физичка заштита, туку да му овозможи непречен и правилен развој преку воспоставување комуникација т.е. интеракција со возрасниот. Детето бара близина кога е болно или загрозено, но исто така бара близина и кога сака да е безбедно или пак кога му се задоволени сите органски потреби, што укажува на тоа дека детската потреба за допир и контакт со луѓе е многу силна и самостојна потреба чие остварување на детето му дава задоволство.

*Афективната приврзаност* детето ја искажува преку тежнеење да се приближи кон возрасниот и изразување на задоволство кога е со него или изразува незадоволство, преку плачење или друг вид на протест кога возрасниот се одалечува. Афективното приврзување се јавува многу рано во детскиот живот и околу 6-7 месеци, а веќе во 9 месец почнува повеќе да се зајакнува. Афективната приврзаност има големо значење за неговиот целокупен развој и тоа емоционален, социјален, интелектуален и физички развој. На тоа укажуваат безброј факти дека децата кои во раното детство биле афективно лишени, кои растеле без љубов од своите родители и нежност, имале пречки во својот понатамошен развој. За афективната приврзаност поопширно во психолошките аспекти на адаптацијата подолу во текстот.

*Наследен фактор* кој се изразува преку карактерот и темпераментот на детето. Темпераментот го сочинуваат вродени разлики меѓу децата во емоциите, активностите и самоконтролирањето. Потеклото на темпераментот лежи во генетичките предиспозиции на личноста. Меѓу темпераментот и личноста не постојат јасни разграничувања, но сепак основната разлика меѓу нив е што цртите на темпераментот се примарно генетски, а цртите на личноста се примарно научени. Иако цртите на темпераментот се примарно генетски, тие се подложни на промени преку искуствено учење. Темпераментот на личноста се однесува само на афективните, активациските и содржините на вниманието. Тој е ограничен само на основните процеси на реакција и самоконтрола и затоа го означува само начинот на кој детето реагира на некоја ситуација.[13]

*Здравствена состојба* на детето е многу значајна. Физички напредно и здраво дете многу побрзо ќе се адаптира на новата средина, отколку она дете кое е болежливо, неотпорно и слабо. Во овој период родителите треба да внимаваат на здравјето на своите деца, бидејќи процесот на адаптација бара психофизичка издржливост на детето.

*Искуствата на детето* кое ги стекнало претходно во животот се многу значајни. Се смета дека полесно ќе се адаптира дете кое има позитивни искуства со други луѓе, кои воспоставиле силни социоемоционални врски со родителите и кои имаат силно чувство на сигурност како резултат на позитивна семејна средина, и дете кое во најраната социјализација се постапувало на правилен начин. Поволниот тек на прилагодувањето зависи од тоа дали детето потекнува од повеќечлено семејство, бидејќи се смета дека децата со повеќе браќа и сестри имаат повеќе искуства и социјални интеракции. Редоследот на раѓањето, исто така се смета дека поволно влијае кај деца кои се второ или третородени.

*Возраст на детето* – поради развојните карактеристики и степенот на психофизичката зрелост на децата на различна возраст реагираат на различни

[13] Шкариќ,М.О. (2009), *Психологија на детството и адолесценцијата (Развојна психологија 1)*, Филозофски факултет, Скопје, стр. 144.

начини кога ќе дојдат во градинка. Може да се воочат три етапи: првата етапа е до шестиот месец, кога детето сè уште нема изградени навики за однесување и не искажува страв од непознати личности. Децата на оваа возраст релативно брзо и лесно се адаптираат доколку се сместени во добри услови. Втората етапа е меѓу седмиот и осумнаесеттиот месец кога децата имаат одредени изградени навики на однесување и силни емоционални врски со семејството. Тогаш одвојувањето од својот дом го доживуваат како стрес, губење на чувството на сигурност и многу тешко се привикнуваат на новиот начин на живот. Третата етапа е над осумнаесет месеци кога децата полесно се вклопуваат во новата средина најмногу поради зголемената моќ за вербална комуникација и поради созревањето на нервниот систем можат полесно да се ослободат од стереотипното однесување и да се ориентираат на барањата на новата средина.

### 2.2. Фактор нова средина

*Нов простор* – при тргнувањето во градинка детето е принудено најголем дел од денот да го минува во новиот простор. Првото среќавање со просторот предизвикува страв кај детето од непознато, но тоа чувство на страв и несигурност исчезнува доколку родителот го внесе во занималната и му ги покаже играчките и мебелот. Ако просторот е уреден и пријатно наместен ќе биде привлечен за детето и тоа брзо ќе се навикне на новото опкружување.

*Непознати лица, деца и вработени во градинката* – во градинка детето престојува со негувателки и воспитувачи со други деца на кои дотогаш не било навикнато. За повеќето деца доаѓањето во градинка претставува прво подолго престојување со непознати деца и вклучување во детска група. Емоционалната комуникација има пресудна улога во детскиот развој. Почнувајќи од раното детство со појавата на првата „социјална насмевка", потоа појавата на лутина во 6 месец, тага и страв околу 9-14 месеци, појава на страв од одвојување. Доколку вознемиреноста при одвојувањето од родителите остане и по третата година тогаш може да биде знак за емоционално нарушување. Кога ќе се појават првите знаци на говор двонасочната комуникација е од особено значење за прилагодувањето.

*Поинаков дневен режим* – во градинка детето се среќава со нов дневен режим со поинаков временски распоред на хранење, сон и хигиена, како и вршење низа активности. Прилагодувањето на новиот дневен режим за некои деца е напорен, бидејќи подразбира целокупно менување на навиките и затоа честопати реагираат со промена на однесувањето и расположението. Затоа се препорачува флексибилен распоред на дневните активности кои пред сѐ би го следеле интересот на детето. Исто така не е препорачливо да се воведуваат брзи и нагли промени во дневниот режим, отпочнување со целодневен престој – спиење и сл.

*Нов начин на нега и воспитување* – со фактот што во градинката постојат други личности, а не неговите родители детето се соочува со поинаков начин на нега и воспитување. Детето не само што мора да се прилагоди на начинот на нега и воспитување кој го наложува градинката, туку мора да се прилагоди и на онолку варијанти колку што има и учителки во неговата група. Во овој контекст не е препорачливо учителките во групата постојано да се менуваат.

*Двојна нега и воспитување* – специфична карактеристика на новиот начин на живот за детето е што секој ден се враќа од институционалната на семејната нега и воспитување. Секојдневното менување на просторот во кој престојува, лицата кои го опкружуваат, дневниот режим, различниот начин на грижа, игрите кои ги практикуваат воспитувачите и сл. за детето претставува вложување на голем напор на прилагодување, отколку да се навикне на само еден начин на живеење. Двојната нега која се менува постојано делува на тоа, процесот на адаптација да не заврши во целост, туку да трае онолку долго колку што оди детето во градинка.

### 2.3. Семејството како фактор

*Воспитувањето во семејството* е природен процес, кој произлегува од целокупниот начин на живот во семејството, меѓусебните односи засновани на доверба и љубов. Детето најпрво се социјализира во семејството, а потоа

стекнува искуства во животот, за луѓето и нивните меѓучовечки односи. Тоа стекнува свест за самото себе, усвојувајќи и формирајќи одредени морални ставови, погледи и сфаќања за светот кој го опкружува. Секој родител му посакува на своето дете најдобро, но колку и да се труди околу подигнувањето и воспитувањето на детето и неговиот раст и развој, понекогаш можат да се случат некои недоследности во воспитувањето свесно или несвесно од страна на родителите. Во прилог на прилагодувањето во детските градинки во присуство на родителите постојат следниве фактори:

*Педагошка култура и едукација на семејството* – овој фактор ги објаснува мотивите на родителите кои се одлучиле своето дете да го вклучат во предучилишна институција. Тие најчесто тесно се поврзани со сфаќањата и убедувањата на родителите за улогата и значењето на детскиот развој и функцијата и значењето на детската градинка во развојот на детето. Постојат многу родители кои ја доживуваат градинката како „нужно зло", место каде децата се постојано болни, и се интересираат само за тоа дали детето е добро згрижено. Ниското ниво на педагошка едуцираност се должи на егзистенцијалната и општествената ангажираност на родителите, социо-културната нееднаквост на семејствата, индивидуалитетот и интегритетот на родителот, неизградените ставови за потребата од планско воспитно делување на детето, неизградена умешност во примена на педагошките сознанија. Во овој контекст се потврдува потребата на постоење на педагошко-психолошки советувалишта во градинките.

*Вработеноста на родителите* – придонесува недоволно ангажирање и учеството во организираните заеднички средби на родителите во градинката. Формите на соработка со родителите се разновидни и постојани, но мал број родители ги прифаќаат и учествуваат во нив. Комуникацијата меѓу родителите и воспитувачите е отежната и се појавува само тогаш кога ќе се појави некаков проблем.

*Искрен однос на родителите со воспитувачите* при приемот на децата во детската градинка – постојат типови на родители кои го уважуваат воспитувачот како втор родител, а други пак го доживуваат како своја

конкуренција поради сопствената несигурност во примената на воспитните постапки. Некои родители пак имаат повисоко образовно ниво и може да се повлечат во контактот со воспитно-згрижувачкиот кадар и да ги филтрираат информациите за детето. Постоењето на суетни родители е проблем кој создава голема непријатност кај искрениот однос на воспитувачот по однос на давање на информации за неговото дете. Таквиот родител слободно зборува само за оние информации кои смета дека треба да ги открие, а воспитувачот треба да внимава при поучувањето  и сугестиите да не го навреди родителот.

Тука може да се појават извесни несогласувања меѓу воспитувачот и родителите, а тоа се најчесто родители кои се несигурни – немаат јасно дефинирани цели и методи на воспитување на своето дете и не знаат како да се поправат. Стануваат преосетливи, селективно ги слушаат пренесените информации. Често пати родителите не ги познаваат обврските и должностите на воспитувачите и сметаат дека со воспитување треба да се почне од градинка, а не од дома и дека воспитувачот е тој кој треба да го научи детето на одредени манири, да го описмени и да го дисциплинира. Воспитувачот уште при приемот на новите деца треба да ги објасни своите ингеренции пред родителите. Постојат родители кои лично ги сфаќаат пораките од воспитувачите што се рефлектира во тоа што и најдобрата препорака на воспитувачот родителот можа да ја сфати како навреда и личен „атак" на начинот на семејното воспитување.

*Познавање на позитивната функција и значење на играта во интеракција родител дете* – вклучувањето на родителите во процесот на адаптација најмногу се должи на фактот што постојат многу родители кои не го сфаќаат значењето на заедничка игра и воопшто не учествуваат во играта на децата. Играта за децата е еднаква со работната ангажираност на возрасните. Таа е услов за правилен развој. Играта ги задоволува детските потреби за физички активности, кои позитивно влијаат на целокупниот развој на индивидуата. Непознавањето на детските потреби од страна на родителите може да предизвика многу непријатности во однесувањето на родителите кон своите деца како: претерана строгост која го прави детето невротично, плашливо,

лажливо, затворено, и да предизвика говорни нарушувања, амбиција која предизвикува инфериорност кај децата, слепа љубов кај родителот пришто кај детето предизвикува несамостојност и разгаленост.

*Вклучување на родителите во активностите на детската градинка* – непознавањето на детето и неговото различно реагирање во различни средини придонесува родителите и воспитувачите секој од свој аспект да се убедени дека нивните воспитни постапки се најисправни. Со вклучувањето на родителите во воспитно-образовниот процес се надминува дуализмот меѓу учесниците. На тој начин воспитувачите се запознаваат со семејните прилики на секое дете поединечно. Вклучувањето на родителите има своја психолошка заснованост во процесот на адаптацијата во детските градинки. Стравот од одвојувањето од родителите доколку навремено не се надмине, може да доведе до трајни последици кои се манифестираат како сепарациска анксиозност кај детето и во други животни ситуации. Сите психички моменти кои ги преживува детето ги преживува и родителот манифестиран како страв од непознавањето на животот на нивното дете во градинка. Заедничкото живеење на родителите и децата во детската градинка овозможува ослободување на чувството на недоверба кон воспитно-образовниот процес во градинката. Она што го прави воспитувачот компетентен во својата професија е токму способноста за комуникација. Во овој случај воспитно-згрижувачкиот кадар треба да му помогне на родителот во насока: да се почувствува сигурен дека неговото дете е добро во градинка, дека ја има најдобрата нега, дека добро ги прифаќа активностите, да се ослободи да прашува, да се советува со воспитувачот за психофизичкиот развој на детето, да е во тек со реализираните и планирани активности, да се интересира и партиципира во заедничките активности, предложува нови идеи и сл.

Како особено значаен фактор кој делува на адаптацијата на детето во градинката е *непотполното семејство* на детето (разведени родители, втор брак на едниот родител, смрт на едниот родител, живот во две семејства). Процесот на адаптација кај овие деца се одвива особено отежнато, бидејќи децата кои произлегуваат од овие семејства најчесто имаат последици од преживеани

трауми и секој обид на родителот за адаптирање во градинка најчесто завршува со последици по детето. Детската градинка во овој случај треба да ги интензивира разговорите со родителите и да преземе одредени мерки со кои ќе се овозможи да се врати стекнатото чувство на сигурност. Соработката со родителите се одвива многу отежнато бидејќи советите од стручни лица имаат повеќе ефект врз родителите доколку се побараат, а не и кога се наметнуваат.

*Родителски стилови на воспитување* како фактор за успешноста на процесот на адаптација - воспитните стилови на родителите се разликуваат по две димензии и тоа дали е интеракцијата исполнета со љубов или спротивно со непријателство. Во овој контекст се наведуваат неколу воспитни стилови:

- *Автократски воспитен стил* подразбира строга контрола и ограничување на децата од страна на родителите, како и прикривање на емоциите кон детето. Послушноста е доблест, а мерките на казна и сила на прво место. Децата на овие родители се најчесто совесни, послушни често депресивни со постојано чувство на вина;
- *Анархичен воспитен стил* – родителите се однесуваат афирмативно, ги прифаќаат и се благи кон детските импулси, нежни се, но поставуваат малку барања по однос на дисциплина и комуникација. Себе си се гледаат како извор на детето, но малку учествуваат во моделирањето на идните поведенија на децата. Ги сакаат децата, но им даваат преголема слобода во однесувањето. Нивните деца се најчесто несреќни без доволно самоконтрола и се емоционално незрели. Најчесто се зависни од возрасните и тогаш кога и тие ќе станат возрасни;
- *Демократски стил на воспитување* ги насочува детските активности на рационален начин и целисходно. Односите се засновани на реципрочност: родителите имаат високи барања, дисциплина и воедно љубов и прифаќање на детските желби и потреби. Родителите имаат одмерена доза на љубов, барања, дисциплина и комуникација. Користат позитивно поткрепување, кое е поефикасно за учење на

пожелните поведенија. Нивните деца се среќни, самоконтролирани омилени од врсниците, успешни и социоемоционално компетентни;

*Социјалната положба на семејството* е значаен фактор кој делува на адаптацијата на детето кон условите во детската градинка. Често пати се забележува недостаток на мотивација за соработка со градинката кај семејства кои се со понизок социјален статус, или пак родителите кои се со повисок социјален статус се наметнуваат на воспитувачот со своите сознанија за воспитно-образовниот процес, не согледувајќи ја тековната потреба на детето за прилагодување кон условите во детската градинка.

*Редоследот на раѓањето на децата* – игра важна улога во процесот на адаптација на децата. Прворoдените деца најчесто имаат неискусни родители кои посветуваат најмногу внимание на грижата и негата на детето. Често пати преголемата грижливост доведува до одреден степен на зависност од родителите кој ја отежнува адаптацијата на децата во градинка. Тоа поретко се случува со второ или третородените деца во семејството. Во суштина тие се поадаптибилни, бидејќи родителската грижа е распоредена на повеќе деца.

## 2.4. Значајни фактори за процесот на адаптација

*Степенот на усогласеност на воспитните постапки и начинот на живот дома и во градинка* – детето кое во семејството е негувано и воспитувано на сличен начин како во градинката, полесно ќе се адаптира во новата средина. Еден од важните принципи која ги дефинира педагогијата е принципот на *единствено делување*. Со взаемно преплетување на воспитните постапки родителите и воспитувачите ги надминуваат разликите во воспитувањето и поставуваат единствена цел на делување врз детската личност која ја сметаат дека е пожелна. Заемното усогласување на воспитните постапки меѓу родителите и воспитувачите е можно само ако постои „добра волја" и свест за значењето на заедничкото воспитно делување врз децата и да вложат заеднички напори, подобро да се запознаат меѓу себе и подобро да го запознаат детето градејќи искрен однос, базиран на доверба.

*Подготовка на децата за тргнување во градинка* – која треба да започне порано пред тргнувањето во градинка, а со тоа ќе се овозможи запознавање со учителките во групата, навикнување на дневниот распоред на активностите, навикнување да спие само, да се храни здраво, да се усогласат навиките за нега и воспитување, да не се носи во раце и сл. подготовката на децата за тргнување во градинка треба да се врши исклучително во соработка со градинката и тоа преку педагошко-психолошкото советувалиште за родители, кое досега не профункционира во предучилишната практика. Тоа се должи на отвореноста или повеќе на „затвореноста" на детските градинки во Македонија за кое ќе стане збор подолу во текстот.

*Степенот на интеракциска комуникација на детето со возрасни личности.* Научните сознанија говорат за потребите на секое дете од интеракција со непосредната околина. Во развојот на детето покрај потребата од комуникација со објектите, постои потреба од конструктивна комуникација со врсниците и со возрасните. Адаптацијата ќе биде успешна доколку воспитувачите гледаат на детето како партнер, активен субјект во воспитно-образовниот процес. Кога се зборува за природата на интеракцијата се подразбира степен на взаемни односи меѓу воспитувачот и детето или подеднакви учесници во интеракцијата. Овој фактор е од клучно значење за прилагодувањето на детето.

*Степенот на заемни односи меѓу детето и возрасниот* се смета за општо обележје на успешен развој, односно успешна социјализација. Бидејќи социјализацијата се дефинира како воспоставување на рамнотежа, нејзината успешност се одликува со воспоставување на односи меѓу возрасниот и детето. Воспоставување на рамнотежа на односите е резултат на учењето. Воведувањето на комуникацијата во воспоставувањето на рамнотежа на интеракциските односи, ја истакнува говорната слобода на детето преку која стекнува поим за себе наместо научена интеракција. По мислењето на Лоренцер „Ситуациите на усогласување воведување на комуникацијата и стекнување на комуникативни способности е етапа на социјализацијата која се стекнува по пат на интеракција возрасен – дете."[14] Воспоставувањето на

[14] Lorencer, A., (1984), *Teorija na socijalizacija*, Nolit, Beograd, str.18.

рамнотежа може да се согледа врз основа на степенот на вклученост на партнерот во интеракцијата, т.е. дали нивната интеракција вклучува заедничка активност во целост, делумно или воопшто не вклучува никаква активност. Во контекст на изнесеното постои следнава скала на природата на интеракцијата:

1. Одвојување – неинтерактивна природа во која не постои ниту минимално воспоставување на рамнотежа, тоа се одвоени активности во кои не постои учество на партнерите во комуникацијата;
2. Псевдо-интеракција – е едносмерна во релација од возрасниот кон детето;
3. Коприсуство – одвоени активности на возрасниот и детето во кои партнерите сепак водат сметка еден за друг;
4. Усогласена интеракција во која постои поголема интерактивност, но не се сите активности заеднички;
5. Внимание, разговор, поврзана реакција – во која постои интерактивност, вистински разговор меѓу возрасниот и детето, активно учество на двата партнера во интеракцијата и постои прифаќање на иницијатива од детето.

Покрај степенот на взаемни односи треба да се внимава на интеракцијата во контекст на институција која е од недијаден тип, поточно вклучени се повеќе учесници деца во групата и возрасни, за разлика од семејството, мајка – дете.[15]

*Начин на прием на нови деца во градинка* – е фактор кој може многу поволно да влијае на процесот на адаптација кај децата од рана возраст, доколку постепено се воведуваат во институционалната форма на живот во присуство на своите родители т.н. *сукцесивна адаптација*. Сукцесивна адаптација подразбира постепено вклучување на децата во групата, со цел да се избегне нагло отпочнување со процесот на адаптација кај сите нови деца. Воспитувачот постепено се посветува на неколку деца организирано во часови или во денови. Пожелно е воспитувачот да направи план колку деца ќе се

[15] Colic, V., (2006), *Priroda interakcije izmedu odraslog I deteta u djecjim jaslicama,* Predskolsko vaspitanje I obrazovanje, br. 9-10, str. 780-791.

адаптираат во следниот месец. На тој начин ќе се избегне вознемирување кај децата кои се веќе во групата. Процесот на адаптација може да се планира во две помали групи во текот на два месеци.

## 2.5. Основни типови на адаптација

Од моментот кога се раѓа детето во својот живот започнува со низа на одвојувања. Секоја развојна фаза подразбира некој вид на одвојување (хранење со цврста храна и одвојување од доење,ползење, одење). Првиот ден во детската градинка претставува процес на одвојување од родителите, пред сè од мајката. Децата реагираат бурно, возбудени се, манифестираат разни видови на протест како плачење, агресивност, тагување, автоагресивност, одбиваат храна, не сакаат да спијат, манифестираат однесување типично за периодот кога биле помали и сл. Највисок степен на овие состојби детето доживува на возраст од 6 месеци до три години. Тогаш децата чувствуваат сепарациска анксиозност позната како страв од одвојување од родителите. Процесот на прилагодување е индивидуален, т.е. специфичен и различен за секое дете. Тој зависи од детскиот темперамент, искуството на детето, ставот на родителите за детската градинка како и од ставот на воспитувачите и негувателките во детската градинка. Без оглед на низата фактори од кои зависи процесот на адаптација секое дете кога ќе се најде во нова и непозната средина му треба време да се запознае со лицата кои се грижат за него за да се прилагоди.

Лесна адаптација се карактеризира со краткотрајно лошо расположение кај детето, пореметување на сонот или апетитот појава на респираторни инфекции (промена на емотивната сосотојба). Промените во однесувањето во текот на првиот месец се нормализираат.

Средна адаптација се карактеризира со сите претходно наведени состојби, но децата дополнително манифестираат отпор кон воспоставување на комуникација со воспитувачот и негувателката како и кон децата. Кај децата со среден тип на адаптација се забележува отсуство поради болест која трае 7-10 денови. Сите промени може да продолжат во текот на два месеци.

Тешката адаптација трае подолго до неколку месеци. Се карактеризира со долготрајно изменето однесување. Се забележува често отсуство поради болест на детето. Овие ситуации бараат од градинката соработка со семејството од страна на повеќе стручни лица педагог, психолог, педијатар, за да се изврши проценка дали детето треба и понатаму да се изложува на многубројните стресни ситуации или пак да се пронајдат начини каква помош може да се понуди на семејството.

Класификацијата на однесувањето во процесот на адаптација е следнава:[16]

| СИПМТОМИ | ПРИЛАГОДУВАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|---|
| | лесно | средно-тешко | тешко 1 | тешко 2 |
| Нормализација на однесувањето (апетит, сон, негативни емоции, однос со возрасни и деца страв од просторот, говор) | Трае до 10-20 денови. | Трае до 20-40 денови | До 60 денови | Повеќе од 60 денови. |
| Нервен и психички развој | Нема промена | Успорување на развојот во текот од 1-2 месеци | Воочливо успорување на развојот и во темпото на развојот од 3-6 месеци | Невротични реакции |
| Симптоми на тешко заболување во првите денови | Десет дена – без несакани појави или без отсуства за болест. | Десет дена – симптомите може да се усложнат и да се повторуваат | Повеќе од десет дена - симптомите се повторуваат или продолжуваат со компликациите. | |
| Телесна висина и тежина | Нема промени | Губење на тежина во рок од 30-40 дена | Забавено темпо на развој при редовна проверка на 6 месеци. | |

Лесно прилагодување имаат здрави деца, со соодветен физички и нервно-психички развој, со оптимални услови во семејството и кои имаат нормално афективно приврзување за една или повеќе личности.

---

[16] Jampoljskaja, R.,V., (1981), *Osnove medicinskih znanja*, Moskva, str.122.

Средно – тешко прилагодување се јавува кај деца кои тргнуваат во градинка со навршени 10-15 месеци, здрави, живеат во целосни семејства, но во воспитувањето постоеле некои несоодветни постапки.

Тешкото прилагодување се јавува кај децата постари од 18 месеци. Тие имаат поголеми проблеми со здравјето или во процесот на афективното приврзување, постои паничен страв од одвојување.

Процесот на адаптација во детските градинки бара извесни отстапки од правилата истакнати во куќниот ред, редоследот и распоредот на активностите:

- детето не треба да се штити од процесот на одвојување, туку сите учесници да се насочат во правец на тоа детето да не пати повеќе од она што може да го поднесе;
- во групата да се примаат помалку деца кои доаѓаат на адаптација т.е. воведување на сукцесивна адаптација;
- времето на престојот постепено да се зголемува следејќи го темпото на детето;
- почитување на некои навики кои детето ги носи од дома, лулање, играчки, цуцла, шише и сл;
- сите нови активности потребно е да се воведуваат постепено и да се забележува секоја реакција на детето индивидуално. Во случај на тешка адаптација препорачливо е да се прекине со процесот на адаптација.
- во овој период децата не треба да се вакцинираат, сè со цел да се избегне моментот на манифестации на организмот под влијание на вакцинирањето. Ова се истакнува поради тоа да не дојде до прекин на процесот на адаптација поради влошена здравствена состојба.

## 3. ДЕТСКАТА ГРАДИНКА – СРЕДИНА ЗА РАЗВОЈ И УЧЕЊЕ

Детската градинка претставува институционализирана форма на организирано, планско и насочено воспитно-образовно делување врз детето до шест годишна возраст. За разлика од другите фактори кои делуваат на малото дете таа делува плански, намерно и организирано. Со насочувањето на интерперсоналните односи во неа и правилното вклучување на децата во колективот (незапоставувајќи го нивниот индивидуалитет) овозможува позитивно комуницирање со околината и поставува основа за развој на индивидуалитетот од една страна и социјализацијата на децата од друга страна.[17]

Со правилно планирање и реализирање на активностите особено игровните активности, се овозможува да се развијат кај децата различни особини и карактеристики. Различните сознанија кои децата ги стекнуваат, овозможува подготвеност на децата за тргнување на училиште.

Функцијата на детската градинка е следнава:

- да обезбедува сигурна средина во која детето ќе може да го унапредува своето физичко и ментално здравје;
- да обезбедува разновидни контакти со врсниците, возрасните и поинакви воспитни модели;
- да го дополнува и збогатува семејното воспитание;
- превентивно и компензаторски да делува и да ги ублажува културните, образовните и здравствените разлики.

Планирањето и организацијата на детската градинка како средина за развој и учење е важен фактор во воспитно-образовната работа, која го одредува квалитетот на живеење на децата во неа. Со опременоста на ентериерот и екстериерот се создаваат оптимални услови за реализација на нејзината основна дејност. Средината во која децата престојуваат треба да биде безбедна, поттикнувачка и соодветна на детските интересирања и

---

[17] Котева, Т., (1996), *Детето – рамноправен партнер и субјект во воспитанието и образованието*, Скопје, стр. 31.

потреби. Детската градинка е место кое треба да биде отворено за родителите и за сите личности кои им обезбедуваат на децата среќно детство. Покрај почитувањето на принципите на воспитно-образовното влијание врз децата, во детските градинки се реализира педагошко-психолошкиот приод за што е одговорна психо-педагошката служба, составена од педагог, психолог, социјален работник, лекар, логопед, дефектолог. Доколку во детската градинка нема вработени лица од наведените профили, таа соработува со институции од овој карактер.

Детската градинка е средина во која се организираат разни дружења, собирања, манифестации, приредби во кои учествуваат деца на различна возраст, родители и други возрасни. Секој простор кој е нов за децата во градинката или надвор од неа, претставува нова поттикнувачка средина за учење и развој од кои произлегуваат нови интересирања и мотивации. Промената на средината кај децата предизвикува развивање на самостојност, самопочитување, самодоверба, поголема мотивираност, ја развива потребата за снаоѓање и ориентација.

Новата средина предизвикува кај детето кое се адаптира страв од непознатото, но по кратко време во зависност од соодветните воспитни влијанија на родителите и воспитувачите, кај детето се појавуваат сите претходно наведени пориви и интересирања за нови сознанија. Средината на детската градинка во ниту еден случај не може да се поистовети со домашната средина без разлика кој ја уредува, баба, дедо, приватни учителки и сл. Можноста на детето да се дружи со своите врсници и да се социјализира, усвојува правила на однесување на групата, а притоа да го развива својот индивидуалитет под намерно влијание на воспитно-згрижувачкиот кадар преку реализација на низа активности, е момент кој ниту една средина не го овозможува како детската градинка.

Проблемите кои постојат меѓу родителите и градинката по однос на периодот на адаптација најмногу се должи на сфаќањето на „отвореноста " на градинката и воспитниот кадар за родителите. Детската градинка и родителите се чинители кои најдолго дејствуваат на детето и затоа комуникацијата меѓу

нив е неизбежна. Детската градинка претпоставува овозможување на услови за вклучување на родителите во сите процеси во неа. На овој начин градинката им овозможува на родителите запознавање со научните цели и ставови за воспитанието на личноста. Врз основа на тоа родителите изградуваат позитивен став за институционализираното предучилишно воспитание и образование. Постојат низа форми кои го верифицираат учеството на родителите во детската градинка. Учеството во активностите од страна на родителите во ниту еден случај не смее да биде стихијно, туку да се планира и организира секое дејствување преку разновидни форми на соработка и тоа: индивидуални разговори, отворени денови на градинката, писмена комуникација, родителски состаноци, вклучување на родителите во непосредната реализација на дневните активности, приредби и прослави, посета на детските семејства, колегиум за педагошко информирање на родителите.

Факторот кој го отежнува процесот на адаптација е поврзан со „економските ефекти" (кои се крајно непедагошки), а се однесуваат на прекумерната бројност на децата во групите. Оваа „економска исплатливост" е сосема неефикасна за следење на детскиот развој како и за индивидуален пристап кон децата.

Значаен фактор за успешна адаптација на децата во детската градинка е методичката подготвеност на негувателките, за да учествуваат како рамноправни партнери во процесот на адаптацијата. Потребата од актуелизирање на ова прашање се должи на појавата на надреден однос на воспитувачот во поглед на негувателката. Исклучувањето на негувателката од учеството во сите активности поврзани со родителите, го смалува чувството на вредност на негувателката и ограничување само во згрижувачкиот дел кој се однесува само на негата на детето. Воспитувачот и негувателката во овој случај се фигури кои детето ги перципира подеднакво. За детето не е важно кој е кој во групата туку е важна насмевката и подеднаквото учество во неговиот развој. Негувателките во овој поглед мора да бидат подготвени за слободно

комуницирање со родителите за сите потребни работи од педагошки и психолошки аспект поврзани со периодот на адаптацијата.

Процесот на адаптација е момент за кој е потребна психичка подготвеност на родителите во контекст на прифаќање на сите можности кои ги нуди детската градинка. Постојат многу родители кои децата ги запишуваат во градинка од различни причини, но сè повеќе родители ја сфаќаат градинката како институција која пред сè извршува воспитно-образовна дејност, а потоа згрижувачка. Родителите кои своите деца ги запишуваат на помала возраст сметаат дека згрижувачката дејност треба да биде зголемена, а кај постарите воспитно-образовната компонента е одлучувачка во нивниот развој на социјализација. Поради зголемената работна ангажираност на родителите најчесто немаат време да учествуваат во секојдневните активности кои ги организира градинката во интерес на заедничка соработка со родителите. Смалениот степен на интеракција меѓу детето и родителите се рефлектира и во градинката, поради тоа некои родители сметаат дека градинката е „виновна" за неуспехот на прилагодување на нивните деца. Кај оние родители кои се секогаш расположени за соработка и кои ја сфаќаат функцијата на градинката, се забележува поуспешна и побрза адаптација на нивните деца. Исто така прекумерното истакнување на потребите на детето придонесува процесот на адаптација да се одвива отежнато. Несогласените воспитни ставови меѓу двајцата родители и недоследната примена на заеднички воспитни постапки го отежнуваат одвојувањето од родителите, а чувството на сигурност кај малото дете е целосно разнишано.

Една од недоследностите која придонесува за минимализирање на основната воспитно-образовна фунција на детската градинка е погрешниот општествен статус и третман на детските градинки. Тие се сфатени како установи за социјална грижа и за опфат на деца за родители кои се работно ангажирани. Социјално-заштитната фунција станува примарна во однос на вистинската воспитно-образовна. Министерството за труд и социјална работа во 2009 година донесе „Стандарди за ран детски развој" со чие имплементирање во воспитно-образовната практика во градинките нема да се

наруши развојниот континуитет на детето. А со тоа и воспитно-згрижувачкиот кадар подеднакво би приоѓал во разрешувањето на многубројните дилеми и проблеми кои се појавуваат во тријадната врска дете, родител, учител.

## 3.1. Организација на детската градинка во периодот на адаптација

Организацијата на детските градинки во периодот на адаптација, функционира затворено во однос на воспоставување на отворени односи базирани на доверба меѓу воспитно-згрижувачкиот кадар и родителите. Анализирајќи го просецот на адаптација се забележува голема неусогласеност на воспитните постапки меѓу учесниците, недоволна информираност на родителите за тоа што се случува во градинката во овој период, како и недоволна педагошка наобразба на родителите за периодот на одвојување на нивните деца. Проблемот постои и се должи на нефункционирањето на психо-педагошката служба во периодот пред отпочнувањето на адаптацијата. Родителите немаат можност претходно да се информираат за претстојните активности кои градинката ги организира како би го олеснила процесот на адаптација на децата од рана возраст. Подигнувањето на педагошката култура на родителите се организира преку психо-педагошките советувалишта. Според законот за заштита на деца, во член 50 се вели дека: „Во состав на детската градинка може да се формира советувалиште за деца и родители како служба во состав на јавна установа за деца."[18]

Организирањето на психо-педагошки советувалишта се зацртани во „Нацрт – програма за развој на предучилишното воспитание и образование" – 2005 г", но нивната реализација сè уште не заживеа во реален контекст. Она што единствено се прави во прилог на овој период е известувања за формирани воспитни групи преку огласни табли, печатење на летоци, и индивидуални разговори со воспитувачите во групите во кои ќе престојува детето кое се адаптира.

---

[18] http://www.mlrc.org.mk/ "Службен весник на Република Македонија" br.98/2000 od 23 noemvri 2000 godina, (03.03.2010).

Она што е од исклучителна важноста за овој период е што повеќето воспитувачи се во голема мера вознемирени поради наглото отпочнување со адаптација на повеќе деца во групата и поради неможноста подобро да се запознаат со семејните прилики и воспитните ставови на родителите. Соодветно на тоа не можат да одговорат на барањата на родителите во специфичниот индивидуален пристап кон децата. Кога станува збор за соработка со семејствата на децата кои се адаптираат многу мал број на воспитувачи се изјасниле дека би организирале домашна посета на семејството. Оваа форма на соработка со семејството е воедно најсложена, а воспитувачите се малку запознаени со значењето на истата или воопшто не постои интерес за ваков вид на соработка. Тоа се должни пред сè на сфаќањето на повеќе воспитувачи дека е непристојно да се „мешаат" во семејствата, наместо да се сфати како „интервенција" на време да се реагира и подготви семејството за промената која ги очекува. Оваа форма на соработка воопшто не се реализира во досегашните услови, бидејќи е пресериозна во подготовката и изведувањето. Родителските состаноци кои се организираат еднаш годишно не оставаат простор да се запознаат родителите со процесот на адаптацијата, ниту воспитувачите да се запознаат со секое дете поединечно.

За да се надминат овие пропусти, истражувањето во практичниот дел е насочено токму кон надминување на постоечкиот проблем, т.е. согледување на ефектите од активно вклучување на родителите во процесот на адаптација. Со воведувањето на родителите како активни учесници во процесот на адаптација на своите деца се очекува дел од овие проблеми да се намалат, а со тоа да се скрати времетраењето на овој процес. Организацијата на детската градинка треба да практикува сукцесивна адаптација која подразбира постепено вклучување на нови деца во групата. Во првата недела децата престојуваат со своите родители на еден час или два, втората недела децата престојуваат со своите родители во полудневен престој каде заеднички со воспитувачот и родителите реализираат заеднички активности однапред планирани. Во третата недела децата присуствуваат на неколку часа сами без родителите, за

да во четвртата недела се очекува да се започне со целодневен престој во градинка.

Периодот на адаптација ги ослободува воспитувачите од дневна педагошка евиденција во дневниците на реализираните активности, иако е однапред планирана. Реализираните активности во периодот на адаптацијата се забележуваат во месечната анализа за месец септември, но непостојат забележувања за напредокот или појавата на проблеми на секое дете индивидуално кое поминало низ периодот на адаптација. Секој воспитувач треба да испланира однапред какви игри и игровни активности ќе реализира во контекст на подобрување на социоемоционалните односи во групата. Кај новите деца и децата кои се веќе во групата им треба време да се запознаат меѓусебно, а во таа насока и воспитувачот треба да ги поттикнува со заедничко учество во игра.

### 3.2. Личноста и улогата на воспитувачот во процесот на адаптација во детските градинки

Воспитувачот е „модел за професионалец" за воспитание на предучилишните деца. Неговата личност целосно го персонифицира воспитно-образовниот курикулум и стратегии од кои се поттикнува растот, развојот, воспитанието и образованието на детето. Неговата работа се базира на научни парадигми до кои дошле многу науки, кои научно и ненаучно го проучуваат биолошкиот, социјалниот, емоционалниот, медицинскиот и педагошкиот развој на детето. Воспитувачот е отворен персонален модел кој своето делување го базира на биосоцијалните, социоемоционалните и едукативно-креаторски потреби на децата (но и на родителите), како резултат на реалниот курикулум (оној кој се реализира).

Воспитувачот во самиот процес на адаптација кај децата од рана возраст има клучна улога. Тој е мост преку кој детето треба да стекне првични сознанија за општествениот живот. Воспитувачот партиципира, антиципира, дава и зема. Неговот „давање" се рефлектира во импулсите, поттиците, моделирањето, координирањето, мотивирањето, а „земањето" се огледува во

сознанијата до кои доаѓа преку набљудување на активностите и однесувањата на децата, ги индентификува нивните потреби и развојни степени на кои децата се наоѓаат или треба да дојдат. Тој е „отворена" и творечка стручна личност со особено креативни ставови и доверба во способностите на децата. Покрај одредени правила и принципи на воспитно-образовната работа секој воспитувач има своја „имплицитна педагогија" врз основа на која делува врз детето. Особено е важно да ги применува основните принципи на менталната хигиена и на тој начин да му помогне на детето да создаде конструктивни ставови, а со тоа да ја спречи појавата на ментални пореметувања настанати поради незадоволената потреба и детската компензација.

Воспитувачот треба да биде длабоко чувствителна и емпатична личност со јасно изразени алтруистички ставови. Својата смисла на работата да ја гледа во заедничката работа со децата, преку ненамерни поттикнувања. Успехот на воспитувачот се должи на следниве чинители: интересирање и љубов кон својата професија, интелегенција и општа култура, набљудувачки дух, познавање на психологијата на детето, целите и методите на воспитно-образовната работа, поседување на педагошки такт и емоционална стабилност која зазема најважно место.

Децата пак, на воспитувачот во првите моменти на запознавањето гледаат како на сосема непозната личност која дотогаш не била во нивното семејно опкружување. Воспитувачот се пронаоѓа во три улоги кога воспоставува контакт со детето.

- ВОСПИТУВАЧ како АВТОРИТЕТ – кој секогаш е поврзан со влијание, углед, надмоќност (духовна, правна, морална), признаена големина на која уште родителите ги подучуваат своите деца пред да појдат во градинка. Ненамерно, тие создаваат отпор на сè уште неотпочнат процес на прилагодување. Воспитувачот особено треба да внимава на воспоставување на авторитет при запознавање со децата и родителите. Позитивниот авторитет се засновува на добро познавање на себе си, добро познавање на децата, јасно дефинирана цел што се сака да се постигне со децата, цврсто држење до самоорганизација, поставените методи, правила и граници на комуникацијата, верба во

исправноста на постапките на воспитувачот кои ги презема, како и доследност во спроведувањето, самопочитувањето и почитувањето на вредности кои се рефлектираат врз децата и создаваат чувство на сигурност, кое е особено значајно за предучилишното дете, а со тоа понатаму ќе ги почитуваат возрасните и групата. Својот авторитет во групата воспитувачот го воспоставува на разни начини. Неговата типологија зависи од тоа како се распределени правата и должностите меѓу воспитувачот и децата: во авторитарниот тип на воспитување децата имаат само должности, во анархичниот децата имаат само права, додека во демократскиот постои рамнотежа меѓу правата и должностите кои се подеднакво распределени, што значи дека децата и воспитувачите се партнери во воспитно-образовниот процес.

- ВОСПИТУВАЧ како РОДИТЕЛ – е изразена преку љубовта составена од четири компоненти:

- грижа кон некого или нешто која се дефинира како заинтересираност за раст и развој на она што се сака и за што се вложува напор;

- познавање на себе си како воспитувач, но поседување на пошироко знаење за развојот на децата;

- одговорност како доброволен чин, како одговор на потребите на детето назависно дали детето ги искажува или не;

- почитување, способност и заинтересираност на воспитувачот за детето по пат на увидување на неговата единственост и индивидуалност.

Од личноста на воспитувачот најмногу зависи спонтаноста и прилагодливоста на ритамот на живеење во детската градинка, како и целата позитивна атмосфера во неа. Предвидените содржини и распоредот на активности треба да бидат богат извор за стекнување нови искуства и развојни поттикнувања за децата. Доколку истите активности предизвикаат отпор, недоразбирања, конфликти кај децата одговорноста се бара само во однесувањето на воспитувачот. Детето во оваа ситуација на прилагодување

мора да почувствува дека воспитувачот е негов партнер дека ги разбира неговите стравови, дека нешто му значи. Треба да биде личност која секогаш е подготвена да возврати со позитивни емоции, да се насмевне во тешки ситуации за детето, да го погали, прегрне, утеши. Уште од првиот ден на престој во детската градинка воспитувачот треба да работи на воспоставување на позитивен богат и содржински емоционален однос со детето, кој ќе биде пријателски настроен, ќе го смета како активен учесник и негов соработник во процесот на прилагодување. Дури и во случаи кога се работи за тешко прилагодливо дете, воспитувачот никогаш не смее да го пренесува тоа како свој неуспех, да искажува горчина, или да го лишува детето од пријателските односи. Определениот отпор кој детето го дава кон воспитувачките барања се должи на тоа што детето не е пасивен објект кој се прилагодува кон сите негови барања. На детето му е потребно самопотврдување како и ситуации во кои се докажува дека се разликува од другите, по тоа што не сака некое јадење, сака повторно да слушне некоја приказна, во момент се чувствува уморно, му е досадно, ја прекинува играта на другите деца, има различни желби и мислења, но и кога е потребно да го спроведе барањето до крајна точка на вриење. Детето не смее да се почувствува помалку прифатено во групата поради своите различни барања или затоа што искажува определени разлики од другите деца. Природноста на односите во овој случај е решавачка. Секоја пренагласеност, извештаченост на однесувањето на воспитувачот, суштински го оневозможува воспоставувањето на искрен, отворен и природен однос каков што треба да биде помеѓу возрасен и дете. Воспитувачот во овој случај постапува слично како и родителот – ако сака позитивна слика на детето тој самиот треба да биде позитивен пример за него.

Последната улога на воспитувачот е ВОСПИТУВАЧ како УЧИТЕЛ – оваа улога на воспитувачот се согледува во тоа што процесот на учење кај децата на рана возраст треба да е креативен и интересен прилагоден кон возраста. Секоја информација која детето ќе ја слушне треба да предизвика позитивни чувства, смеа, изненадување, максимално вклучувајќи ја нивната перцепција. Во тој случај зборовите се поврзуваат со секојдневниот живот. Колку е значајна

невербалната комуникација толку повеќе се придава значење на вербалната комуникација, со таа разлика што воспитувачите треба да го развијат правилниот говор кај децата преку постојана комуникација на релација воспитувач - дете, децата да се поттикнуваат да комуницираат меѓусебно, да поставуваат прашања, да ја намалуваат срамежливоста, да ја јакнат самодовербата. Сите овие активности се поврзани со поттикнување на чувството на сигурност кај децата. Воспитувачот кој сочувствува со децата успешно го инсталира внатрешниот стандард во детето на појава на чувството за себе.

### *3.2.1. Улогата на негувателката во процесот на адаптација на деца од рана возраст*

Воспоставувањето на емоционален контакт со детето и негувателката е исто толку значаен и важен како и воспоставувањето на контакт со воспитувачот. Досегашната практика покажува низа недоследности во пристапот на негувателката кон детето. Но, со соодветна педагошка наобразба овој постоечки јаз се намалува во значителна мера. Од денешен аспект сè повеќе се настојува образованието на негувателката да биде соодветно на извршувањето на дејноста. Тоа подразбира негувателката да поседува знаења за менталната хигиена на детето, основни знаења за принципите на воспитно-образовната работа во детските градинки, како и познавања на законитостите на детскиот развој. Со воведувањето на психолошките тестови и тестовите за интегритет во новите законски регулативи, се избегнува еден доста значаен момент со кој практичарите се соочуваат во праксата, а тоа е дека не секој може да работи со деца и не секоја личност може да работи на ова работно место. Грижата и негата која треба да биде примарна дејност за негувателката бара познавања и од медицината. Во својата личност таа треба да инкорпорира општи знаења од сите области, да биде личност исполнета со емпатија и алтруизам. Партнерските односи со воспитувачот треба да бидат на високо ниво и да не постои реска граница меѓу активностите и задолженијата на воспитувачот и негувателката. Таа треба да биде помошник асистент на воспитувачот. Во тој

поглед голем дел од воспитувачите имаат позитивен став дека профилот негувателка треба да биде повеќе оспособен во методички поглед.

### 3.3. Социоемоционален развој на децата од рана возраст

Социјалниот развој на детето на рана возраст подразбира стекнување на зрелост во социјалните односи кои се остваруваат преку процесот на учење во тежнеењето личноста да се прилагоди на групните стандарди, а се одвива низ процесот на социјализација на децата која претставува значајна фаза во нивниот развој. Дали детето правилно социјално ќе се развива зависи од социјалната средина во која живее. Социјалното однесување започнува многу рано во детскиот живот во моментот кога бебето ќе ја совлада способноста да ги разликува лицата од предметите и да го манифестира своето задоволство во присуство на други лица, или преку незадоволство доколку остане само. Првите форми на социјално однесување се поврзани со имитација, појава на страв и недоверба према непознати личности, појава на ривалство према други деца како и социјална кооперација со возрасните. Во периодот од втората до шестата година детето почнува да се прилагодува кон другите и со врсниците да учествува во заедничките активности. Важна улога има социјалното искуство, а како агенс за социјализација е семејството кое игра најважна улога во формирањето на детската личност. Поволната емоционална клима, интересот и разбирањето на детските потреби, проблеми и желби го поттикнува социјалниот развој во позитивна насока. Потребата за дружење во раниот детски развој треба да се поддржува и поттикнува. Самите родители треба да бидат позитивен пример за своите деца и да им покажат дека треба да се дружат со своите пријатели. Социјалните искуства стекнати во семејството се од особено значење во подоцнежните прилагодувања во различни средини. Децата по пат на учење стекнуваат социјални ставови (флексибилни или ригидни), кои може да помогнат или да ја отежнат интеграцијата во групата или во пошироката средина. Формирањето на прифатливи социјални ставови се од големо значење, бидејќи може да доведат до потешкотии во подоцнежниот детски развој.

Според Олга М. Шкариќ „Емоциите играат голема улога во животот на секое дете и се поврзани со сите аспекти на неговиот развој. Емоцијата е стремеж или подготвеност на индивидуата да воспостави, да ја одржи, или да ја промени врската со другите во зависност од значењето што го има за неа, одредена промена во случувањата."[19] Емоциите различно се манифестираат во текот на детскиот развој. Емоционалниот развој се одвива под влијание на созревањето и учењето. Додека врз развојот на емоциите и формата на нивното искажување влијае детското искуство.

Детските емоции се карактеристични и се сосема различни од емоциите на возрасните. Тие се спонтани, прости, не се воздржани и веднаш се препознаваат на детскиот лик. Тие се краткотрајни – траат неколку минути и тешко се заборавaат. Со преземање на соодветни воспитни мерки и со правилно постапување на родителите се менува и карактерот на детските емоции. Детските емоции се со силен интензитет – кај нив не постои градација без оглед на ситуацијата во која се наоѓа детето. Јачината на интензитетот на емоциите најдобро се гледа во манифестирањето на лутина, страв и радост. Во изразувањето на лутење детето плаче, вреска, се удира со рацете и нозете, покажува агресивно однесување. Во изразување на страв детето се избезумува, вреска и се крие. Овие реакции во ниту еден случај не им одговараат на родителите, но за децата немаат секогаш негативно влијание. Казните и опомените за ова однесување имаат влијание со тек на време овие реакции да се намалат. Емоциите на детето се нестабилни – децата за разлика од возрасните бргу преоѓаат од позитивна кон негативна емоција. Додека емоцијата е присутна таа е значително поинтензивна отколку кај возрасните. Со возраста емоциите сè повеќе се диференцираат – под влијание на околината и воспитните мерки децата постепено ги контролираат своите емоции. Емотивните реакции зависат од детските искуства и доживувања. Во иста емотивна ситуација децата не реагираат на истиот начин. Тие умеат да ги искажат своите чувства, но не се во состојба да се воздржуваат.

---

[19] Шкариќ, М., О., (2009), *Психологија на детството и на адолесценцијата (Развојна психологија 1)*, Филозофски факултет, Скопје, стр.130.

За да може возрасниот да го научи детето да ги контролира неговите емоции, треба да се познаваат факторите кои ги предизвикуваат или ги попречуваат емоциите. Тоа се: нарушена здравствена состојба, секојдневни случувања, ставот на родителите, општествената средина. За детскиот развој на емоциите од најголема важност е позитивна емоционална атмосфера во семејството помеѓу сите нејзини членови. Во случај да се забележи дека кај детето некоја емоција не се развива природно, може да се појави проблематично однесување. Тоа однесување е сосема вообичаено но трае кратко. Доколку често се појавува тогаш причината треба да се бара подлабоко, најчесто во учењето на детето на некои нови вештини и способности, прерано прилагодување на некои нови средини или пак причината е само напнатост.

Емоционалното воспитание може да се набљудува низ пет аспекти и тоа: самоконтрола (способност за препознавање на чувствата и нивните манифестации), саморегулација (способност за управување со сопствените мисли, чувства и постапки), мотивација (емоционални тенденции кои ја водат личност до целта), емпатија (способност за препознавање и разбирање на чувствата, мислите и акциите на другите), развивање на социјално-емоционални способности (подготовка за интеракција со врсниците).

### 3.4. Микровоспитни влијанија на детската градинка

Подигнувањето на детскиот потенцијал и постигнувањето на духовната димензија гледана како човечка способност, е возможна само во квалитетно опкружување кое го овозможува градинката. Микровоспитните содржини се одвиваат по пат на отворени и прикриени влијанија преку сетилно-емоционални сигнали кои го создаваат детскиот живот индивидуален, ситуациски и примерен. Суптилните интеракциски контакти меѓу децата и врсниците, меѓу децата и воспитувачот се реализираат преку употреба на сите сетила, телесни движења, истражувања. Ова многустрано воспитно-ситуациско делување му помага на детето да се пронајде себе си, да го развие својот идентитет, самореализација, да ја развие потребата за соживот со децата од групата. Воспитувачот во овој процес слуша, комуницира, креира атмосфера во

која децата внимаваат, се интересираат, и соработуваат. Воспитувачот постојано внимава на социјалното опкружување во социјалните интеракции секое дете кое се адаптира кон условите во детската градинка да доживее силно чувство на егзистенцијална сигурност. Во периодот на прилагодување ова чувство на сигурност се содржи во смирување и вклучување во средината, создавање на чувство на топлина и блискост со другите деца, комуникација без зборови, делување на околината, изразување на емоциите со зборови и употреба на идеи, поврзување на идеите и развивање на логичко мислење. За да се избегнат можните потешкотии во периодот на прилагодувањето на децата воспитувачот треба да употребува неколу стратегии и тоа:

- неструктурирана заедничка активност (floor time), која подразбира воспоставување на интеракција со детето, комуникација со другите деца и поттикнување на логичко размислување. Како основи начела на floor time се: следење на детското водство на негово ниво, овозможување детето да ја бира активноста, заедничка комуникација, создавање на средина која одговара за играње, проширување на дијалогот, допуштање на агресивност или чувство на лутина во играта, јакнење на детската сигурност во своите телесни способности и сетила, групен „floor time" кој ја прилагодува активноста на индивидуалните особености на секое дете;
- решавање на проблемски ситуации преку која се настојува детето самото да го препознае проблемот и заеднички да се пристапи кон негово решение;
- поставување на нежни и цврсти граници кое е поврзано со позитивниот авторитет на воспитувачот.[20]

Кога се зборува за флексибилната организација на детската градинка се подразбира градинка во која нема строги граници меѓу воспитните групи, туку постои слободна интеркомуникација и интеграција со другите деца и воспитувачи. Во интерактивниот однос меѓу детето и воспитувачот, детето и другите деца особено треба да се истакнуваат партнерските односи. Во тие

---

[20] Greenspan, I.S. (2002), Sigurno Dijete, Donji Vukojevac: Ostvarenje, str.45.

односи децата се оспособуваат за преземање на улога на активни субјекти во својот раст и развој. Затоа воспитувачот во текот на комуницирањето мора да изгради компетенција за соработка со децата и партнерство бидејќи само така ќе ги оспособува за развивање на детската социоемоционална компетенција.

Социоемоционалната компетенција кај децата од рана возраст подразбира способност за разбирање и успешно справување со секојдневните задачи како учење, создавање релации со другите, решавање на секојдневните проблеми и прилагодување на барањата за раст и развој на секое дете. Нејзините составни делови се:

- регулација на емоциите која се дефинира како способност да се реагира на барањата на ситуацијата со распон на емоции кој е социјално прифатлив и доволно флексибилен да остави простор за спонтани реакции на децата. Способноста за регулација на емоциите се оформува исклучително во раното детство и е од особено значење за понатамошниот живот на детето;
- усвојување на социјални знаења и социјално разбирање кои им се потребни на децата, за да стекнат одредени норми и правила на однесување на групата во која припаѓа и новопримeното дете во детската градинка. Социјалното разбирање вклучува способност за предвидување на туѓите реакции меѓу децата т.е. појава на емпатија.
- социјални умеења што подразбира детето да се вклучи во заедничките активности на децата без да дава отпор. Социјалните умеења се најважни за постигнување на социјален успех;
- социјална диспозиција, се дефинира како воспоставување на трајни навики или карактеристични начини на реагирање на искуството во различни ситуации. За многу диспозиции се смета дека се вродени, а некои се стекнуваат преку искуството. Затоа се потенцира дека од особено значење при адаптацијата на детето во детската градинка е неговото претходно семејно искуство. Просоцијалните диспозиции на

соработка, одговорноста и емпатијата се зајакнуваат кога детето се изразува во реален контекст.[21]

Правилниот социоемоционален развој кај секое дете е поврзан со успехот и животот понатаму во училиштето. Децата се воспитуваат во најрани години да воспоставуваат социјални контакти со родителите, со воспитувачите, со врсниците и со други возрасни лица. Квалитетот на социјалните односи го поттикнува правилниот социоемоционален развој на децата. Развивајќи се во овој поглед, децата ги учат вредностите и видовите на однесувања кои се прифатливи во заедницата и во групата во којашто растат и се развиваат. Позитивните социјални односи се формираат тогаш кога децата развиваат адаптивно социјално однесување, кога го разбираат значењето на различни видови на однесувања, кога се способни да се адаптираат во различни социјални средини и кога активно учествуваат во групни активности. Социјалната компетенција ја демонстрираат со изразување на емпатија со разбирање, чувствителност и почитување на сличностите и различностите. Клучни вредности кои се очекуваат од децата на возраст од 0-6 години се градење на позитивна слика за себе изразена преку самодоверба и компетентност во интеракциите со околината и врсниците; способност за разбирање на сопствените емоции; контрола на сопствените чувства; позитивна емоционална состојба; респект и одговорност кон сличностите и различностите во заедницата. Врз основа на овие вредности се дефинирани и „Стандардите за рано учење и развој на децата од 0-6 години" во доменот „Социоемоционален развој". Стандардите дефинирани во доменот „Социоемоционален развој" се поврзани со клучните вредности и се подредени во два субдомени социјален и емоционален.

Во субдоменот социјален развој се издвојуваат следниве стандарди:

- детето може да прави разлика помеѓу познати и непознати лица;
- детето може да развие социјални вештини во интеракција со другите деца;

[21] Katz, L.G & McClellan (1997), *Poticanje razvoja djecje socijalne kompetencije*, Zagreb, EDUCA, str.77

- детето може да развие социјални вештини во интеракција со возрасни;
- детето може да ги забележи и да ги почитува сличностите и разликите кај луѓето.

Во субдоменот емоционален развој се издвојуваат следниве стандарди:

- детето го развива поимот за себе;
- детето може да ги препознае и соодветно да ги изразува своите емоции;
- детето се гордее со своите постигнувања и им верува на своите способности;
- детето може да ги контролира сопствените чувства.[22]

Степенот на постигнувањето на одредениот стандард зависи од: целите поставени во програмскиот документ „Основи на програмата за воспитно-образовна работа со деца од предучилишна возраст" донесена од Министерство за образование и наука (МОН) и Биро за развој на образование (БРО) на РМ во 2006 година и планираните активности во детската градинка кои допринесуваат организирано и планско воспитно делување врз децата од страна на воспитно-згрижувачкиот кадар.

Глобалните цели утврдени во програмскиот документ „Основи на програмата за воспитно-образовна работа со деца од предучилишна возраст во Јавните детски градинки" се подредени во социјален и емоционален развој. Во рамките на социјалниот развој кои се издвојуваат следниве цели:

- доживување на градинката како средина каде сите имаат еднакви можности да се вклучат во животот и работата без разлика на телесната, половата, психичката конституција, национална припадност културно потекло;
- развивање на социјална перцепција;

[22] Дамовска Л., ...(и др.): (1999), *Стандарди за рано учење и развој кај децата од 0-6 години*, Скопје, Министерство за труд и социјална политика, стр. 27.

- развивање на способности за адаптација во нова средина, интерперсонални односи и комуникациски вештини;
- развивање на свест, однос кон групата;
- развивање на социјална интелегенција;
- усвојување на норми и обичаи во различни средини и ситуации;
- воведување на детето во универзални човекови вредности и етички принципи.

Во емоционалниот развој се издвојуваат следниве цели:

- развивање на емоционалната интелегенција;
- препознавање и доживување на сопствените чувства;
- поттикнување на детето за емоционално врзување со повеќе лица;
- градење на сопствени начини за изразување на чувствата, прифатливи и препознатливи за другите и поддршка за автентичен начин на изразување на чувствата;
- негување на позитивни емоции;
- оспособување да го контролираат изразувањето на негативните емоции, без да ги потиснува и без оптоварување со чувство за вина и др.[23]

Единственото средство кое воспоставува сигурен линк помеѓу детската градинка и детето кое за прв пат доаѓа во градинка е играта и игровните активности. Таа како лична активност на детето најмногу соодветствува на неговата природа и основните законитости на неговиот развој, обезбедува единство на физичкиот, афективниот и социјалниот развој.

Планираните активности кои го поттикнуваат социоемоционалниот развој на децата од рана возраст се релизираат во текот на целата воспитна година во кое било време од денот при престојот на децата во градинката (во групното време и слободните активности) и се во тесна интергрwelcome со

[23] *Основи на програмата за воспитно-образовната работа со деца од предучилишна возраст во јавните детски градинки*, (2006): Министерство за образование и наука и Биро за развој на образованието, Скопје, стр. 14.

постигнатите резултати на децата од сите воспитни подрачја. Тоа се: *Игри за изразување* чија цел е слободно изразување на доживувањата, емоциите, потребите и сфаќањата на децата (Мимика, Подвижна фота, Пренесување на емоции), *Игри на улоги* чија цел е да го стави детето во позиција на другиот, емоционалните доживувања и состојби на другите (Продавница за играчки, приказна во слики, Пантомима), *игри за соработка и кооперација* со цел да го развие соработливото однесување на децата во игри кои немаат натпреварувачки карактер (Допри ме ако можеш, Да го затвориме кругот), преку игрите за интеракција и кохезија на групата со цел да се воспостави слободна размена на доживувањата и чувствата (Музичка столица, Волкот и зајчињата), *Игри за запознавање* кои се особено значајни да се реализираат во периодот на адаптација на децата во групата чија цел е да ги поттикнува децата на оригиналност и искреност, Натпреварувачки игри – *игри на толеранција* со цел да се развие толеранција кај децата на фрустрации и прифаќање на правила, *игри на комуникација* кои го поттикнуваат развојот со сите средства на комуникација особено невербалните и симболичките, поттикнување на емоционално доживување и изразување и *традиционалните игри* кои ги поврзуваат децата со културните вредности и содржини на пошироката заедница, јакнење на колективната свест и развивање на свест за припадност во пошироко заедница.

## 4. ПСИХОЛОШКИ АСПЕКТИ НА ПРОЦЕСОТ НА АДАПТАЦИЈА НА ДЕЦА ОД РАНА ВОЗРАСТ ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ

Психолошките аспекти на процесот на адаптација се директно поврзани со факторот кој произлегува од детето. Процесот на адаптација од овој аспект се сфаќа исклучително како индивидуален чин на кој влијае степенот на емоционалната приврзаност на децата кон родителите, појава на страв и стрес во раното детство, како и појава на сепарациска анксиозност кај тешкиот тип на адаптација проследена со психички нарушувања коишто оставаат трајни последици во понатамошниот живот на детето.

Процесот на адаптација од психолошки аспект претставува воспоставување на рамнотежа во опкружувањето, по пат на прилагодување кон променливите услови на животната средина. Под адаптација во најтесна смисла се подразбира процес на усогласување на параметрите на фунционирање на организмот со внатрешната и надворешната средина т.е. одржување на хомеостаза. Адаптацијата во новонастанатата ситуација се остварува по принцип акција – реакција сè до моментот на воспоставување на рамнотежа меѓу организмот и неговата животна средина. Примарниот адаптациски одговор на организмот е секогаш брза краткотрајна реакција, но може да биде бавна, тивка и долготрајна реакција. Адаптацијата е всушност реакција (одговор) на организмот во акција, кој во оваа смисла претставува процес на прилагодување на организмот на единката и нејзиното однесување во новонастанатата ситуација. Кај децата од рана возраст прилагодувањето во детската градинка е секогаш поврзано со појава на стрес и страв. Стресот е неизбежна последица на секојдневните прилагодувања на човекот. До одредена граница која е индивидуална, стресот предизвикува подобро прилагодување на поединецот кон секојдневните работни активности во животот на човекот, но кај децата тој се манифестира сосема поинаку. Кога ќе се помине индивидуалната границата, стресот станува штетен и предизвикува бројни психосоматски болести.[24] Поопширно за оваа тема, подолу во текстот на овој магистерски труд.

[24] www.iasc-shop.com *Strah i stres*, (10.09.2008), str.2.

## 4.1. Емоционална приврзаност

Под поимот емоционална приврзаност се подразбира однос меѓу две личности кои имаат силни емоционални врски и настојуваат истите да ги одржат. А во потесна смисла под поимот се подразбира воспоставување на силна емоционална врска меѓу детето и оној кој се грижи за него најчесто родителот (мајката).

Блиските односи кои детето ги воспоставува првенствено со мајката, понатаму се шират и на другите членови на семејството, бидејќи кога е воспоставена првобитната приврзаност кон една личност, тогаш побрзо се развиваат односите со другите луѓе. Во овој случај важно е првобитната приврзаност да не се попречува, туку да се унапредува развојот на соодветните односи со нови личности.

Детето зависно од реакциите на возрасните личности за кои е приврзано, може да развие здрава (сигурна) приврзаност или неквалитетна приврзаност (т.н. избегнувачка или анксиозна). Приврзаноста се покажува преку среќа, радост кога е со родителите односно страв, нелагодност, доживува стрес кога се одвојува од родителите, или бара утеха во родителот кога наидува на непозната или опасна ситуација. Мајката или друг возрасен кој се грижи за детето, ако е психички недостапна или не реагира на емоционалните потреби на детето, поттикнува развој на избегнувачка приврзаност, доколку е недостапна и предиспонирана да казнува, може да развие кај детето анксиозна приврзаност.

Мери Еинсфорт и група истражувачи[25] направиле класификација на различни типови на почетно емоционално приврзување кај деца и издвоиле четири квалитети:

1. Сигурно приврзување – децата се чувствуваат сигурно кога мајката е во непосредна близина. Се вознемируваат кога ќе се одвојат од неа, но не манифестираат силна појава на страв. Подобро ги решаваат проблемите

[25] Ainsworth, M. & al. (1978), Patterns of attachment, Hillsdale, NJ: Erlbaum

и покажуваат истражувачко однесување. Топло ја поздравуваат мајката кога ќе ја видат.

2. Избегнувачка приврзаност – децата го избегнуваат контактот со мајката кога ќе се одвојат од неа на кратко отсуство. И покрај настојувањата на мајката да стапат во контакт детето не се спротивставува, но избегнува комуникација. Задоволството од мајката е мало или го нема.
3. Колебливо врзување (несигурно врзани) – детето е во значителна мера возбудено кога се одвојува од мајката. Таа не успева да го смири дури и тогаш кога ќе се врати по краткотрајно отсуство. Понекогаш бара или избегнува контакт. Може да покаже кон мајката бес и навреденост кога повторно ќе ја сретне. Им се спротивставува и на сите возрасни со кои доаѓа во контакт.
4. Неорганизирано-неориентирано приврзување (несигурно приврзани) – ова е најнесигурното приврзување на детето со мајката и претставува комбинација на последните два типа на приврзувања. Детето има вкочанет лик, збунето е и вознемирено кога по извесно време на разделеност повторно ќе се најде во присуство на мајката. Може да го избегнува контактот или да бара близок контакт. Може да изразува емоции без видлива поврзаност со присутните лица.

Различните типови на емоционално приврзување имаат различно времетраење. Тие во најголема мера зависат од доживувањето на сигурност од односите со лицата кои се грижат за детето. Силните и несигурни емоционални приврзувања зависат од соодветните реакции на родителите кон детето кое им праќа пораки. Силните социоемоционални приврзувања со јака основа на сигурност, воспоставуваат родители кои се чувствителни на детските потреби, кај слабите социоемоционални врски има отфрлени деца најчесто поради депресија или варирања на љубовта кон детето. Долготрајните последици на силното и несигурно врзување се манифестира во повеќе домени. Децата кои се со силна социоемоционална врска со своите родители се просоцијални, пољубезни и имаат повеќе пријатели, почит кон себе, мирен темперамент, љубопитни се, немаат потреба да се центар на внимание, односот кон браќата

сестрите е мирен, емпатични се и не сакаат да го остават другарчето во тага. Децата пак кои биле примарно лишени од сигурно приврзување со родителите, може да го надоместат ова лишување само во случај да им се обезбедат поволни материјални услови и високостручни лица кои ќе се грижат за квалитетот на воспоставените интеракции кои се од пресудно значење.[26]

Затоа квалитетните детски градинки, во кои постои високо ниво на стимулација и интеракција меѓу децата и персоналот, ги намалува ефектите на долготрајните прилагодувања на детето кон условите во детската градинка. Бидејќи емоционалната приврзаност е највисока кај децата до три годишна возраст многу истражувачи сметаат дека децата не треба да посетуваат детска градинка пред тригодишна возраст.

Во долгогодишните истражувања на Андреа Краигер Гузина се покажува дека одвојувањето на децата од значајни и блиски личности влијае помалку трауматично и со помалку последици, ако се уважуваат следниве ставови:

- ако не се одвојуваат децата од родителите и блиските личности пред третата година од животот на детето;
- ако станува збор за привремено или трајно одвојување, неопходно е да се обезбеди соодветна замена за родителите;
- одвојувањето треба да трае пократко;
- децата и родителите треба психички да се подготват за одвојувањето и тоа да не биде присилно и грубо, да се изведе постапно;
- во детските градинки да се обезбеди стручен кадар, мотивиран за работа со деца и способен да воспостави добри емоционални односи и размена, кое има чувство за контрола над своите чувства и конфликти, особено на негативните, кадар кој ќе влева доверба и сигурност;
- условите се поповолни доколку има повеќе оспособен кадар, а помалку деца во групите;

[26] Шкариќ, М., О., (2009), *Психологија на детството и на адолесценцијата (Развојна психологија 1)*, Филозофски факултет, Скопје, стр.140-142.

- вработените во градинките постојано да се обучуваат по вертикална линија (од технички персонал до директор) и да им се понуди психолошка помош, на кој начин би се зголемила психодинамиката на многубројните сложени односи кои се појавуваат меѓу децата, родителите и персоналот;
- доколку детето или родителот покажат зголемена анксиозност во текот на одвојувањето или други пречки (тага, недоверба, агресивност), треба да им се понуди помош од квалификувани соработници.[27]

За детето развојот на емоционалната приврзаност е најважен во доменот на социоемоционалниот развој. Чувството на сигурност кој настанува од односот меѓу мајката и детето создава солидна основа за успешен процес на адаптација на детето во детската градинка.

## 4.2. За стравот и стресот во раното детство

Стравот е примарна емоција и вродена реакција на организмот на опасност. Со него организмот се активира на начин на кој се бори со опасноста. Стравот до одредена граница е корисна функција за организмот кој се наоѓа во опасност. Често пати активирањето на организмот е секогаш проследено со физиолошки промени како забрзана работа на срцето, напнатост во мускулатурата, забрзано дишење, зголемен притисок, изострување на вниманието, насочување кон стимулусот кој предизвикува. Адаптивната функција на стравот се искажува во форми на однесување кои се препознават како одбрана од опасност и бегање од изворот на опасност.

Стравот  како чувство минува низ свои развојни фази, така се менуват предметите, ситуациите и ликовите кои предизвикуваат страв кај децата од рана возраст. Веќе од третиот месец бебето чувствува пријатност - непријатност, додека првите стравови се појавуваат во шестиот месец и тоа од силни звуци, паѓање и непознати лица. Од осмиот или дванаесеттиот месец

[27] Kraiger, G.,A., (1999), *Separaciona anksioznost, poremecaji emocionalnog vezivanja i neuroticnost dece*, IMZ, Beograd, str.67.

почнува да се јавува страв од одвојување од блиските личности особено од мајката, и добива поголем интензитет сè до втората или третата година од животот на малото дете. Во третата и четвртата година стравовите произлегуваат од имагинарни нешта, а околу петтата и шестата година децата се плашат од конкретни нешта најчесто од темница.

Симптомите на стравот од одвојување кои детето ги доживува кога ќе тргне во детската градинка може да трае неколку недели или месеци. Симптомите траат сè додека детето не сфати дека не е напуштено засекогаш од личностите со кои е емотивно приврзано. Суштината на стравот во основа се должи на сфаќањето што децата можат да разберат дека мора да се одвојат од родителите, но не сфаќаат колку тоа ќе трае. Тоа се должи пред сè на неизграденото чувство за време, тогаш децата реагираат бурно, со плачење, врескање и со нарушувања од соматски карактер. Бурните реакции секогаш се поврзани со појавата на стрес. Стресот се опишува како психолошки и физиолошки одговор на телото во ситуација која е опасна за детето. Состојбата на стрес кај возрасните и децата се препознава врз основа на емоционалните реакции (тага, мачнина, паника, промени на расположението, лутина, бес и сл.), мисловни (самокритичност, отежната концентрација, заборавеност), телесни (потење на дланките, забрзан пулс и чукање на срцето, црвенило на лицето, главоболка) како и во однесувања на поединецот (плачење, врескање, повлекување во себе). Разликата во доживувањето на стресот кај детето и возрасниот се должи на интензитетот на стресот и одбранбените механизми кои ги воспоставува организмот кон стресовите.

Овие реакции се појавуваат по одвојувањето на детето со родителите. Кај некои деца реакциите може да се појават одвоено и да создадат впечаток дека брзо се прилагодиле на новата средина. Детето кога ќе тргне во градинка по една или две недели, откако ќе сфати дека градинката е постојана секојдневна навика, тогаш започнуваат вистинските реакции. Во овој случај се работи за задоцнета реакција на адаптација. Во прилог на изнесеното и протоколите за писмено снимање на манифестираните однесувања на децата во ова истражување се базираат на овие сознанија. Адаптацијата во

значителна мера се олеснува и станува поуспешна во присуство на родителите пришто кај поголем број на деца при следењето на протоколите за писмено набљудување, се забележува дека децата во последните две недели воопшто не покажуваат знаци на тешка адаптација. Всушност тргнувањето на детето во градинка и како ја доживува, во најголема мера зависи од родителските емоции према оваа ситуација. Доколку детето почувствува дека родителот се колеба или е тажен, несигурен со одлуката детето да го вклучи во градинката, дотолку повеќе и детето манифестира такви чувства и тоа со зголемен интензитет за разлика од родителот. Во прилог на изнесеното говори и фактот што децата покрај вербалните ги примаат и невербалните пораки од родителот, што значи и покрај тоа што родителот му зборува позитивно за градинката, тоа ја чувствува нивната недоверба и страв и самото останува збунето од пораките кои ги прима. Доколку при првата средба детето стекне доверба и го почувствува родителот дека е позитивно насочен кон сите сегменти во детската градинка, тогаш и процесот на адаптација е краткотраен. Прилагодувањето во извесна мера може да го отежни и самиот родител. Долготрајното разделување со детето или исчезнување со криење е болно за детето и само го зголемува чувството на напуштеност, а со тоа и стравот се доживува силно. Константноста на доаѓањето во градинка е важен фактор во процесот на адаптација. Потешко се прилагодуваат деца кои не се редовни во градинка. Некои деца имаат предиспозиции да имаат тешко прилагодување. Тоа се вообичаено деца кои се повлечени, срамежливи, презаштитени деца.

### *4.2.1. Сепарациска анксиозност*

Сите деца во одреден момент во својот живот мора да се одвојат од своите родители. Кога станува збор за деца од рана возраст најчесто се споменува природната симбиоза на детето со мајката. Во контекст на ова мислење улогата на таткото во оваа ситуација е минорна, а тоа се должи на фактот што на возраст од 24-36 месеци, емоционалната врзаност со мајката е сè уште силна. Тоа го покажуваат резултатите од ова истражување во кое учеството на мајките во процесот на адаптација е поголемо во однос на учеството на таткото.

Сепарациска анксиозност се дефинира како страв од одвојување на детето од родителот. Кај децата појавата на овој страв е сосема вообичаена и во повеќе случаи не значи дека ќе се појави сепарациска анксиозност. Таа е нормална појава која се појавува на возраст од 24-36 месеци, а својот врв го доживува на осумнаесет месеци. Тогаш за некои деца се случуваат првите одвојувања од родителите. Оваа возраст е особено ризична за појава на сепарациска анксиозност, а се манифестира со тешка адаптација кон условите во детската градинка, кој трае со месеци и често е проследена со психосоматски нарушувања, намален имунитет, појава на регресивни однесувања. Во овој случај се препорачува прекинување на процесот на адаптација сè додека не се зајакне нежниот детски организам. Во развојот на детето честопати се забележува појава на отпор за одење во градинка, но тоа однесување се должи на различните развојни фази низ кои минува детето. Отпорот кој го дава детето кон градинката не се идентификува со појавата на сепарациска анксиозност, ако во најголем број случаи детето доаѓало со радост во градинка. За разлика од нормалните развојни фази, патолошката сепарациска анксиозност се карактеризира со:

- екстремна непријатност поради сепарацијата која добива панични размери;
- морбидна грижа за потенцијалната опасност која е закана по семејниот интегритет;
- екстремно изразена потреба и барање детето да биде повторно со личноста од која е одвоена.

Според д-р Копачев „Стравот детето го манифестира преку силна возбуденост на автономниот систем (тахикардија, болки во стомакот, главоболка, мачнина, повраќање и сл.). Неретко во поизразените сиптоми кај децата се појавува енуреза или енкопреза, пореметувања во функцијата на спиење (шкрипење со заби во сон, ноќен страв, месечарство), проблеми во зборувањето – тикови, пелтечење, потоа пореметувања во функцијата на исхраната (појава на булимија и анорексичност), појави на кожата во вид на алергиски реакции, појава на астматични напади, па сè до појава на длабоки

регресивни изрази во рамките на психотични сосотојби".[28] Децата кои имаат зголемени симптоми на сепарациска анксиозност стануваат неспособни за нормален општествен развој, не се вклучуваат во слободни активности, ниту комуницираат со децата и возрасните во случајов учителките во групата. Периодот во кој се појавува сепарациската анксиозност е многу тежок за децата и родителите, период исполнет со многубројни грижи, фрустрации и стравови за општата здравствена состојба на детето. Стравот во значителна мера се зајакнува доколку детето го почувствува и стравот од родителите за неговата состојба кој вообичаено се појавува и кај нив. Затоа градинката треба да развие и да употребува дополнителни механизми со кои оваа појава ќе ја доведат до прифатлива рамнотежа. Тие механизми најмногу се однесуваат на советодавната функција на психопедагошката служба составена од лица со различни профили (педагог, психолог, лекар) кои се вработени во градинката или соработка и посета на други иституции со кои соработува градинката (Завод за ментално здравје, Здравствени домови и сл.). Во секој случај важно е да се нагласи дека сепарациската анксиозност не може да се реши во домашни услови, туку потребно е да се внесе постапност и однос исполнет со доверба и сигурност, неопходен во подготовката за тргнување во градинка.

### 4.3. Адаптација на деца од рана возраст во контекст на теоријата на афективна врзаност

Афективната врзаност (attachment) се дефинира како специфична емоционална врска на личноста која се грижи за детето. Овој поим го воведува Џон Боулби со кој го нагласува суштинското несложување со психоаналитичарите за поимот кој го обележува односот меѓу мајката и детето во психоаналитичката теорија т.н. емоционална зависност. Тој заклучил врз основа на бројните истражувања дека потребата за оваа врска е примарна.

Степенот на афективната врзаност на возраст од 12-18 месеци е поврзана со детската социјална и емоционална адаптација во раното детство. Тргнувањето на детето во градинка дава можност за проширување на фигури

[28]Копачев, Д., (1989), *Материјал за интерна употреба па воспитно-згрижувачкиот кадар на децата од предучилишна возраст,* Скопје, стр. 50.

со кои детето е врзано и ревизија на менталниот модел за себе во зависност од квалитетот на интеракцијата која ќе му биде понудена во градинката. Во условите на детската градинка детето добива шанса да ја промени фигурата за афективна врзаност и да се приврзе за воспитувачот и негувателката. Афективната врзаност во теоријата на Боулби се толкува како еволуциска адаптација како форма на инстиктивно однесување кое се развива во текот на раното детство, а чија функција е заштита на детето од опасност во близина на старателот. Затоа тој ја истакнува важноста на правилната мајчинска грижа во раниот период во животот кој ја сметал за оптимален развој, која продуцира сигурно врзување и за друга личност во животот на детето, кое ќе биде трајно и релативно непроменливо. Примарната фигура за афективно врзување е мајката, секундарната најчесто е таткото, бабите дедовците, учителките со кои развиваат блиска емоционална врска. Секундарните фигури имаат позитивна улога во смирување на децата кога детето е привремено одвоено од примарната фигура.

Процесот на формирање на афективна врзаност со воспитувачите и негувателките е сличен на процесот на формирање на афективна врзаност со мајките. Во моментот кога децата ќе дојдат во градинка се насочуваат кон воспитувачите/негувателките и со воспоставување на квалитетна интеракција стануваат сѐ повеќе организирани во своите однесувања. Афективната врзаност е стабилен, но по својата природа динамичен процес. Моделот формиран по примерот на примарната фигура има тенденција да биде стабилен, но во интерес на адаптацијата мора да биде пластичен. Децата се способни да развиваат сигурна врска со воспитувачите и покрај несигурните врски со родителите. Согледувањата на многу истражувачи говорат дека децата кои поминуваат подолго време во градинка се повеќе врзани за воспитувачите, особено кон помладите и сензитивни воспитувачи побрзо развиваат сигурна врска со детето и покрај тоа што постои нестабилна врзаност со родителите. Децата кои се сигурно врзани за воспитувачите ги користат како сигурна база преку која ја истражуваат непосредната околина во градинката и новите реакции со врсниците, искажуваат повисок степен на

емпатија и подолго време учествуваат во заедничките активности. Додека децата кои воспоставиле несигурна врска со мајката не се вклучуваат во интеракција со воспитувачот и воспоставуваат слаба врска со врсниците.

Периодот на адаптација подразбира време кое на детето му е потребно да се навикне на новата средина која е различна од семејната. Детето се смета дека е адаптирано кога излегува од развојните кризи, ги совладува задачите кои се поставени пред него. Во овие рамки низ призмата на афективната врзаност главни фактори кои влијаат на адаптацијата на детето кон условите во детската градинка зависат од: детето (индивидуални особености, темперамент, возраст, здравствена состојба, семејна атмосфера, искуства кои ги стекнало); детската градинка (програмата за адаптација, бројот на децата во групата, опременост со дидактички средства и сл., стручна оспособеност на воспитно-згрижувачкиот кадар); мајката (непосредност и адакватна интерпретација на детските сигнали, соработка, психичка и физичка присутност и достапност, прифаќање и разбирање на детските потреби) и воспитувачот (личност, сензитивност, внатрешен работен модел за себе и за другите, воспитен стил, квалитет на партнерските релации).

Од аголот на афективната врзаност сигурната база и истражувачкото однесување ќе се манифестира само ако детето верува дека воспитувачот ќе биде присутен и достапен онолку колку му е потребно. Градинката која планира и создава сензибилна програма за работа базирана на детските потреби може да биде сигурна база и за детето и за родителите. Воведувањето на сукцесивна адаптација овозможува помирен адаптивен период во групите со нови деца, а и приемот на деца би бил помалку стресен. Во овој период градинката треба да планира индивидуален план на адаптација кој ќе се реализира во соработка со стручната служба. И за родителите градинката претставува сигурна база, затоа што влегуваат вознемирени од самата промена која ги очекува. Релацијата со воспитно-згрижувачкиот кадар треба да биде базирана на доверба и доследност. Информирањето на родителите за адаптацијата треба да започне во јуни кога би била и првата родителска средба со родителите на новопримените деца, а не во септември како што е во

досегашната пракса. Во август треба да се одржи втора родителска средба преку која родителите би стекнале знаења за адекватна адаптација на детето во градинка, а истовремено ќе се охрабрат во намерата да го вклучат детето во институцијата. Во септември подготвени да започнат со процесот на адаптација на децата, а програмата која ќе се реализира да биде позната на родителите.

Основните типови на адаптација во контекст на афективната приврзаност тргнуваат од бихејвиористичкиот аспект на детето. Лесна адаптација имаат деца кои се сигурно афективно врзани за своите родители. Тие тагуваат при разделбите, но по одвојувањето со родителите веднаш се смируваат. Додека пак средна и тешка адаптација е карактеристична за деца кои имаат несигурен модел на афективна врзаност. Несигурно приврзаните деца имаат поинаков тек на адаптација, или покажуваат мали знаци на тага при одвојувањето, или се премногу вознемирени. Дезорганизираниот модел на приврзаност се карактеризира со мешавина на несигурни реакции, збунетост, вознемиреност, вкочанетост, замрзнат израз на лицето, негативен модел за себе и другите, искажување на контрадикторни однесувања. Кај несигурно амбивалентните деца доминира претерана емоционалност, неутешност и насоченост кон потребите на старателот, т.е. зависност.

Процесот на адаптација не завршува со престанокот на плачењето на детето, туку во суштина тој тогаш започнува. За адаптирано дете се смета дете кое со радост доаѓа во градинка, кое слободно и спонтано ги искажува своите чувства. Адаптираното дете, воспитувачот го користи како сигурна база (истражува, воспоставува комуникација, учествува во заедничките активности, позитивно реагира на барањата од воспитувачот, манифестира емотивна приврзаност и сл.) Слободната релација е доволна за детето да истражува нови релации и улоги на воспитувачот за заштита и поддршка.

## 5. СОРАБОТКАТА НА СЕМЕЈСТВОТО И ГРАДИНКАТА КАКО ПРЕДУСЛОВ ЗА УСПЕШНА АДАПТАЦИЈА НА ДЕЦАТА ОД РАНА ВОЗРАСТ

Семејството во современите услови на живеење претставува еден од основните и незаменливи фактори во развојот и воспитувањето на детето, кое во целост не може да ги следи современите текови и барања на современото воспитание. Тоа значи дека семејното воспитание треба постојано да се надополнува континуирано и стручно преку институционални и вонинституционални форми на згрижување на деца од преучилишна возраст. Организираното предучилишно воспитание и образование на деца од предучилишна возраст извршува избор на форми, средства, содржини, методи кои сообразно на психофизичката развиеност на децата и индивидуалните интереси на возрасните врши надворешно и внатрешно влијание. Предучилишните институции согледувајќи ја сложеноста и одговорноста на семејството во подигнувањето на нивните деца треба да поставува партнерски однос кон родителите, преку кој постигнува квалитет само доколку детската градинка е доволно „отворена" за соработка со родителите. Детските градинки во Скопје кои беа примерок во ова истражување, се сметаат за затворени по ова прашање. Причините за оваа затвореност се многубројни и се од внатрешна (поставување на директорот кон соработката со родителите, мотивираноста на воспитувачите за соработка со родителите и сл.) и надворешна природа (општествена позиција на системот, ставот на родителите за значењето на организираното воспитание и образование и сл.). Затвореноста на детската градинка никогаш не обезбедува оптимално реализирање на општествената цел. Таа условува еднострано делување кое во процесот на воспитување никогаш не покажува резултати.

Со оглед на важноста и компетенциите на семејството во развојот на детето и потребата од едукација, детската градинка нуди вештачки услови како замена на семејната атмосфера, што неминовно го поставува условот кон „отвореност" на детската градинка за соработка со родители. Тоа е важно пред сѐ за постигнување на оптимум услови за непречено севкупно развивање на детската личност од сите аспекти. Детската градинка и семејството се фактори

кои најдолго и напоредно дејствуваат врз детето и затоа комуникацијата меѓу нив е неизбежна. За да се постигне потребната комуникација потребно е мотивирање од двете страни: од родителите (кои повеќе треба активно да се ангажираат во учество на организираните форми на соработка кои ги реализира детската градинка) и од градинката (која треба да ги отвори вратите за родителите и да пронајде соодветни начини за соработка). Партнерскиот однос заснован на искреност и доверба е клучен момент во остварувањето на квалитетна соработка меѓу родителите и детската градинка. За да се постигне партнерски однос неопходно е да се познаваат двата „партнера" со кои ќе се овозможи правилен избор на целите, формите и средствата за работа со децата како и усогласување на нивното дејствување. Целта на партнерскиот однос треба да се насочува кон овозможување максимум услови за севкупен развој на детето.

За да биде соработката меѓу родителите и воспитно-згрижувачкиот кадар квалитетна, покрај меѓусебната информираност, стекнување на современи сознанија за детскиот развој, неопходно е меѓусебно познавање преку непосредно дружење со детето во градинката и во семејството. Во контекст на изнесеново постојат неколку форми на соработка на родителите:

- индивидуални разговори со родителите;
- отворени денови на градинката;
- писмена комуникација со родителите;
- групни разговори;
- родителски средби;
- вклучување на родителите во непосредната реализација на содржините од воспитно-образовниот процес;
- приредби и прослави;
- посета на детските семејства;
- колегиум за педагошко просветување на детските семејства.

Освен постоечките форми на соработка со родителите може да се организираат и планираат активности кои се во тесна корелација со

реализацијата на планираните активности. Во зависност од интересите, хоби, занимања, професии на родителите се појавуваат во улога на волонтери, родители како извори – кои ги пренесуваат своите знаења од работното искуство, родители како инструктори - кои даваат упатства за некоја активност, иноватори – родители кои креираат нов материјал за игра и играчки, родители како набљудувачи – кои ги следат активностите, ги надгледуваат просториите за престој, координатори – родители кои вклучуваат други родители, организираат транспорт за планирани посети на децата и организатори – родители кои организираат посети на нивните работни места.[29]

Во контекст на ова истражување може да се согледа дека родителите најмногу комуницираат со воспитувачите и се информираат преку индивидуалните разговори и информациите кои се истакнати на паноата во градинката. Во постоечката практика, родителите не можат да остварат комуникација по писмен пат или електронска форма бидејќи повеќето градинки имаат слаба или никаква електронска писменост. Најчесто посакуваната форма на соработка се приредбите и прославите кои се случуваат по повод родендени и сл.

Отворените денови на градинката претставуваат присуство и следење на воспитно-образовниот процес од страна на родителите и другите членови на семејството. На тој начин тие добиваат целосна слика за улогата на институционализираното воспитание врз развојот на детето, а воспитно-згрижувачкиот тим во групата да се презентира себе си. Формата на соработка која е најмалку застапена е т.н. „Советувалиште за родители" која овозможува подигнување на степенот на педагошката едукација на родителите за правилен и современ развој на нивните деца. Тоа е форма која бара посебна организација во детската градинка и мобилизација на соодветен стручен кадар.

Честопати мислењата се менувале во текот на годините station наназад за тоа дали треба родителот да влезе во градинката или не. Тоа најчесто се должи на низа проблеми кои се појавуваат во соработката со родителите. Понекогаш

---

[29] Vukomanovic, N. I grupa autori, (1984), *Roditelji u djecjem vrticu*, Zavod za udzbenike I nastavna sredstva Beograd, Svjetlost OOUR Zavod za udzbenike I nastavna sredstva, Sarajevo, str. 42.

родителите престојот во градинката го искористуваат, за да ја пренагласат улогата на здравствената заштита на децата, некои родители мислат дека соработката со градинката може да бара извесни финансиски средства, воспитувачите го намалуваат значењето на приредбите и прославувањата на децата, а токму тоа е форма за која родителите најмногу се заинтересирани бидејќи ги пасивизира, и им дава можност да формираат свое мислење, потоа недоволната и неискрена информираност на воспитувачите за децата од страна на родителите, кои смислено прикриваат информации од некои причини само на нив познати, понекогаш самите воспитувачи не се известени за значењето на соработката со родителите и тешко се впуштаат во истата, имаат одредени проблеми во комуникацијата поради слабата самодоверба во своите професионални способности, постоење на свесни и несвесни конфликти меѓу родителите и воспитувачите кои се должат на тоа што е најдобро за детето, недостаток на ентузијазам кај воспитувачот, воспитувачите немаат доверба во родителите, родителите чувствуваат грижа на совест што го запишуваат детето во градинка.

Како најважен проблем кој ја отежнува адаптацијата во детската градинка е проблемот на родителот да се прилагоди на условите во детската градинката во која треба да престојува нивното дете и самиот процес го доживуваат потешко од самите деца. Ако на сето тоа се додаде и нељубезен лик на вратата од градинката, неможност на родителот да влезе во градинката со своето дете, неинформираност, неорганизираност од страна на воспитно-згрижувачкиот кадар, ситуацијата влијае крајно демотивирачки за родителот да го остави детето во градинка. Една од пречките во соработката во текот на адаптацијата е т.н. „пасивен родител", кој не размислува за детската градинка и воспитно-образовната работа, туку е задоволен само ако детето е сито, негувано, здраво, да има свој кревет, храна и гардероба. Тие родители комуницират со градинката само ако нешто не е во ред. Но, не секогаш овие родители се незаинтересирани. Доколку воспитувачот најде соодветни форми на соработка може да го мотивира родителот на соработка. На крајот како можен проблем се појавуваат дилеми од социјална природа. Доколку

родителите имаат повисоко образование и општествен статус од воспитувачот не ретко се наметнуваат над воспитувачот, со став дека знаат што е подобро да се користи во воспитно-образовната работа, отколку воспитувачот што е директно вклучен во реализација на воспитно-образовната работа. Од друга страна родителите кои се со понизок степен на образование се демотивираат да се вклучат во соработка поради нивото на образование. Како потешкотија при соработката на родителите и градинката се наведува и нерамномерната улога на мајките и татковците во градинката.

## 5.1. Улогата на мајката во процесот на адаптација на деца од рана возраст

Несомнено е дека улогата на мајката во животот на детето остава длабока психолошка трага. Сетилната топлина, нежноста, грижливоста, разбирањето и добронамерноста со кои вистинската мајка го опседнува детето е најважна основа за неговото духовно здравје. Емотивната приврзаност е силна и нераскинлива во овој период од животот на детето и мајката. Откако ќе го одвои од своето тело, мајката го учи своето дете на самостојност. Природната улога на мајката содржи во себе противречност. Мајката во исто време го врзува своето дете при себе и го оддалечува од себе сè со цел да го осамостои и да создаде основа за создавање на емотивни приврзувања со други личности. Овие противречности го сочинуваат единственото дијалектичко единство. Тоа се особини на мајката која успеала да постигне афективна приврзаност со своето дете. Затоа понатамошните реакции на прилагодување на детето во нова средина ќе бидат помалку трауматични за детето. Способноста на мајката да ја покаже својата љубов кон детето во воспитувањето за самостоен живот, а не за себе е најсигурен знак дека се работи за вистинска, неискривена слика за мајчинската љубов кон своето дете. Затоа во најголема мера присутноста на родителите во процесот на адаптација во детската градинка се огледува во присуството на мајката, бидејќи таа во раниот детски живот е најважен лик.

## 5.2. Улогата на таткото во процесот на адаптација на деца од рана возраст

Мислењето кое е актуелно во секојдневната практика дека децата се редовно поприврзани кон мајката отколку кон таткото, сè уште ја прави средината богата со патријархални предрасуди. Фактот што децата чувствуваат силна емотивна приврзаност кон мајката, не треба сосема да ја исклучи улогата на таткото во животот на детето. Во раните детски години улогата на таткото е неспоредливо мала за разлика од жената мајка. Затоа е разбирливо во првите години од животот на детето да ја доживува мајката со значително поголем број на емоции отколку таткото. Но, со сигурност може да се заклучи дека таткото е подеднакво потребен за детето како и мајката и тоа во целиот развоен период. Таткото кој го сака своето дете успева да ја пренесе емоцијата на љубов кон детето и кон мајката, создава природна слика за улогата на таткото во психичкиот развој на детето. Доколку таткото е сензитивна личност не е преоптоварена со предрасудите за татковството, кој од првиот ден од раѓањето на детето му се посветува подеднакво како и мајката, создава слика за единство на мајка и татко во свеста на детето. Тогаш детето ги доживува своите родители како единство како целина. Ако родителите успеваат да создадат кај детето таква слика тогаш тие ја исполниле во целост својата родителска должност. Татковите воспитни постапки во ниту еден случај не смеат да се разликуваат од мајчините. Единствена добра воспитна постапка е усогласената воспитна постапка од двајцата родители.

Родителската улога на таткото во значителна мера е условена од ставовите на мајката врзани за улогата на таткото во воспитување на детето. Мајката ја условува улогата на таткото како родител на два начина: а) таткото функционира независно како родител; б) таткото ја моделира својата родителска улога према мајката. Од амбивалентноста на однесувањето на мајката се развива регулаторно однесување на мајката која поставува граници на учеството на таткото во родителството и го спречува заедничкото подигнување на детето. Таа во извесна мера го лимитира татковото воспитно влијание врз детето во кое обезбедува можност за учење и развој низ

секојдневните активности поврзани за правилен развој на детето. На тоа се должи фактот што најголем број од родителите во процесот на адаптација учествувале мајки, отколку татковци. Подетални согледувања подолу во интерпретацијата на резултатите.

### 5.3. Родителите како активни учесници во процесот на адаптација на децата од рана возраст

Тргнувајќи од важната улога која ја има семејството во раниот детски развој, детската градинка ги гради соработничките односи по пат на акција и активности. Затоа и идејата на овој труд е да укаже на значајноста на поттикнување на соработка меѓу воспитно-згрижувачкиот кадар и детската градинка. Како активен учесник, родителот го набљудува своето дете и до најситниот детаљ може да ја воочи промената која настанува при прилагодувањето кон условите во детската градинка. Тој има можност да се запознае одблиску со учителките кои ќе се грижат за детето. Во тој случај родителот нема да прашува и да се интересира само за тоа дали неговото дете било добро згрижено, туку ќе го прошири неговиот круг на интересирање за правилен и успешен детски развој.

Воспитувачите низ активното учество на родителите во процесот на адаптација на децата имаат можност да ги запознаат одблизу односите во семејството, местото и улогата на поединечните членови на семејството, позитивна или негативна семејна атмосфера, местото и положбата на детето во семејството, што во голема мера го објаснува детското однесување во процесот на адаптација. Покрај тоа и родителите и воспитувачите можат да добијат податоци за детето од лекарот, медицинската сетра, педагогот, социјалниот работник, психологот.

Учеството на родителите во адаптацијата на детето е во значителна мера олеснето со солидно воспоставена соработка на родителите и воспитувачите. Со својот престој во групата родителот му помага на своето дете да стекне доверба во воспитувачот и сигурност во себе, да разбере дека

доаѓањето во градинка не е отфрлување туку специфичен начин на живот во кој родителот и понатаму го задржува приматот.

Партнерските односи му даваат сила на воспитувачот да го надмине стравот од неуспех кај родителите и да делува со својата професионална сигурност во комуникацијата со нив. Предноста на партнерскиот однос се состои во спречување на формирање на двојниот морал и двојните вредносни ориентации. Во партнерската атмосфера детето стекнува самостојност во мислењето и моралното судење. Предноста во непосредната соработка се состои во тоа што ефектот брзо и лесно може да се согледа и провери.

Директното и непосредно вклучување на родителите во процесот на адаптација дава уште една предност, а тоа е можност да се усовршува родителската функција. Со директното вклучување на родителот во градинката создава чувство на сигурност кај детето и кога не е директно присутен. Процесот на адаптација трае пократко и не се забележуваат знаци на тешки типови на адаптација. Стравот од одвојување е во значителна мера намален, а кај децата се буди желба за игра и воспоставување на контакт со активностите, со врсниците, играчките и возрасните. Родителите подобро се запознаваат со режимот на дневните активности, менито за исхрана. Родителите во првите денови се запознаваат со активностите кои се однапред испланирани. Во првата недела децата и родителите остануваат само неколку часа во детската градинка заедно со останатите деца и нивните родители со цел да се запознаат меѓусебно. Втората недела родителите остануват со полудневен престој заедно со децата каде се вклучуваат во организираните активности со воспитувачот. Третата недела децата остануваат сами со децата од групата без присуство на нивните родители само на неколку часа или кај некои деца кои воспоставиле емотивна врска со воспитувачот/негувателката и со полудневен престој и на крајот од истражувачката постапка четвртата недела децата остануваат со целодневен престој или кај некои деца кај кои се забележува среден тип на адаптација со полудневен престој.

# ВТОР ДЕЛ

# МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

## 1. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Проблемот на ова истражување припаѓа во областа на предучилишна педагогија. Мотивите за актуелизација на прашањето за успешност на процесот на адаптација на децата од рана возраст кон условите во детската градинка, произлегуваат од емпириските согледувања на воспитно-згрижувачкиот кадар во детските градинки. Третманот на процесот на адаптација, затвореноста на градинките за соработка со родителите неминовно ја наметнува потребата да се редефинираат и верифицираат некои педагошки и психолошки сознанија во практични рамки, како и следење на современи трендови за организација и прием на деца и родители во детските градинки во периодот на адаптација. Слабата психолошка наобразба на воспитно-згрижувачкиот кадар говори за појавата на бројни дилеми кои се појавуваат токму во овој период. Детската градинка пожелно е да ја подобри својата организациска поставеност токму во периодот на прилагодување на децата кон условите во детските градинки. Истражувањето и актуелизирањето на овој проблем придонесува употреба на посериозен приод на детските градинки кон планирање и реализација на едукативни програми за подигнување на нивото педагошка култура на родителите во периодот на адаптација и неговите специфичности, како и интензивирање на повеќе форми за соработка со родителите во детските градинки. Овој проблем добива свое значење и од аспект на подобрување на условите за реализација на воспитно-образовната работа планирана во овој период, како и од аспект на отвореност на градинката кон семејствата со цел успешно прилагодување на децата од рана возраст.

Потребата за зголемена партиципација на родителите во процесот на адаптација на нивните деца претпоставува полесно и успешно адаптирање на децата од рана возраст кон условите во детската градинка. Предмет на ова истражување е согледување на потребата од активно вклучување на родителите во процесот на адаптација кај деца од рана возраст во детските градинки преку нивно присуство во реализација на секојдневните активности планирани во овој период. Степенот на успешност на процесот на адаптација е директно одреден од типот на индивидуалната адаптација на детето. Насоката

на предметот на истражување се движи од личната, индивидуална адаптација на детето кон социјална адаптација. Проблемот на истражувањето се проучува од следниве аспекти:

- испитување на ставовите на воспитувачите за потребата од вклучување на родителите како активни учесници во процесот на адаптација во детските градинки;
- набљудување на детското однесување во периодот на адаптација во присуство и без присуство на нивните родители;
- испитување на мислењата на родителите за потребата од присуство во процесот на адаптација на нивните деца во детските градинки.

## 2. ДЕФИНИРАЊЕ НА ОСНОВНИТЕ ПОИМИ НА ПРЕДМЕТОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

За да се дефинира предметот на истражување, потребно е да се објаснат неговите основни поими кои се од суштинско значење во неговото одредување.

Поимот адаптација е почеток или прифаќање на нешто ново, прилагодување на условите во кои се наоѓа една индивидуа, прифаќање на нормите и правилата на нова средина соодветна на мотивите и потребите на таа индивидуа. Поимот адаптација е тесно поврзан со поимот социјализација кој се остварува преку социјално учење со помош на основните психички функции: внимание, помнење, мислење, емоции, мотивација. Исто така се поврзува и со поимите персонализација (начини за создавање на автентични личности), и социјална компетенција (создавање на интеракција со возрасни и деца).

- Адаптација или прилагодување е севкупност од реакции со помош на кои индивидуата ја модифицира својата структура или однесување со цел прилагодување на условите на одредена средина.[30]
- Адаптацијата е првиот чекор во психичкиот развој на детето во неговата подготовка за живот. Како сложен и многустран процес,

[30] Pedagoski recnik I (1967), (red. Teodosic, R.), Beograd, Zavod za udzbenike I nastavna sredstva SR Srbije, str.102.

развојот на детето се реализира со непрекинато дејство меѓу детската личност и околината. Психичкиот развој се реализира низ процесот на активно усвојување и целосно адаптирање на детето според барањата на средината во која живее. Според ова поимот адаптација навлегува во доменот на социоемоционалниот развој на детето, кој пак го сочинуваат афективниот аспект на поимот воспитание.

- Емоциите се дефинираат како состојба на зголемена активност на организмот која се манифестира како карактеристично доживување (пријатност односно непријатност), во определени физиолошки промени и со карактеристично надворешно поведение (експресија на емоциите).[31]
- Процесот на адаптација на деца во детската градинка претставува доведување во врска детските основни потреби со можностите на новата средина. Самиот процес зависи од тоа колку средината е приспособена и приспособлива на детската природа која нуди услови за активно учество од една страна, а од друга индивидуалните карактеристики на личноста која се приспособува, нејзиниот дотогашен развој, нејзиното созревање преку процесот на интеграција во општествената средина.[32]

- Детската градинка или преучилишната установа е организација за згрижување, образование и воспитание на децата од предучилишната возраст. Во нив се одвива континуирана воспитна и образовна дејност, при што работата во овие установи е во согласност со научните сознанија за психофизичкиот развој, потребите, способностите и возрасната група на деца сублимирани во програмата со која се остварува дејност од посебен општествен интерес.[33]

---

[31] Rot, N.: *Osnovi socijalne psihologije*, Zavod za udzbenike I nastavna sredstva, Beograd, 1980, str. 207
[32] Каменов, Е. (1988), *Предучилишна педагогија (книга втора)*, Просветно дело, Скопје, стр.57
[33] Pedagoski recnik I (1967) (red.Teodosic, R.), Beograd, Zavod za izdavanje udzbenika SR Srbije, str. 206

- Деца од рана возраст - се подразбира возрасен интервал од 0-6 години. За потребите на ова истражување се прифаќа поделбата на деца според возрасни групи детерминирана од законската регулатива, врз основа на која се организира работата во детските градинки и поделбата на децата по возрасни групи.[34]

- Воспитувачите се стручни лица кои се носители и двигатели на целокупната едукативна дејност и воспитувањето на предучилишните деца во детските градинки.[35]
- Родителите како поим во ова истражување подразбира личности кои ја имаат родителската улога во детските живот, без разлика дали се биолошки родители или не.

## 3. ЦЕЛ И КАРАКТЕР НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Цел на ова истражување е да се добијат сознанија за процесот на адаптација на децата во детските градинки и факторите кои го условуваат тој процес и тоа преку:

- согледување на ефектите од активно вклучување на родителите во процесот на адаптација на деца од рана возраст во детските градинки и одредување на типот на индивидуална адаптација кај децата;
- утврдување на ставовите и мислењата на воспитувачите и родителите за потребата од присутност на родителите во процесот на адаптација на деца од рана возраст.

Ова истражување третира практичен проблем од областа на предучилишната педагогија, кој има карактер на применето истражување. Бидејќи се следи процес кој се одвива во природни услови, а истражувачот е партиципиент во воспитно-образовниот процес во детската градинка,

[34] Дамовска,Л. .(i dr.), Стандарди за рано учење и развој кај децата од 0-6 години, Министерство за труд и социјална политика, Скопје, 1999, стр.

[35] Pedagoski recnik I (1967), (red.Teodosic, R.), Beograd, Zavod za udzbenike I nastavna sredstva SR Srbije, str. 107

истражувањето е акционо со дескриптивен карактер. Појдовните позиции на истражувањето се базираат на емпириското искуство на истражувачот кое е современо, бидејќи третира проблем кој е актуелен и ја осовременува предучилишната практика. Истражувањето е индивидуално. Според обработката на резултатите истражувањето е од квантитативно-квалитативен карактер.

## 4. ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Во постоечката предучилишна практика потребни се промени во периодот кога започнува процесот на адаптацијата на деца од рана возраст. Во согласност со дефинираната цел се поставуваат следниве задачи на истражувањето:

1. Да се испитаат ставовите и мислењата на воспитувачите за степенот на успешност на адаптација на деца од рана возраст преку активно учество на родителите процесот;
2. Да се утврдат потребите на воспитувачите и родителите за интензивирање на форми на соработка во процесот на адаптација;
3. Да се испитаат мислењата на воспитувачите за просторните и организациските услови на детските градинки за прием на деца и родители во периодот на адаптација;
4. Да се испита дали работниот стаж на воспитувачите влијае врз процесот на адаптација на деца од рана возраст;
5. Да се испита присутноста на (индивидуалната) интеракција и комуникација на детето кон воспитувачот, другите деца, игрите и играчките во процесот на адаптација со присуство на родителите (одредена во временски интервал);
6. Да се утврди типот на индивидуалната адаптација преку однесувањето на детето без присуство на родителите во процесот на адаптација (одредена во временски интервал);
7. Да се испита ангажираноста на родителите во процесот на адаптација на децата во детските градинки;

8. Да се утврди дали преку активно учество на родителите во воспитно-образовниот процес ќе се намали времетраењето на процесот на адаптација;
9. Да се испита дали воспитниот стил на родителите влијае на процесот на адаптација на деца од рана возраст;
10. Да се испита дали вработеноста на родителите влијае на процесот на адаптација;
11. Да се испита дали редоследот на раѓање на децата влијае на процесот на адаптација;
12. Да се испитаат ставовите и мислењата на родителите за степенот на успешноста на адаптацијата на децата со нивно активно учество во процесот на адаптација во детската градинка.

## 5. ХИПОТЕЗИ

Општа хипотеза

Постои потреба од зголемена партиципација на родителите во процесот на адаптација на деца од рана возраст во детските градинки.

Посебни хипотези:

1. Воспитувачите имаат позитивни ставови за вклучување на родителите во процесот на адаптација;
2. Воспитувачите имаат негативни ставови во однос на организациските и просторни услови на детската градинка за прием на деца и родители;
3. Постои потреба од организирање на претходно планирана едукативна програма за родители во детските градинки;
4. Постои потреба за интензивирање на формите за соработка со родителите во процесот на адаптација во детските градинки;
5. Постои статистички значајна разлика во ставовите и мислењата кај воспитувачите со различно работно искуство за потребата од присуство на родителите во процесот на адаптација во детската градинка;

6. Присуството на родителите во процесот на адаптација ја подобрува интеракцијата и комуникацијата на детето кон воспитувачот, другите деца, игрите и играчките;
7. Вклученоста на родителите во процесот на адаптација го одредува однесувањето (типот на адаптација) на детето во градинката;
8. Воспитниот стил на родителите влијае врз процесот на адаптација на децата од рана возраст во детските градинки;
9. Родителите имаат позитивни мислења за потребата од активно учество во процесот на адаптација на децата од рана возраст во детските градинки.

## 6. ВАРИЈАБЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Како **зависни** варијабли се јавуваат: ефектите од активно вклучување на родителите во процесот на адаптација на нивните деца во детските градинки и ставовите, мислењата и потребите на воспитувачите и родителите за присутност на родителите во процесот на адаптација на деца од рана возраст во детските градинки.

Како **независни** варијабли се јавуваат: степенот на образование на воспитувачите, работниот стаж на воспитувачите, воспитен стил на родителите, вработеност на родителите, ангажираност на родителите за активно учество во процесот на адаптација, манифестации на однесување на децата во процесот на адаптација во присуство/без присуство на родителите во детската градинка, просторни и организациски услови на градинката, форми за соработка.

## 7. МЕТОДИ, ТЕХНИКИ И ИНСТРУМЕНТИ

Тргнувајќи од предметот на истражување, поставената цел, задачите, хипотезите, за да се добијат потребните податоци се применува дескриптивниот метод. Ставовите, мислењата на воспитувачите и родителите, степенот на интеракција и комуникација на децата и типот на адаптација беа

сублимирани преку аналитичко-синтетичкиот, компаративен и каузален приод на заклучување. При тоа беа употребени следниве техники и инструменти:

Истражувачки техники:

- анализа на содржина; анкетирање; скалирање; партиципативно набљудување.

Инструменти:

а) Анкетен лист – скалер 1:

За анкетирањето и скалирањето наменет за воспитувачите од детските градинки е употребен анкетен лист-скалер, кој има за цел да ги утврди мислењата и ставовите на воспитувачите за активно учество на родителите во процесот на адаптација на деца од рана возраст. Анкетниот лист скалер содржи 17 прашања од отворен, затворен тип, прашања со алтернација и селекција како и скала на проценка – Ликертова скала на проценка. Преку Ликертовата скала на проценка воспитувачите имаа можност да одредат кое тврдење/исказ го сметаат за значајно и присутно во предучилишната практика. Структурата на анкетниот лист скалер ја сочинуваат три групи на прашања кои се однесуваат на следниве целини:

- форми и начини на соработка на воспитувачите со родителите во процесот на адаптација на деца од рана возраст во детските градинки;
- педагошка и психолошка подготвеност на воспитувачот во периодот на адаптација;
- организациона поставеност на градинката во периодот на адаптација и подготвеност за активно вклучување на родителите во процесот.

б) Анкетен лист - скалер 2

Анкетен лист скалер 2, беше наменет за родителите вклучени во процесот на адаптација и ги испитуваше ставовите на родителите за нивно активно учество во процесот на адаптација на децата во детската градинка. Во

овој анкетен лист има 17 прашања од отворен, затворен тип, прашања со алтернација и селекција. Прашањата сочинуваат четири групи и тоа:

- прашања кои го испитуваат мислењето на родителите за потребата детето да посетува градинка;
- формите и начинот на соработка на градинката со родителите во процесот на адаптација;
- воспитниот стил на родителите на децата кои се вклучени во процесот на адаптација со нивно активно учество.
- прашања кои се однесуваат на промените во детското однесување во процесот на адаптација.

в) Протоколи за писмено снимање

Партиципативното набљудување е реализирано со помош на протоколи за писмено снимање. Со нив се добиени фактички податоци за однесувањето на децата кога се во присуство на своите родители и каков тип на адаптација е присутен кај секое дете индивидуално без присуство на нивните родители.

Протоколот 1 е во вид на чек листа со однапред подготвени категории за присутна интеракција и комуникација на детето и ангажираноста на родителите. Во нив со соодветен знак се бележи присутноста или неприсутноста на индивидуалната интеракција и комуникација на децата кон воспитувачот, другите деца, игрите, играчките и ангажираноста на родителите. Категориите кои ја следеа индивидуалната интеракција и комуникација на детето се:

- интеракција и комуникација на детето со родителот;
- интеракција и комуникација на детето со воспитувачот - негувателката;
- меѓусебна интеракција и комуникација на детето со други деца;
- учество на детето во игра;
- однос на детето кон играчките;
- ангажираност на родителите.

Протокол 2 е чек листа за писмено снимање на индивидуалното однесување на децата и одредување на типот на адаптација без присуство на родителите во процесот на адаптација. Инструментот има за цел да ја одреди успешноста на процесот на адаптација со активно вклучување на родителите, при што категориите на однесување се обоени во три бои кои го означуваат типот на адаптација. Откако со соодветен знак се забележа однесувањето на детето како присутно или неприсутно се констатира дека кај мал број на деца се забележува тежок тип на адаптација. Протоколот содржи предвидени искази/тврдења соодветни на фазите во процесот на адаптацијата на децата од рана возраст.

Категориите кои го одредуваат типот на адаптација се следниве:

Тешка адаптација:

- детето покажува екстремно патење кога родителот оди;
- детето се чувствува несигурно или уплашено;
- детето продолжува да покажува знаци на вознемиреност во време на одвојувањето;

Средна адаптација:

- детето се чувствува удобно и може да биде само најголем дел од времето;
- детето се чувствува релаксирано и има повеќе самодоверба;

Лесна адаптација:

- детето слободно се движи во просторијата;
- детето се чувствува сигурно.

## 8. ПОПУЛАЦИЈА И ПРИМЕРОК

За потребите на истражувањето беа користени повеќе примероци и тоа: примерок на детски градинки, примерок на воспитувачи, примерок на родители и примерок на деца.

I фаза: Структурата на наведените примероци има карактеристика на репрезентативен – случаен и стратификуван примерок и се однесува на детските градинки и популација на воспитувачи кои го сочинуваат основниот примерок.

II фаза: Во оваа фаза примерокот е составен од деца на возраст од 2-4 години и нивните родители. Примерокот на испитаници кои се опфатени во партиципативното набљудување е нерепрезентативен пригоден примерок на деца и родители.

Податоците од структурата на примерокот на детските градинки, називот, местото во кое се наоѓаат како и бројот на испитаници се претставени во табела 1.

Табела бр. 1: Податоци за структурата на примерокот

| ДЕТСКА ГРАДИНКА | ВОСПИТНА ГРУПА | ДЕЦА | РОДИТЕЛИ |
|---|---|---|---|
| | | f | f |
| „13 Ноември" | МАЛА ГРУПА (2-4) ГОДИШНА ВОЗРАСТ | 20 | 20 |

Втората фаза на истражувањето опфаќа примерок на деца и нивните родители. Природата на собирањето на податоците, како и природата на нивната разработка (индивидуален пристап кон секој субјект од примерокот) не дозволуваше да се употреби поголем примерок. Затоа го сочинуваат деца на возраст од 2-4 години во хетерогена група број 20. Примерокот на деца е (20), како и примерокот на родители е (20) се зема предвид дека само еден од родителите го пополнуваше анкетниот лист за родители.

## 9. ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА И НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето започна во септември 2010 година и се одвиваше низ три етапи. Првата етапа се однесуваше на подготовките и спроведувањето на акетниот лист скалер 1 за воспитувачи од детските градинки во градско и

централно- градско подрачје на град Скопје. Структурата на примерокот е прикажана во табела бр. 2.

Табела бр. 2: Основна структура на примерок на предучилишните установи во кои е вршено истражувањето.

| ДЕТСКА ГРАДИНКА | МЕСТО-ОПШТИНА | ВОСПИТУВАЧИ | |
|---|---|---|---|
| | | f | % |
| „13 Ноември" | Скопје, Центар | 23 | 20 |
| „Кочо Рацин" | Скопје, Центар | 23 | 20 |
| „Раде Ј. Корчагин" | Скопје, Центар | 12 | 11 |
| „Пролет" | Скопје, Карпош | 30 | 27 |
| „8 Март" | Скопје, Кисела Вода | 25 | 22 |
| **Вкупно** | | **113** | **100,0** |

Примерокот на субјекти го сочинуваа 113 воспитувачи од пет предучилишни установи во град Скопје, при што автоматски е обезбеден избор и структура на примерокот на испитаници (воспитувачи). Структурата на примерокот на испитаници според степенот на образование е прикажана во табела бр. 3.

Табела бр. 3: Структура на примерокот за анкетирање во однос на степенот на образование

| СТЕПЕН НА ОБРАЗОВАНИЕ | ВОСПИТУВАЧИ | |
|---|---|---|
| | f | % |
| Вишо образование | 36 | 32 |
| Високо образование | 74 | 65 |
| Магистерски студии | 3 | 3 |

Табела бр. 4: Структура на примерокот за анкетирање на воспитувачите според високо-образовната институција на која е стекнато образованието:

| ВИСОКО-ОБРАЗОВНА ИНСТИТУЦИЈА | ВОСПИТУВАЧИ | |
|---|---|---|
| | f | % |
| Филозофски факултет-Институт за педагогија | 33 | 29 |
| Педагошки факултет | 43 | 38 |
| Педагошка академија | 34 | 30 |
| друго | 2 | 2 |

Табела бр. 5: Структура на примерокот за анкетирање во однос на работното искуство:

| РАБОТНО ИСКУСТВО | ВОСПИТУВАЧИ | |
|---|---|---|
| | f | % |
| До 10 години | 36 | 32 |
| До 20 години | 28 | 25 |
| До 30 години | 22 | 29 |
| Над 30 години | 27 | 24 |

Избраните примероци на воспитувачи се соодветни на целите, задачите, хипотезите и карактерот на ова истражување. Структурата на примерокот покажува дека се опфатени 5 од 51 детска градинка во РМ, и 113 воспитувачи од вкупната популација од 887 воспитувачи во предучилишните установи на РМ.[36] Со анкетирањето на воспитувачите заврши првата етапа на истражувањето.

Втората етапа се состоеше од писмено снимање на однесувањето на децата во условите на детската градинка преку протоколи (1и2) на партиципативно набљудување кое траеше четири недели. Во првите две

[36] http://www.stat.gov.mk, Статистички преглед 2.4.10.02/646

недели се снимаше однесувањето на децата во присуство на нивните родители, а во последните две се снимаше однесувањето на децата без присуство на нивните родители.

Во првата недела престојот на децата и родителите беше неколку часа, во втората недела родителите присуствуваа заедно со децата на полудневен престој, третата недела децата остануваа во градинка без присуство на нивните родители со полудневен престој, а четвртата остануваа без присуство на родителите со целодневен престој. Во текот на набљудувањето се водеа два типа на протоколи. Со партиципативното набљудување заврши втората етапа на истражувањето.

Третата етапа се состоеше од анкетирање на родителите кои учествуваа во процесот на адаптација во детската градинка.

## 10. ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ

Квантитативната статистичка обработка на резултатите од анкетирањето и скалирањето на воспитувачите е изразена преку пресметување на фреквенции, проценти, аритметичка средина и тестирање на хипотезите со ХИ-квадрат.

Обработката на податоците се одвиваше на централизиран начин, компјутерски со користење на програмите EXEL и STATISTIKA, како и со сигнирање, групирање и табелирање на податоците. За поголема прегледност на податоците, добиените фреквентни вредности се изразени преку графикони, графички скали, пити и дијаграми заедно со нивните процентуални и просечни вредности.

Квалитативната анализа и интерпретација на добиените резултати се презентира преку наративен стил и дескриптивен опис на оделните сегменти од истражувањето. Сите добиени резултати подлежат на анализа и интерпретација, врз основа на што се донесени конкретни заклучоци користејќи го индуктивниот метод.

# ТРЕТ ДЕЛ

# АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1. АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД АНКЕТИРАЊЕТО

### (воспитувачи и родители)

Предучилишните институции и семејството се дел од општествената заедница. Културниот, јавниот и општествениот живот на една заедница се извор на сознанија и развојни потенцијали за децата. Соработката која ја остварува детската градинка и воспитувачите со општествената средина му обезбедуваат на детето нова форма на вонсемејно воспитание преку која ќе го воведат во светот на возрасните. За да може институционалното воспитание и образование на предучилишните деца да прерасне во општествено воспитание, непоходно е предучилишните установи да се поврзат со општествената средина и да се „отворат" кон влијанијата која ги нуди. Детската градинка како институција за воспитание и образование на деца од предучилишна возраст секогаш треба да ги следи најновите педагошки достигнувања како насока за подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа. Расчекорот меѓу традиционалниот третман на воспитувачот во општеството и современите воспитно-образовни потреби за реализација на квалитетен воспитно-образовен процес, ги поставуваат воспитувачите пред тешка задача - што поадекватно да одговорат пред новите предизвици за холистички развој на детето во идното општество.

Според одговорите на респодентите од анкетата може да се заклучи дека градинките сè уште не ги прифаќаат новите текови на современите педагошки достигнувања. Речиси половина (43%) од одговорите на испитаниците укажуваат на фактот дека некритички се прифаќаат новите идеи на воспитувачите од страна на раководниот тим на градинките. Тоа значи дека (32%) од испитаниците се соочуваат со индиферентен став за внесување на нови идеи во воспитно-образовната практика. Мал процент на испитаници (12%) сметаат дека постои правилен однос кон новите идеи, односно се избираат само најдобрите.  Само (10%) од испитаниците одговориле дека средината е против внесување на новини, а (4%) немале мислење во врска со ова прашање.

Табела бр. 6

| Дали Вашата градинка е „отворена" за внесување на новини во воспитно-образовната работа? | f | % |
|---|---|---|
| Некритишки се прифаќа секоја нова идеа | 48 | 43 |
| Постои индиферентен став, кон новите идеи | 36 | 32 |
| Постои правилен однос, се стимулираат и прифаќаат само најдобрите | 14 | 12 |
| Средината е против внесување на новини | 10 | 9 |
| Немам мислење за ова прашање | 5 | 4 |
| **Вкупно** | **113** | **100** |

Графикон бр.1




„Отворениот" систем на предучилишно воспитание и образование и неговата концепција треба да биде во функција на детето и неговите потреби, која претставува заедничко место на живеење на децата и возрасните. Детската градинка како отворен систем на воспитување подразбира отвореност првенствено кон родителите и нивно директно ангажирање во осмислување и планирање на воспитно-образовната работа, која пак во својата основа ја сочинува меѓусебната соработка на родителите со воспитувачите. На прашањето дали родителите имаат слободен пристап во градинката,

воспитувачите ги изнесоа своите ставови за значајноста и точноста (присутноста) на дадениот исказ кои се претставени во табела бр. 7.

Табела бр. 7

| ЗНАЧАЈНО | | | | Тврдење/исказ | ТОЧНО/ПРИСУТНО | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | | 1 | 2 | 3 | |
| f | 0 | 29 | 84 | Родителите имаат слободен пристап во вашата градинка. | 69 | 31 | 13 | f |
| % | 0 | 26 | 74 | | 46 | 37 | 17 | % |
| $\overline{X}_1$=2,7 | | | | | $\overline{X}_2$=1,5 | | | |

Анализата на податоците добиени од пресметаната аритметичка средина ( $\overline{X}_1$=2,7) на левиот дел од табелата бр.7 укажува дека воспитувачите ја оценуваат како многу значајна потребата родителите да имаат слободен пристап во градинката. Додека пак пресметаната средна вредност ( $\overline{X}_2$=1,5) на одговорите од воспитувачите, во десниот дел од скалерот покажува дека во практиката родителите немаат слободен пристап во детските градинки.

Отсуството на слободен пристап на родителите во детските градинки во најголема мера се должи на лошите просторни услови. Ентериерот и екстериерот наметнуваат потреба од промени-преуредување на просторот внатре и надвор во детските градинки. Во овој контекст влегува и „отвореноста" кон возрасните групи и непостоење на ѕидови меѓу занималните како единствен простор кој нема да го попречува детето слободно да се движи. Во нашата практика овој вид на „отвореност" е невозможен, па пожелно е повремено мешање на групите како би се овозможила интеракција и комуникација меѓу децата од различна возраст. Ставовите на воспитувачите говорат дека условите за прием на деца и родители се речиси невозможни во периодот на адаптација. Во следната табела се прикажани ставовите на воспитувачите за ова тврдење.

Табела бр. 8

| ЗНАЧАЈНО | | | | Тврдење/исказ | ТОЧНО/ПРИСУТНО | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | | 1 | 2 | 3 | |
| f | 7 | 32 | 74 | Вашата градинка има поволни просторни услови за прием на деца и престој на нивните родители. | 76 | 27 | 10 | f |
| % | 6 | 28 | 66 | | 67 | 24 | 9 | % |
| $\overline{X}_1=2,6$ | | | | | $\overline{X}_2=1,4$ | | | |

Добиените податоци од пресметаната аритметичка средина укажуваат на висока просечна вредност на одговорите од левиот дел од скалерот ( $\overline{X}_1=2,6$) за кој повеќе од половина воспитувачи (66%) сметаат дека просторните услови во детската градинка се многу значајни за прием на деца и родители во периодот на адаптација. Врз основа на ниската просечна вредност ( $\overline{X}_2=1,4$) на десниот дел на скалерот можеме да заклучиме дека (67%) од воспитувачите сметаат дека поволните просторни услови во градинките не се присутни во практиката.

Графикон бр. 2




Графикон бр.3




Зголемениот број на деца во возрасните групи за многу воспитувачи претставува проблем кој недозволува внесување на новини во воспитно-образовната практика кои се во прилог на успешна адаптација на децата. Незадоволството на воспитувачите по однос на приемот на деца и родители во периодот на адаптација се должи на зголемениот број на запишани деца во

возрасните групи. Резултатите од податоците се прикажани во следната табела.

Табела бр.9

| Тврдење/исказ | ТОЧНО/ПРИСУТНО | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | |
| Зголемениот број на примени деца во групата негативно влијае врз процесот на адаптација. | 0 | 8 | 105 | f |
| | 0 | 7 | 93 | % |
| | $\overline{X}_2$=2,9 | | | |

Според анализираните податоци прикажани во табелата бр. 4 (93%) од воспитувачите сметаат дека зголемениот број на деца во групите негативно влијае врз процесот на адаптација. Од пресметаната аритметичка средина во десниот дел од скалерот се утврдува дека постои висока просечна вредност на одговори ( $\overline{X}_2$=2,9) на испитаниците кои сметаат дека оваа негативна појава на запишување на деца над нормативот утврден во „Законот за детска заштита-член 55"[37] е целосно присутна во секојдневната практика на детските градинки. Прикажаните процентуални вредности докажуваат дека состојбата на детските градинки во централно-градско подрачје на град Скопје, со зголемен број на деца во групите, е значително загрижувачка и бара употреба на конкретни стратегии.

Анализата на претходно интерпретираните податоци укажува на фактот дека воспитувачите имаат негативни мислења за прифаќање и на родителите во процесот на адаптација во детската градинка со нивните деца поради лошите просторни и организациски услови во детската градинка.

[37] http://www.mlrc.org.mk/ "Службен весник на Република Македонија", (03.03.2010). br.98/2000.

Со тоа се докажува **хипотезата бр.2** дека: *„Воспитувачите имаат негативни ставови за просторните и организациските услови на детската градинка за прием на деца и родители".*

Воспитно-образовните програми за работа со деца од рана возраст треба да го изразуваат духот на современите европски тенденции за воспитување на детето. Богатството и разновидноста на активностите кои се реализираат во периодот на адаптација треба да ги следи желбите и интересите на децата, а родителите да одлучат која активност опфатена во програмата е најинтересна за неговото дете. Ова пред сè е значајно за поттикнување на мотивација кај новите деца за доаѓање во градинка. Градинката во периодот на адаптација не дава јасна слика за програмата која ја реализира во овој период, иако воспитувачите сметаат дека родителите покажуваат интерес за планираните програмски активности. Анализата на податоците е прикажана во следната табела.

Табела бр.10

| ЗНАЧАЈНО | | | | Тврдење/исказ | ТОЧНО/ПРИСУТНО | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | | 1 | 2 | 3 | |
| f | 4 | 32 | 77 | Родителите покажуваат интерес за програмските активности планирани во периодот на адаптација. | 17 | 34 | 62 | f |
| % | 4 | 28 | 68 | | 15 | 30 | 55 | % |
| $\overline{X}_1=2,6$ | | | | | $\overline{X}_2=2,4$ | | | |

Податоците од пресметаната средната вредност ($\overline{X}_1=2,6$) во левиот дел од скалерот упатуваат на тоа дека повеќе од половина од воспитувачите (68%) интересот на родителите за планираните активности го сметаат како многу значаен за успешен процес на адаптација на нивните деца. И во десниот дел од скалерот просечната вредност ($\overline{X}_2=2,4$) на одговорите е висока, пришто укажува на фактот дека е присутна во целост во практиката. И покрај тоа што воспитувачите мислат дека интересот на родителите за програмските

активности планирани за периодот на адаптација е значаен и присутен во практиката, градинката нема соодветно поставени цели и задачи за постоење на едукативна програма која ќе ја подигне педагошката култура на родителите и ќе даде доволно информации за специфичностите на процесот на адаптација кај децата од рана возраст.

Реализацијата на едукативна програма е директно поврзана со постоење на психо-педагошки советувалишта кои работат во рамките на детската градинка и имаат за цел да ги информираат и едуцираат родителите за многубројните потешкотии во различни периоди на развој кај детето.

Табела бр.11

| ЗНАЧАЈНО | | | | Тврдење/исказ | ТОЧНО/ПРИСУТНО | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | | 1 | 2 | 3 | |
| f | 5 | 27 | 80 | Во процесот на адаптација на деца од рана возраст, во вашата градинка постои однапред планирана едукативна програма. | 54 | 55 | 4 | f |
| $\overline{X}_1=2,6$ | | | | | $\overline{X}_2=1,6$ | | | |

Од пресметаната аритметичка средина во скалерот од левата страна може да се забележи висок просек на одговори од респондентите ( $\overline{X}_1=2,6$) кои сметаат дека е многу значајно да се организира однапред планирана едукативна програма за родителите во периодот на адаптација. Одговорите од другиот дел на скалерот, со највисока фреквентност на одговорите (ф=54) и (ф=55) од респондентите укажуваат дека не е присутна или делумно е присутна однапред планирана едукативна програма во детските градинки. Под едукативната програма за родители, воспитувачите подразбираат изработка на летоци, информативни текстови истакнати во информативните катчиња, но не и посериозен пристап кон организирање и реализација на содржини кои се неопходни за едуцирање на родителите пред почетокот на адаптивниот период. Можните решенија за подобрување на секојдневната практика се наоѓаат во организациските услови на градинката по однос на актуелизирање

на психо-педагошки советувалишта за родители. Во нив родителите ќе можат претходно да се подготват и да се запознаат со суштината и значењето на процесот на адаптација. Формите на соработка може да се различни како: реализација на работилници, организирање на родителски средби пред започнувањето на периодот на адаптација.

На прашањето дали нешто би измениле во планирањето и реализацијата на активностите во периодот на адаптација една четвртина од воспитувачите мислат дека планот за септември треба да опфати повеќе музички, ликовни и активности по физичко воспитување, да се планираат активности кои ќе ги едуцираат родителите за спецификите на периодот на адаптација, да се планираат работилници на тема „Што е потребно да се прави во овој период?", да се следи интересот на децата во овој период, воведување на сукцесивна адаптација.

Преку обработените податоци се докажува **хипотезата бр. 3**: *„Постои потреба од организирање на однапред планирана едукативна програма за родители во детските градинки."*

Повеќе од половина воспитувачи (68%), во текот на адаптација најчесто се чувствуваат опуштено и смирено, 20% се чувствуваат радосно и незначително мал процент (11%) од нив се нервозни и вознемирени во периодот на адаптација на новопримените деца во детската градинка. Податоците се прикажани во следниот графикон.

Графикон бр.4



Високиот процент на смирени и опуштени воспитувачи во периодот на адаптација, покажува дека постои психичка подготвеност на воспитувачите за соочување со сите можни потешкотии кои произлегуваат во процесот на адаптација. Најголем дел од воспитувачите (89%) се доживуваат како личности со висок степен на емпатија и сочувствуваат со емоциите на децата. Анализата на процентите е прикажана во следниот графикон бр: 5.

Графикон бр. 5




На ист начин периодот на адаптација го доживуваат и родителите бидејќи тие имаат доверба кон воспитниот кадар и се емотивно подготвени заедно со своите деца да го започнат процесот на адаптација. Тоа значи дека и родителите и воспитувачите покажуваат заемна доверба која доведува до смалување на негативните импликации во однесувањето на децата во процесот на адаптација. Според воспитувачите дел од родителите реагираат на поинаков начин, односно 27% од нив се вознемирени, но ја прикриваат својата емотивна состојба. Графикон бр. 6



Според добиените податоци во анкетниот лист за родители највисока фреквенција се забележува кај одговорот „родителите во процесот на адаптацијата се чувствуваат вознемирено и нервозно". Половина од родителите се вознемирени, од нив 30% се радосни, но не се смирени (20%).

Графикон бр.7




Во своите одговори тие наведуваат дека ги вознемирува фактот што ги оставаат своите деца кај непознати личности, со што се јавува потреба од претходна соработка пред отпочнување на периодот на адаптација.

Во својата основа соработката е заемна информираност на родителите и воспитувачите за сè она што се однесува на развојот и воспитувањето на децата како во семејството така и во детската градинка. Заемната информираност претставува размена на информации врзани за животот на детето, информации врзани за детската градинка и информации за развој на детето. Сите овие информации се разменуваат преку најразлични форми на соработка.

Групните родителски состаноци како форма на соработка со родителите овозможуваат запознавање на родителите со специфичностите на детската градинка, нејзината организација, редот и распоредот на секојдневните активности. Повеќе од половината од испитаниците (64%) ја одржуваат оваа средба еднаш во учебната година, односно една четвртина од испитаниците родителските средби ги одржуваат еднаш на шест месеци (24%). Незначително

мал број на воспитувачи (ф=12) организираат родителски средби на секои три месеци.

Табела бр. 12

| Колку пати во текот на една година Вашата градинка организира групни родителски состаноци? | f | % |
|---|---|---|
| Еднаш годишно | 72 | 64 |
| Еднаш на шест месеци | 27 | 24 |
| Еднаш во три месеци | 12 | 10 |
| Ниеднаш | 0 | 0 |
| Без одговор | 2 | 2 |

Графикон бр.8




Според добиените податоци можеме да заклучиме дека оваа форма на соработка е од општ, информативен карактер кој сепак не е доволен за родителите да добијат целосна слика за активностите кои ги организира и реализира градинката. Притоа за подобра комуникација и соработка со родителите се нудат и други форми, односно индивидуални разговори, огласни табли, летоци, сопствени списанија, интернет портал.

Индивидуалните разговори се најчесто застапена форма на соработка со родителите. Според фреквенцијата на одговорите (ф=107) од респодентите, преку оваа форма на соработка, родителите најчесто се информираат за спецификите на процесот во периодот на адаптацијата на своите деца. Една

третина од воспитувачите (ф=82) ги користат информативните катчиња, односно огласните табли на кои се истакнуваат сите потребни информации кои се поврзани за адаптацијата на децата во детската градинка. Иако летоците, списанијата и интернет порталите се од големо значење за постојана информираност на родителите, сепак податоците укажуваат на нивната слаба застапеност.

Табела бр.13

| Преку кои форми на соработка ги информирате родителите за начинот на соработка во периодот на адаптација на новите деца во градинката? | f | % |
|---|---|---|
| Огласни табли | 82 | 33 |
| Индивидуални разговори | 107 | 44 |
| Летоци | 29 | 12 |
| Интернет портал | 17 | 7 |
| Сопствени списанија | 9 | 4 |

Графикон бр.9




Покрај взаемната информираност и стекнување на сознанија за развојот на детето, неопходно е дружење со детето во градинката, но и во семејството. Единствената форма на соработка која обезбедува запознавање на индивидуалните карактеристики на детето и социо-емоционалната семејна средина во која расте детето е „посета на семејството". Оваа форма на соработка бара претходна подготовка и реализација со максимален степен на

професионалност на тимот кој ја спроведува. Оваа најмалку употребувана форма на соработка меѓу родителите и воспитниот кадар во градинките создава простор за повисок степен на соработка со родителите т.е. взаемно учество (подеднакво партиципирање или воспоставување на партнерски односи) во воспитувањето на детето.

На прашањето дали воспитувачите ја одобруваат употребата на формата за соработка, посета на семејството, се добиени податоци прикажани во следниот графикон.

Графикон бр.10




Според прикажаниот графикон приближно една петтина (18%) од воспитувачите сметаат дека е потребно да се посети семејството на новото дете, половина од нив (55%) сметаат дека тоа е непотребно и воопшто не го практикуваат како форма на соработка, додека (27%) од испитаниците сметаат дека можеби е потребно да се практикува оваа форма на соработка. Иако воспитувачите се запознаени со „посета на семејството" како форма на соработка во периодот на адаптација, незаинтересираноста за истата се должи на фактот што мал број на воспитувачи се запознаени со нејзината правилна реализација. Непрофесионалноста е недозволена, а бара повеќе време и ангажман при изведување на истата. Најголем дел од испитаниците кои се подготвени за оваа форма на соработка се помлади воспитувачи кои имаат до дваесет години работно искуство.

Врската помеѓу мислењата на испитаниците и нивното работно искуство е претставена во следната табела:

Табела бр.14 Мислење на воспитувачите за реална реализација на формата за соработка „Посета на семејството" во периодот на адаптација

| Дали практикувате посета на семејството на новото дете, поради подобро запознавање на индивидуалните карактеристики на детето и социо-емоционалната клима на семејството во која расте? | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *да* | | *не* | | *понекогаш/ретко* | | *вкупно* | |
| *Работно искуство* | f | % | f | % | f | % | f | % |
| До 10 години | 30 | 83 | 4 | 11 | 2 | 6 | 36 | 100 |
| До 20 години | 24 | 89 | 1 | 7 | 3 | 4 | 28 | 100 |
| До 30 години | 5 | 23 | 10 | 45 | 7 | 32 | 22 | 100 |
| Над 30 години | 2 | 9 | 14 | 61 | 11 | 30 | 27 | 100 |

$x^2 = 48{,}58$   $p < 0{,}01$ за $(df=6)=16{,}81$

Според податоците од табелата бр.14, може да се заклучи дека мислењето на испитаниците за практикување на посетата во семејството на новите деца како форма на соработка во периодот на адаптација зависи од работното искуство на воспитувачите. Воспитувачите кои имаат работен стаж до 20 години (83%) и (89%) мислат дека формата на соработка „Посета на семејството" е пожелно и препорачливо да се реализира со цел подобро запознавање на социоемоционалната клима во семејството и карактеристиките на однесувањето на детето кое ќе ја посетува градинката. Додека воспитувачите кои се со работен стаж над 20 години со висок процент на одговори (45%) и (61%) се изјасниле дека не сакаат да ја употребуваат оваа форма на соработка ниту понекогаш (32%) и (30%). Според овие податоци може да се заклучи дека постарите воспитувачи иако биле во минатото вклучени во оваа форма на соработка не сакаат да ја реализираат поради долгата подготовка, неможноста за посета поради далечината на местото на живеење на семејството која ги зголемува патните трошоци на воспитувачот, недоволна мотивираност за стекнување на нови сознанија за значењето на овој тип на соработка.

Родителите на истото прашање во анкетата за родители одобруваат посета на семејството и тоа со нависок процент (100%). Родителите сметаат дека оваа форма на соработка ќе помогне за поуспешно прилагодување на нивните деца во условите на детската градинка, која овозможува основа за квалитетна понатамошна комуникација на релација дете-воспитувач-родител.

Графикон бр.11 Мислење на родителите за употреба на „Посета на семејството" како форма за соработка со детската градинка




Од анализата на податоците се докажува **хипотезата бр. 4** дека *„Постои потреба за интензивирање на формите за соработка со родителите во процесот на адаптација во детските градинки"*.

Во процесот на адаптацијата детето е активен субјект во воспитно-образовниот процес. Високата фреквенција на одговорите на воспитувачите (ф=81) што укажува на негување на партнерскиот однос на воспитувачите со децата.

Графикон бр.12




Од друга страна пак воспитувачите се изјасниле со висока фреквенција на одговорите (ф=92) кои употребуваат демократски стил на работа.

Графикон бр.13




Од прикажаните фреквентни вредности може да се заклучи дека најголем број на воспитувачи употребуваат демократски стил на работа при што детето го третираат како активен субјект во процесот на адаптација.

Графикон бр.14



Високата процентуална вредност на одговорите во графиконот бр. 14 докажува дека воспитувачите негуваат партнерски однос и со негувателките во процесот на адаптација на децата. А тоа пак говори за фактот дека воспитувачите сметаат дека негувателките треба да бидат поактивни партнери во реализација на планираните активности во периодот на адаптација. Овие податоци се докажуваат со високиот процент (74%) на воспитувачи кои се изјасниле дека профилот негувателки треба да биде повеќе оспособен во методички поглед.

Воспитувачите во периодот на адаптација често пати доаѓаат во безизлезни ситуации со децата кои во најголем дел тешко се адаптираат. Поради бројноста на групите со нови деца и оние кои се веќе адаптирани, манифестираат однесување на тежок тип на адаптација. Најчесто имаат регресивни однесувања и повторно се адаптираат заедно со новите деца. Обезбедувањето на слободен пристап на родителите во градинката и вклучувањето во процесот на адаптација позитивно делува на однесувањето на детето и го олеснува процесот на адаптација.

Табела бр.15

| ЗНАЧАЈНО | | | | Тврдење/исказ | ТОЧНО/ПРИСУТНО | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | | 1 | 2 | 3 | |
| f | 5 | 6 | 102 | Процесот на адаптација на децата од рана возраст ќе биде поуспешен, доколку се присутни родителите. | 93 | 9 | 11 | f |
| $\overline{X}_1=2,8$ | | | | | $\overline{X}_2=1,3$ | | | |

Врз основа на добиените просечни вредности на статистичките показатели ( $\overline{X}_1=2,8$) во врска со ова тврдење може се заклучи дека кај мнозинството од испитаниците присуството на родителите го сметаат за многу значајно во процесот на адаптација. Во другиот дел на скалерот се забележува низок просек на одговори на испитаниците ( $\overline{X}_2=1,3$) кој упатува на фактот дека тврдењето не е присутно во предучилишната практика.

Повеќе од половина воспитувачи (65%) сметаат дека присуството на родителите ќе го олесни процесот на адаптација кај нивните деца, 20% од воспитувачите сметаат дека присуството на родители нема да ја олесни адаптацијата и 15% сметаат дека можеби ќе се олесни адаптацијата во нивно присуство. Ова прашање има најголем број на коментари (44) подеднакво дадени за сите категории за кои воспитувачите се одлучиле да го дадат својот одговор.

Графикон бр.15




Испитаниците кои позитивно одговориле на ова прашање сметаат дека преку топлината и пријателското расположение на родителите кон воспитно-згрижувачкиот кадар ќе придонесе детето побрзо да стекне доверба во воспитувачот, побрзо да развие чувство на сигурност, ќе добие емотивна поддршка, ќе ја развие социјалната компетенција, побрзо ќе го надмине стравот од новата средина и ќе се чувствува пријатно. Оние испитаници кои сметаат дека присуството на родителите нема да го олесни процесот на адаптација коментираат дека адаптацијата се одвива отежнато, социјализацијата на децата е невозможна, ги вознемирува другите деца во групата, емотивната приврзаност се зголемува и може да се појават уште поголеми потешкотии кога детето треба да остане само на целодневен престој, ќе се продолжи адаптивниот период, не постои соработка меѓу децата. Испитаниците кои одговориле дека присуството на родителите можеби ќе ја олесни адаптацијата коментираат дека можеби детето тешко ќе ја прифати

новонастанатата ситуација кога родителот мора да си оди, доколку детето има претходни проблеми со социјализација, зависност од индивидуалните карактеристики на децата, присуството на родителите пречи на воспитно-згрижувачкиот кадар, ако се долготрајно присутни во градинката, предизвикување на спротивен ефект од основата цел, како и зависност од предзнаењата и работното искуство на воспитувачите за специфичностите на процесот на адаптација, степенот на емпатија, како и поддршката од страна на институцијата и локалната самоуправа.

Од податоците се докажува **хипотезата бр.1** *„Воспитувачите имаат позитивни ставови за вклучување на родителите во процесот на адаптација на деца од рана возраст во детската градинка."*

Повеќе од три четвртини од воспитувачите кои на ова прашање одговориле со позитивен став се со помало работно искуство. Врската меѓу работниот стаж и мислењата на воспитувачите за присуството на родителите е прикажано во табелата бр.16.

Табела бр. 16

| Дали вие како воспитувач, сметате дека присуството на родителите би ја олеснило адаптацијата на нивните деца? | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *да* | | *не* | | *можеби* | | *вкупно* | |
| *Работно искуство* | f | % | f | % | f | % | f | % |
| До 20 години | 59 | 81 | 4 | 17 | 1 | 6 | 64 | 57 |
| Над 20 години | 14 | 19 | 19 | 83 | 16 | 94 | 49 | 43 |
| Вкупно | 73 | 65 | 23 | 20 | 17 | 15 | 113 | 100 |

$x^2 = 45{,}11$ $p < 0{,}01$ за $(df=2)=9{,}210$

Врз основа на добиените вредности на статистичките величини прикажани во табелата може да се констатира дека кај 81% од испитаниците со работно искуство до 20 години, постои позитивен став за присутноста на родителите во процесот на адаптација. За разлика од нив, кај испитаниците со поголем работен стаж (над 20 години), 83% сметаат дека присуството на родителите не го олеснува процесот на адаптација и не се подготвени за внесување на промена од ваков тип. Тоа значи дека воспитувачите кои имаат

работно искуство до 20 години работен стаж се најподготвени за прифаќање на новини и промени кои би го олесниле процесот на адаптација кај деца од рана возраст. Тоа се должи на фактот што во најголем дел кај овие воспитувачи постои ентузијазам за негување на партнерски односи со децата и родителите. Хи квадратот е 45,11 и покажува статистички значајна разлика на ниво на 0,01.

Од обработените податоци се докажува **хипотезата бр.5** *„Постои статистички значајна разлика во ставовите и мислењата на воспитувачите со различно работно искуство за потребата од присутност на родителите во процесот на адаптација."*

Во однос на можните потешкотии со кои би се соочиле воспитувачите при вклучувањето на родителите како активни учесници во процесот на адаптација, испитаниците при анкетирањето имаа можност да се одлучат за повеќе одговори.

Табела бр.17

| Реден број на прашањето | *При воведувањето на родителите како активни учесници во процесот на адаптација, со кои потешкотии би се соочиле?* | f | % | Ранг |
|---|---|---|---|---|
| 8 | Голем број на деца во воспитните групи | 106 | 36 | **1** |
| 6 | Лоши просторни услови | 42 | 14 | **2** |
| 7 | Слаба опременост со нагледни средства | 31 | 11 | **3** |
| 5 | Недостасува тимска работа | 22 | 8 | **4** |
| 9 | Незаинтересираност од страна на родителите | 20 | 7 | **5** |
| 1 | Недоволна лична информираност | 18 | 6 | **6** |
| 4 | Потребно време за подготовка | 16 | 6 | **7** |
| 3 | Традиционалистички сфаќања на директорот | 13 | 4 | **8** |
| 2 | Отсуство на воспитен кадар | 12 | 4 | **9** |
| 10 | Без одговор | 11 | 4 | **10** |

Од табелата на обработените податоците може да се констатира дека првиот ранг припаѓа на бројноста на групите како основна и најголема потешкотија со која би се соочиле воспитувачите при вклучување на родителите во процесот на адаптација. Процентуалната вредност изнесува 36% од вкупниот број на испитаници. На вториот ранг се лошите просторни услови кои ги има градинката за воведување на родителите за кои се одлучиле 14% од испитаниците. Слабата опременост со нагледни средства е на третиот ранг како и недостатокот на тимска работа на четвртиот. Овие две ставки укажуваат на фактот дека воспитувачите во периодот на адаптација имаат поголема потреба од тимска работа особено со вклучувањето на родителите како активни учесници во процесот на адаптација во детската градинка. Петторангирана ставка на потешкотии со која би се соочиле воспитувачите во вклучувањето на родителите во процесот на адаптација е недоволната заинтересираност на родителите за која се одлучиле 7% од испитаниците. Овој средишен ранг во скалата се поврзува со вработеноста на родителите и неможноста да одвојат време за престој во градинката со своите деца.

Графикон бр.16




Воспитувачите при анкетирањето навеле и други потешкотии со кои би се соочиле во процесот на адаптација како посесивноста на родителите кон своите деца, недоверба кон воспитно-згрижувачкиот персонал, одржување на хигиената во просторијата каде престојуваат децата, недоволна едукација на родителите за значењето на нивната присутност во процесот на адаптација,

слаба оспособеност на воспитувачите за истовремена работа со деца и родители (работилници).

Родителите имаа можност да се изјаснат со кои потешкотии се соочија како активни учесници во процесот на адаптација. Рангираните одговори се прикажани во следната табела.

Табела бр.18

| Реден број на прашањето | *Со кои потешкотии се соочивте како активни учесници во процесот на адаптација на Вашето дете?* | f | % | Ранг |
|---|---|---|---|---|
| 8 | Голем број на деца во групите | 18 | 35 | **1** |
| 1 | Недоволна лична информираност | 10 | 19 | **2** |
| 6 | Лоши просторни услови | 8 | 15 | **3** |
| 9 | Незаинтересираност за соработка од страна на другите родители | 7 | 13 | **4** |
| 2 | Отсуство на воспитен кадар | 4 | 8 | **5** |
| 4 | Потребно време за подготовка | 3 | 6 | **6** |
| 3 | Слаба опременост со нагледни средства | 2 | 2 | **7** |
| 7 | Традиционалистички сфаќања на стручниот тим | 1 | 2 | **8** |
| 5 | Недостасува тимска работа | 0 | 0 | **9** |
| 10 | Без одговор | 0 | 0 | **10** |

Според анализираните податоци добиени од ранг-табелата може да се заклучи дека на највисок ранг се наоѓа зголемениот број на запишани деца во групите. Фреквентноста на одговори на респондентите (ф=18) докажува дека најголема потешкотија за родителите во постигнување на успешен процес на адаптација е зголемениот број на деца во групите. На втор ранг со 19% испитаниците се одлучиле за одговорот недоволна лична информираност. Високиот ранг на оваа ставка се должи на слабата педагошка едуцираност. Лошите просторни услови во градинката се потешкотија за која се определиле 15% од испитаниците. Родителите високо ја рангираат недоволната соработка

од страна на родителите вклучени во процесот на адаптација, што се должи на високиот процент на пасивни родители во првата недела на престој во градинката.

Графикон бр.17




Графикон бр.18




Најниско рангирани се традиционалистичките сфаќања на стручниот тим на градинката за активно вклучување во процесот на адаптација на деца од рана возраст, што значи дека воспитувачот и негувателката во групата се подготвени за создавање партнерски односи со родителите.

На прашањето што би промениле во однос на активното вклучување на родителите како услов за успешна адаптација, родителите коментирале дека: потребно е да се воведе термин за консултации со воспитувачите/негувателките, збогатување на едукативната содржина на

активностите, ажурирање на информациите за однесувањето на децата во периодот на адаптација, бројот на примени деца во групите.

Работниот ангажман на родителите негативно влијае на успешното вклучување на родителите во процесот на адаптација. Тргнувајќи од секојдневната практика сè поретко можат да се забележат родители кои се во можност активно да се вклучат во процесот на адаптација поради работниот ангажман. На тврдењето во скалерот „вработеноста на родителите негативно влијае врз успешноста на процесот на адаптација на нивните деца", половина од воспитувачите сметаат дека е значајна за успешен процес на адаптација.

Табела бр.19

| ЗНАЧАЈНО | | | | Тврдење/исказ | ТОЧНО/ПРИСУТНО | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | | 1 | 2 | 3 | |
| f | 37 | 65 | 11 | Вработеноста на родителите негативно влијае врз успешноста на процесот на адаптација на нивните деца. | 32 | 68 | 11 | f |
| % | 33 | 57 | 10 | | 29 | 61 | 10 | % |

Забелешка: Двајца испитаници не се изјасниле за присутноста на исказот.

Анализата на податоците добиена преку статистичките показатели на процентуални и фреквентни вредности, покажува дека 57% од испитаниците сметаат дека вработеноста на родителите е значајна за успешно вклучување на родителите во процесот на адаптација. Повеќе од половина (61%) од воспитувачите сметаат дека тврдењето е делумно точно, бидејќи повеќе родители и покрај многубројните работни обврски покажуваат интерес за активно учество во реализација на активностите предвидени во периодот на адаптација.

Родителите кои го сочинуваа примерокот во анкетата за родители, највисок процент (82%), се изјасниле дека се и двајцата вработени.

Графикон бр.19




И покрај тоа што најголем дел од испитаниците беа работно ангажирани, присуството во процесот на адаптација позитивно го оценуваат, а соработката со учителките ја смеетаат како одлична.

Табела бр. 20 и 21: Мислење на родителите за нивното учество во процесот на адаптација и соработката со воспитно-згрижувачкиот кадар.

| Присуството во процесот на адаптација на Вашето дете го отценувате како: | f | % |
|---|---|---|
| Пожелно | 12 | 60 |
| Непожелно | 0 | 0 |
| Задолжително | 8 | 40 |

| Како ја оценувате соработката со воспитувачот/негувателката во периодот на адаптација на Вашето дете: | f | % |
|---|---|---|
| Одлична | 16 | 80 |
| Добра | 4 | 40 |
| Лоша | 0 | 0 |

Високиот процент на одговори (60%) укажува на фактот дека повеќе од половина испитаници го оценуваат присуството на родителите во процесот на адаптација како пожелно, помалку од половина (40%) како задолжително и нема испитаници кои сметаат дека присуството е непожелно. Највисока фреквенција на одговорите (ф=16) на родителите за квалитетна соработка со воспитно-згрижувачкиот кадар ја оценуваат како одлична, а како добра (ф=4).

Децата во периодот на адаптација манифестираат различно однесување во семејството и во градинка. Во најголем број случаи од искуствата на воспитно-згрижувачкиот кадар и родителите, децата кои растат во позитивна

семејна клима кои се афективно сигурно приврзани за своите родители полесно и побрзо воспоставуваат емотивни односи со персоналот во градинката. Кај овие деца тешкиот тип на адаптација трае кратко. Однесувањето на децата во семејството може да се промени во значителна мера. Преку активното вклучување на родителите во процесот на адаптација се настојува ова однесување на децата да не се промени драстично. Тежината на процесот на адаптација децата ја чувствуваат, но со позитивна интеракција и комуникација и однос кој се базира на доверба и емотивна топлина од воспитувачите/негувателките и родителите, успешно се надминува овој момент.

Од податоците добиени од анализата на прашањето дали децата го промениле своето однесување кон себе и кон членовите на семејството по завршувањето на процесот на адаптација, испитаниците одговориле со следниве процентуални и фреквентни вредности.

Графикон бр:20




Графикон бр:21




Најмал процент од испитаниците (10%) сметаат дека децата имаат промени во однесувањето по процесот на адаптација кон себе и кон членовите во семејството, додека најголем процент (85%) одговориле дека децата делумно го промениле своето однесување. Промените во однесувањето може да се анализираат од следната табела.

Табела бр. 21

| Ред.бр. на прашањето | До кои промени дојде кај Вашето дете по завршувањето на процесот на адаптација | f | % | Ранг |
|---|---|---|---|---|
| 2 | Напредува во самостојноста при вршење на хигиенски навики | 18 | 11 | 1 |
| 8 | Полесно го прифаќа одвојувањето од родителите | 17 | 10 | 2 |
| 9 | Креативно е во играта | 17 | 10 | |
| 10 | Покажува зголемена љубопитност | 17 | 10 | |
| 1 | Напредува во говорниот развој | 17 | 10 | |
| 3 | Полесно стапува во контакт со други деца | 16 | 10 | 3 |
| 4 | Полесно стапува во комуникација со возрасни | 16 | 10 | |
| 5 | Повеќе е плачливо дома отколку во градинка | 15 | 9 | 4 |
| 11 | Пее песнички, помалку е тврдоглаво | 12 | 7 | 5 |
| 14 | Тешко се одвојува од родителите, но за кратко време се смирува | 6 | 4 | 6 |
| 7 | Раздразливо е | 6 | 4 | |
| 6 | Има проблеми со спиењето, се буди ноќе | 3 | 2 | 7 |
| 12 | Одбива да оди во градинка и манифестира физиолошки тегоби (повраќа, го боли стомак и сл.) | 3 | 2 | |
| 13 | Има проблеми со апетитот | 3 | 2 | |
| 15 | Агресивно е кон други деца и возрасни | 2 | 1 | 8 |
| 16 | Се случува да мокри во сон | 0 | 0 | 9 |

Графикон бр. 22




Според анализата на добиените податоци од испитаниците може да се констатира, дека највисоко фреквентен одговор (ф=18) е напредувањето во самостојното вршење на хигиенските навики кај кое се наоѓа на првиот ранг. Второрангираното однесување го делат повеќе категории како: полесно го прифаќа одвојувањето на родителите, креативно е во играта, покажува зголемена љубопитност, напредува во говорниот развој што дефакто укажува дека градинката претставува поттикнувачка средина за детскиот развој. На третиот ранг се наоѓаат категориите полесно комуницира со возрасни и деца со иста процентуална вредност (10%). Мал процент (4% и 2%) од родителите одговориле дека се присутни категориите тешко се одвојува од родителите и раздразливо е, што укажува дека типичните однесувања за тешок тип адаптација се незабележителни. На последните рангови 7,8,9 се наоѓаат најниските фреквенции на одговори од респондентите при што се докажува дека децата воопшто не манифестирале однесувања типични за сепарациска анксиозност.

Воспитниот стил на родителот е рефлексија на неговата личност од една страна и општествено-културните влијанија од друга страна. Колку влијае воспитниот стил на родителите врз процесот на адаптација на нивните деца во детската градинка во следнава група на анализирани податоци.

Табела бр. 22

| ЗНАЧАЈНО | | | | Тврдење/исказ | ТОЧНО/ПРИСУТНО | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | | 1 | 2 | 3 | |
| f | 2 | 82 | 29 | Воспитниот стил на родителите влијае на процесот на адаптацијата. | 4 | 67 | 42 | f |
| $\overline{X}_1$=2,2 | | | | | $\overline{X}_2$=2,3 | | | |

Од обработката на статистичките показатели може да се констатира дека воспитувачите во просек ( $\overline{X}_1$=2,2) сметаат дека воспитниот стил на родителите значајно влијае на процесот на адаптација, додека во другиот дел на скалерот може да се забележи просечна вредност на дадените одговори ( $\overline{X}_2$=2,3) дека исказот е делумно точен.

Воспитниот стил на родителите во најголема мера ја содржи во себе емоционалната компонента во односот родител-дете и го прави еден од најзначајните фактори на воспитното влијание во семејството. Воспитниот стил е дихотомна релација која ја дефинира семејната атмосфера во која детето расте и се развива. Овој однос е од клучно значење за одредувањето на типот на адаптација на децата кои за прв пат доаѓаат во градинка. Иако постои висока фреквенција на одговори на воспитувачите кои се определиле дека воспитниот стил е значаен, но делумно точен, целта на овој дел од анализата на податоците е да докаже дека воспитниот стил на родителите влијае врз процесот на адаптација. Во најголем број случаи од секојдневната практика, децата кои имаат автократски и анархични родители најтешко се адаптираат на новата средина, отколку децата кои имаат демократски родители. Во табелата се прикажани фреквентни и процентуални вредности на неколку прашања кои го одредуваат воспитниот стил на примерокот родители.

Табела бр. 23

| Воспитанието на Вашето дете во рамките на семејството е: | f | % |
|---|---|---|
| 1. строго | 2 | 10 |
| 2. спонтано | 16 | 80 |
| 3. слободно | 2 | 10 |

Графикон бр: 23




Табела бр:24

| Во воспитанието на Вашето дете најчесто употребувате: | f | % |
|---|---|---|
| 1. казна | 5 | 25 |
| 2. награда | 14 | 70 |
| 3. ретко употребувате педагошки мерки | 1 | 5 |

Графикон бр:24




Табела бр: 25

| Потребите на Вашето дете во семејството: | f | % |
|---|---|---|
| 1. Ги ставате после потребите на семејството | 5 | 21 |
| 2. Рамноправни се со потрените на семејството | 15 | 79 |
| 3. Не внимавате на тоа | 0 | 0 |

Графикон бр: 25




Табела бр: 26

| За видот и изгледот на облеката на Вашето дете: | f | % |
|---|---|---|
| 1. Одлучувате Вие | 14 | 70 |
| 2. Се договарате со него | 4 | 20 |
| 3. Одлучува детето | 2 | 10 |

Графикон бр: 26



Од анализата на процентуалните вредности прикажани во графиконите бр. 23,24,25,26 може да се заклучи дека на четирите прашања кои се конструирани да го утврдат воспитниот стил на родителите се пресметани ниски процентуални вредности на првите категории (10%,21%,25%) за кои се одлучиле родителите, освен на последното прашање (70%) во табела бр.26 која ги прикажува категориите од контролното прашање со цел да ги провери исказите на родителите. Првите категории во табелите со број 23,24,25 го означуваат автократскиот воспитен стил на прашањата, вторите категории – демократскиот и третите категории го означуваат анархичниот (слободен) воспитен стил. Според највисоките проценти на одговорите, 80% од родителите сметаат дека воспитанието на детето во семејството е спонтано, во воспитанието на детето најчесто употребуваат награда (70%), а потребите на детето ги третираат рамноправно (79%) при што се потврдува дека родителите најчесто употребуваат демократски воспитен стил. На контролното прашање „За видот и изгледот на облеката на Вашето дете" во табела бр. 26 одговориле 70% од родителите и се определиле за првата категорија која припаѓа на автократскиот воспитен стил, а 20% го застапуваат демократскиот стил. Тоа се должи на субјективниот момент при пополнувањето на анкетите и предвидување на можниот исход од дадениот одговор.

Најниски проценти (10%, 5%, 0%, 10%) застапуваат родители кои употребуваат анархичен воспитен стил.

Ако ги земеме предвид контролните категории највисок процент од испитаниците во примерокот имаат автократски воспитен стил (70%), демократски (20%), и анархичен воспитен стил (10%).

Анализата на податоците од отвореното прашање имаше цел да даде поверодостојни податоци за определбата на воспитниот стил на родителите кои го сочинуваа примерокот на спроведената анкета. Родителите имаа можност со избор на повеќе ставки да означат кои постапки ги употребуваат во воспитувањето на своите деца. Податоците може да се проследат во следната табела.

Табела бр: 27

| ПОСТАПКИ КОИ ГИ ПРИМЕНУВААТ РОДИТЕЛИТЕ ВО ВОСПИТУВАЊЕТО | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Тип на воспитен стил | Реден број на постапка | Постапки | f | Вкупно f | Вкупно % | ранг |
| Автократски воспитен стил | 3 | Секогаш барате послушност од него без приговор | 3 | 32 | 28 | 2 |
| | 4 | За да Ве слуша употребувате строги педагошки мерки | 2 | | | |
| | 7 | Постојано го контролирате и спречувате да извршува некоја активност | 5 | | | |
| | 10 | Најчесто одбегнувате да го милувате поради стравот да не го разгалите | 7 | | | |
| | 13 | Вие знаете што му треба и сами донесувате одлука за него | 15 | | | |
| Демократски воспитен стил | 1 | Го третирате како член на семејството со кого подеднакво се договарате | 18 | 62 | 54 | 1 |
| | 2 | Разговарате со детето за дневните случувања | 16 | | | |
| | 9 | Најчесто ја користите наградата како воспитна мерка | 14 | | | |
| | 12 | Го почитувате неговото мислење и често прифаќате негови предлози | 13 | | | |
| | 14 | Се договарате за најголем број на активности кои заедно ги изведувате | 11 | | | |
| Анархичен воспитен стил | 5 | Го оставате да згреши, затоа што од грешките се учи | 8 | 20 | 18 | 3 |
| | 6 | Го оставате само на себе да стекне разни искуства | 2 | | | |
| | 8 | Воспитувањето на Вашето дете го препуштате на детската градинка | 8 | | | |
| | 11 | Во ништо не го контролирате сметате дека тоа е штетно | 0 | | | |
| | 15 | Го оставате детето без обврски „слободно да расте“ | 2 | | | |

Графикон бр: 27



Од анализата на податоците добиени од здружувањето на фреквенциите на постапките кои го одредуваат воспитниот стил може да се заклучи дека, иако најголем процент на родители на контролното прашање го одредија својот воспитен стил како автократски, постапките кои ги употребуваат во воспитувањето на своите деца се демократски при што се констатира дека прецизноста на изборот на воспитни постапки веродостојно го одредува воспитниот стил на родителите. Највисок процент (64%) од респондентите се определија за демократскиот стил на воспитување, при што се покажува (види подолу во графикон бр: 36, дека најголем процент од децата имаат среден до лесен тип на адаптација.

Од претходно анализираните податоци се докажува **хипотезата бр.8** *„Воспитниот стил на родителите влијае врз процесот на адаптација на децата од рана возраст во детските градинки".*

Следната група на прашања има за цел да покаже кои се мотивите на родителите да го запишат своето дете во градинка, како и улогата на бројноста на членови во семејството, број на деца во семејството, и редослед на раѓање на детето.

Најголем дел од родителите одлучуваат да го вклучат своето дете во градинка поради примарна социјализација. Нешто повеќе од половина (55%) од испитаниците сметаат дека детето преба да го вклучат во детската градинка поради социјализација и повеќе од една четвртина (30%) сметаат дека воспитувањето треба да почне од најрана возраст на детето. Ставот на родителите укажува на постоење на висок степен на мотивираност за воспоставување на партнерски односи со воспитно-згрижувачкиот кадар во градинката за што говорат следниве податоци. На прашањето како родителите ја доживуваат детската градинка, 65% од испитаниците сметаат дека градинката е партнер во воспитувањето на нивните деца при што може да се навести успешна соработка меѓу градинката и родителите.

Бројноста на членовите во семејството, бројот на деца во семејството како и редоследот на раѓање на детето во значителна мера може да влијае врз

процесот на адаптација на детето. Овие фактори позитивно делуваат и на социјализацијата на детето. Повеќе од половина од испитаниците (65%) се со три членови во семејството, бројот на деца е едно дете за кои се определиле (ф=13) родители и исто толку редоследот на раѓање на деца (ф=13) е прво дете.

Со претходно обработените податоци се докажува **хипотезата бр.9:** *„Родителите имаат позитивни мислења за активно учество во процесот на адаптација на децата од рана возраст во детските градинки."*

## 2. ЗАКЛУЧОК ОД АНАЛИЗАТА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈАТА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД АНКЕТИРАЊЕТО

(на воспитувачите и родителите)

Од обработените податоци на двете спроведени анкети за воспитувачи и родители се изведува следниов заклучок. Иако детските градинки опфатени во репрезантативниот стратификуван примерок се градинки од градско и централно градско подрачје на град Скопје, постои мал процент на воспитувачи кои се изјасниле дека нивните идеи некритички се прифаќаат од стручниот тим на градинката за внесување на новини во воспитно-образовната работа. Детската градинка не е „отворена" за слободен пристап на родителите и одвивање на непречена соработка со воспитувачите. Создадениот јаз се наоѓа во односот на ресорното министерство кон градинките и согледување на значењето во примената на современите светски сознанија за развојот на детската личност.

Просторните и организациски услови на детските градинки не даваат можност за прием на нови деца со нивните родители кое пак е директно условено од големиот број на деца кои се запишани во секоја возрасна група во градинките. Иако преку реализацијата на многубројните „Програма за воспитно-образовна работа со деца од предучилишна возраст во Јавните

детски градинки на РМ", програма како „Чекор по чекор", проекти „Основи на демократијата – Пат кон граѓанско општество" „Инклузија на деца со посебни потреби", како и примена на „Стандарди за рано учење и развој", бараат постојана и зголемена потреба од соработка со родителите. Едукативните програми се малку застапени, иако родителите покажуваат интерес за планираните програмски активности кои се реализират во периодот на адаптација на децата од предучилишна возраст. Потребата за организирање на психопедагошки советувалишта во рамките на детските градинки е задолжителна и дава конкретно решение за постоечкиот проблем во секојдневната практика. Од друга страна воспитувачите сметаат дека постои потреба родителите да го подигнат нивото на педагошка едукација на кој начин ќе стекнат соодветни сознанија за најновите сознанија и стратегии за развој на детската личност. Формите на соработка со родителите во детските градинки се сведуваат на огласни табли и индивидуални разговори. Потребата од интензивирање на формите на соработка се согледува во внесување и употреба на форми кои се веќе заборавени од страна на детските градинки, а кои интензивно се употребувале во минатото. Формата на соработка „Посета на семејството", повеќе ги засега воспитувачите кои имаат помало работно искуство, додека постарите воспитувачи сметаат дека оваа форма на соработка не треба да се употребува. Причините за состојбата лежат во тежината на реализација на истата, која бара зголемен ангажман за подготовка и реализација на оваа форма на соработка со семејството.

Иако најголем број на воспитувачи се генерално со негативен став за прием на нови деца со нивните родители во детските градинки, сепак тие имаат позитивни ставови за присутноста на родителите во процесот на адаптација на нивните деца. На тоа укажува фактот што воспитувачите се со висок степен на чувство на емпатија и сочувствуваат со тежината и појавата на можни проблеми кои би можеле да се јават при процесот на адаптација.

Со активно вклучување во процесот на адаптација на родителите во детската градинка може да се заклучи дека кај најголем број на деца се забележани позитивни промени во однесувањето. Родителите сметаат дека со

внесувањето на оваа новина во воспитно-образовната практика, детските градинки воспоставуваат партнерски односи меѓу воспитувањето на децата во институциите и семејството. Со тоа изразуваат позитивни мислења за активно вклучување на родителите во детските градинки.

# 3. АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ПРОТОКОЛ 1

## (за писмено снимање на однесувањето на децата во присуство на родителите во процесот на адаптација)

Протоколот за писмено снимање на индивидуалното однесување на децата во процесот на адаптација со активно учество на родителите ја следи интеракцијата и комуникацијата на децата во групата и ангажираноста на нивните родители. Категориите преку кои се следи индивидуалното однесување се: интеракција и комуникација со родителите, со воспитувачот/негувателката, со другите деца, учеството во игра, однос на детето кон играчките како и ангажираноста на родителите во процесот. Протоколот се водеше во временски интервал од две недели. Во првата недела набљудувањето траеше два часа колку што беа присутни родителите и децата, а втората недела набљудувањето траеше неколку часа, односно децата престојуваа со родителите на полудневен престој во градинката. Испитаниците го сочинуваат примерок од деца (20) во хетерогена група на возраст од 2-4 години и примерок од родители (20). Набљудувачот кој беше партиципиент во истражувањето, бележеше соодветни однесувања на детето со знак во претходно подготвени чек листи.

За појасен приказ на податоците добиени од набљудувањето пресметани се фреквенции и процентуални вредности за категориите кои ја третираа интеракцијата и комуникацијата на децата, а во посебна табела ангажираноста на родителите во процесот на адаптација на нивните деца. Податоците се интерпретираат со употреба на компаративно-аналитички приод.

Табелата бр. 28 ја следи интеракцијата и комуникацијата на децата во присуство на нивните родители во процесот на адаптација.

Табела бр.28:

| *Интеракција и комуникација на децата во присуство на родителите во процесот на адаптација во текот на првата и втората недела* | Прва недела на престој | | Втора недела на престој | |
|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % |
| Интеракција и комуникација на децата со родителите | 10 | 50 | 3 | 15 |
| Интеракција и комуникација на децата со воспитувачот/негувателката | 3 | 15 | 7 | 35 |
| Интеракција и комуникација со други деца | 2 | 10 | 3 | 15 |
| Учество на децата во игра | 2 | 10 | 2 | 10 |
| Однос на децата кон играчките | 3 | 15 | 5 | 25 |
| Вкупно | 20 | 100 | 20 | 100 |

Определбата за овие категории на следење на индивидуалната адаптацијата на децата во градинката произлегува од развојните потреби на децата соодветни на возраста на деца од примерокот. Секоја категорија има претходно подготвени поткатегории, кои се всушност забележани однесувања на детето од страна на партиципиентот кој истражува. Следењето и забележувањето на секое однесување беше на крајот од првата и втората неделата. Сите однесувања на детето во процесот на адаптација во присуство на родителите се наведени во поткатегорите кои подетално може да се видат во прилозите на овој труд. Процентуалните вредности кои ја прикажуваат интеракцијата и комуникацијата се прикажани во графикон бр.28 и бр. 29.

Графикон бр. 28




Графикон бр.29



Од процентуалните вредности може да се забележи дека половина од децата (50%) во првата недела оствариле интеракција и комуникација со своите родители, за разлика од втората недела каде само 15% од децата оствариле интеракција и комуникација со родителите. Децата беа покрај родителите се додека тие беа во нивната близина. Мал процент од децата (15%) во првата недела воспоставија однос кон воспитувачката/негувателката, за разлика од втората недела каде комуникацијата на децата беше зголемена (35%). Тоа се должи на запознавањето со возрасните во групата, како и изведувањето на заедничките активности во организираното групно време и слободни активности. Разликата во процентуалната вредност на интеракцијата и комуникацијата на детето со други деца не е голема. Во првата недела таа изнесувала (10%), а во втората (15%). Во овој период на развој децата сѐ уште играат самостојно и не стапуваат веднаш во контакт, како што е случај кај четиригодишните деца кои имаат видлива потреба за игра. Тоа се должи на фактот што категоријата учество во игра има иста процентуална вредност (10%) во текот на двете недели. Односот кон играчките во просторијата каде престојуват децата и родителите процентуално се зголемува од (15%) на (25%). Децата покажуваа интерес за играчките во занималната и истражуваа разни начини на играње, но не стапуваа во заедничка игра.

Интеракцијата и комуникацијата на децата во текот на првата и втората недела може да се проследи на прикажаниот дијаграм бр.1.

Дијаграм бр.1:




| категории на однесување на децата | со родители | со воспитувач/ негувателка | со други деца | учество во игра | однос кон играчки |
|---|---|---|---|---|---|
| прва недела | 10 | 3 | 2 | 2 | 3 |
| втора недела | 3 | 7 | 3 | 2 | 5 |

Податоците прикажани на дијаграмот ја прикажуваат промената во однесувањето на децата во текот на првата и втората недела на престој во градинка со своите родители. Децата во првата недела повеќе остваруваа интеракција и комуникација со своите родители, за разлика од втората недела каде повеќе комуницираа и покажуваа интерес за вклучување во активностите организирани од воспитувачот. Комуникацијата со другите деца се зголемува во втората недела како и интересот за играчките во занималната. Учеството во заедничка игра со децата останува на ниско ниво во текот на првата и втората недела, поради непознавање на децата како и порадиегоцентричната фаза од нивниот развој. Колку родителите беа ангажирани во процесот на адаптација на секое дете, говорат податоците во табелата бр. 29.

Табела бр.29

| *VI Ангажираност на родителите* | Прва недела на престој | | Втора недела на престој | |
|---|---|---|---|---|
| | *f* | *%* | *f* | *%* |
| Родителите се пасивни набљудувачи | 5 | 25 | 3 | 12 |
| Родителите се вклучуваат повремено | 3 | 27 | 4 | 18 |
| Родителите се активно вклучени | 2 | 7 | 5 | 25 |
| Присутна е мајка на детето | 7 | 25 | 5 | 20 |
| Присутен е татко на детето | 1 | 3 | 2 | 15 |
| Присутни се двајцата родители | 1 | 13 | 1 | 10 |
| Вкупно | 20 | 100 | 20 | 100 |

Последната категорија од Протоколот 1 за писмено снимање на однесувањето на децата во процесот на адаптација во присуство на родителите се анализира одвоено од останатите категории. Родителите како учесници во процесот на адаптација беа набљудувани преку поткатегориите пасивни родители, повремено се вклучуваат и активни учесници. По пресметаните фреквенции и процентуални вредности се забележува висок процент на присуство на мајката во текот на две недели (37%) и (25%) за разлика од таткото кој е присутен во мал процент во првата недела (5%) и во втората (10%). Но, сепак постои зголемување на присутноста на татковците што се должи на отворениот пристап за комуникација од страна на воспитно-згрижувачкиот кадар за прием на децата во градинката.

Процентуалните вредности на ангажираноста на родителите во процесот на адаптација е прикажана во следните графикони бр.30 и бр.31.

Графикон бр.30




Графикон бр.31




Родителите на самиот почеток беа исполнети со чувство на страв и недоверба кон воспитувачот и негувателката во групата.

Во втората недела родителите имаа можност да останат со своите деца на полудневен престој во градинката и активно да се вклучат во реализирањето на секојдневните активности во градинката. Тоа поволно влијаеше на децата. Во првата недела процентот на пасивни родители (26%) се намали на (15%) во втората недела, родители кои се вклучуваа повремено во првата недела (16%) се зголеми на (20%), а родителите кои активно

учествуваа во првата недела (11%) процентот се зголеми на (25%). Активното учество на родителите е прикажано на следниот графикон.

Графикон бр. 32




Од податоците на прикажаниот графикон се воочува дека постои висока фреквенција (ф=5) на однесувања на пасивни родители во текот на првата недела во однос на втората недела во која бројот на пасивни родители е намален (ф=3). Пасивното однесување на родителите во првата недела се должи на низа фактори. Откако родителите беа запознаени со планот за реализација на дневните активности и со целта на престојот во градинката, активно учествуваа во сите заеднички активности. Сепак дел од родителите останаа пасивни и набљудуваа, а поголем дел повремено се вклучуваа во заедничките активности. Кон крајот на втората недела родителите активно беа вклучени во сите активности (ф=5).

На следниот графикон е прикажана присутноста на родителите во процесот на адаптација во текот на првите две недели.

Графикон бр.33




Учеството на мајката во процесот на адаптација е поголемо во однос на таткото во текот на двете недели. Нејзиното присуство се должи на фактот што детето е сè уште емотивно приврзано, таа манифестира чувство на страв за своето дете (егистенцијален страв). Но, тргнувајќи од емпириските искуства од праксата најголем број од децата кои се адаптираат во градинка повеќе се вознемируваат и потешко се адаптираат кога се со мајката, отколку со таткото. Додека детето е мало се забележува зголемено аберантно однесување на мајката кон таткото, што се должи највеќе на фактот на презафатеност на таткото со работа, патријархалното сфаќање за улогата на таткото во семејството.

Од добиените податоци се докажува ***хипотезата бр.6*** *„Активното учество на родителите во процесот на адаптација ја подобрува интеракцијата и комуникацијата на детето кон воспитувачот/негувателката, другите деца, игрите и играчките"*.

# 4. АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ПРОТОКОЛ 2

(за писмено снимање на однесувањето на децата без присуство на родителите во процесот на адаптација)

Протоколот 2 за писмено снимање е конструиран во форма на чек-листа со однесувања на децата кои се групирани во седум категории кои ги претставуват фазите на секој тип на адаптација. Категориите се обележани во боја и го одредуваат типот на индивидуалната адаптација на детето. Фазите на секој тип на адаптација се преземени од Џули Дош како чек-листа за следење на „Културолошка адаптација на деца"[38].

Целта на употребата на овој протокол е да го сними однесувањето на децата без присуство на нивните родители во процесот на адаптација. Снимањето се одвиваше во текот на последните две недели од истражувањето во третата и во четвртата недела.

Добиените фреквенции и проценти се прикажани во следната табела. Табела бр.30

| *Однесување на децата во процесот на адаптација без присуство на родителите во текот на третата и четвртата недела* | Трета недела на престој | | Четврта недела на престој | |
|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % |
| Детето покажува екстремно патење кога родителот си оди | 1 | 10 | 0 | 0 |
| Детето се чувствува несигурно и уплашено | 2 | 20 | 1 | 5 |
| Детето продолжува да покажува знаци на вознемиреност во време на одвојувањето | 6 | 30 | 2 | 10 |
| Детето се чувствува удобно и може да биде само најголем дел од времето | 5 | 15 | 6 | 35 |
| Детето се чувствува релаксирано и има повеќе самодоверба | 4 | 15 | 7 | 30 |
| Детето слободно се движи во просторијата | 1 | 5 | 3 | 10 |
| Детето се чувствува сигурно | 1 | 5 | 1 | 10 |
| Вкупно | 20 | 100 | 20 | 100 |

[38] www.wstcoast.org, "Faze u nastanjenju I kulturoloskoj adaptaciji dece u okruzenju decje nege", (02.04.2009).

Типот на адаптација е одреден преку категориите:

- тешка адаптација – детето покажува екстремно патење кога родителот си оди, детето се чувствува несигурно и уплашено, детето продолжува да покажува знаци на вознемиреност;
- средна адаптација – детето се чувствува сигурно, може да биде само најголем дел од времето, детето се чувствува релаксирано и има повеќе самодоверба;
- лесна адаптација – детето слободно се движи во просторијата, детето се чувствува сигурно.

Процентуалните вредности се прикажани во графиконите бр.34 и бр.35 и го следат однесувањето на децата во третата и четвртата недела.

Графикон бр.34




Графикон бр.35




Од добиените податоци може да се заклучи дека во третата недела најголема процентуална вредност има категоријата „детето покажува знаци на вознемиреност во време на одвојувањето" (30%) и го одредува тешкиот тип на адаптација кај поголем број на деца во групата, но во четвртата недела се намалува на (10%). Во четвртата недела најголем процент има категоријата „детето се чувствува релаксирано и има повеќе самодоверба" (35%) и означува дека најголем број на деца во четвртата недела имале среден тип на

адаптација. Односот на процентуалните вредности може да се види на следниот дијаграм бр.2.

Дијаграм бр.2:




| | екстремно патење | несигурно | вознемирено | удобно | релаксирано | слободно се движи | сигурно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| трета недела | 1 | 2 | 6 | 5 | 4 | 1 | 1 |
| четврта недела | 0 | 1 | 2 | 6 | 7 | 3 | 1 |

Од прикажаниот бар дијаграм може да се заклучи дека во третата недела на снимање на однесувањата на децата во групата без присуство на нивните родители, највисока фреквенција на однесувања се забележува на категоријата „вознемиреност" преку која децата манифестираат плачење, но се смируваат кога ќе го прегрне учителката, или кога ги гледа другите деца како играат, се приврзува кон една учителка и не иницира игра, прифаќа некои играчки од учителката и кратко игра со нив, дозволува учителката да му помогне. Оваа категорија припаѓа на последното ниво на тежок тип на адаптација која покажува однесувања типични и за средниот тип на адаптација. Пониски фреквенции на забележани однесувања кај децата припаѓаат на категориите „децата се чувствуваат удобно и релаксирано" пришто може да се заклучи дека овие деца имаат среден тип на адаптација. Во текот на четвртата недела највисока фреквенција на забележани однесувања на децата припаѓаат на категоријата „детето се чувствува релаксирано и има повеќе самодоверба" каде децата манифестираат однесувања на појава на заедничка игра со своите врсници, покажуват самоиницијативност, почнуваат слободно да се движат во

занималната и сл. Сите овие однесувања го одредуваат средниот тип на адаптација кон лесен тип. Интересно е да се забележи што ниту едно дете не се почувствува сигурно, категорија која го обележува високото ниво на лесна адаптација, туку децата покажуваа вознемиреност кога нивната учителка не беше во нивната непосредна близина. Тоа укажува на фактот дека децата емотивно се приврзале со својата учителка што во праксата се смета дека детето веќе се прилагодило на условите во детската градинка.

Графички прикажано најчестиот тип на адаптација во текот на третата и четвртата недела е средниот тип на адаптација.

Графикон бр.36




| | 3 недела | 4 недела |
|---|---|---|
| лесна | 2 | 4 |
| средна | 9 | 13 |
| тешка | 9 | 3 |

Од податоците во графиконот може да се констатира дека во третата недела тешкиот тип на адаптација кај децата е во близок сооднос со средниот тип на адаптација. Средниот тип на адаптација кај децата е во поголем процент во четвртата недела кога децата остануваат на целодневен престој во градинката. Лесниот тип на адаптација е повеќе застапен во четвртата недела, но сè уште во мал процент. Појавата на високиот процент на среден тип на

адаптација се должи на активното вклучување на родителите во процесот на адаптација на децата од рана возраст во детските градинки.

Отпочнувањето со попладневен одмор на децата претставува уште едно и последно прилагодување, кое е подеднакво тешко како и при запознавањето и воспоставувањето на интеракција со личностите кои детето ги среќава во градинката за прв пат. Адаптацијата на децата не завршува во четвртата недела. Таа трае сè додека е  детето во детската градинка. Во секојдневната практика искуствата покажуваат дека тешкиот тип на адаптација е на највисок степен две до три недели кај поголем број на деца. Податоците од спроведените снимања покажуваат дека присуството на родителите на новопримените деца во значителна мера допринесува да се намалат манифестации на однесувања типични за тежок тип на адаптација уште во првата недела на престој на децата во градинка.

Преку добиените податоци се докажува **хипотезата бр.7**:*„Вклученоста на родителите во процесот на адаптација го одредува однесувањето (типот на адаптација) на детето во градинката."*

## 5. ЗАКЛУЧОК ОД АНАЛИЗАТА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈАТА НА ПРОТОКОЛИТЕ 1 И 2

Добиените резултати од писменото снимање во текот на четири недели на адаптација на деца од рана возраст во детските градинки во присуство и без присуство на родителите во процесот, може да се заклучи дека вклученоста на родителите во процесот на адаптација ја подобрува интеракцијата и комуникацијата на детето со воспитувачот, другите деца, играта и играчките. Ангажираноста на родителите за учество во процесот на адаптација се зголемува, а особено се зголемува процентот на родители кои активно учествуваат во реализацијата на секојдневните активности. Типот на адаптација кај децата во значителна мера е одреден од присуството на родителите во градинката. Довербата и емотивниот контакт кои ја изразуваат родителите кон воспитно-згрижувачкиот кадар, кај своите деца создаваат

здрава основа за прифаќање на новата средина и личностите во непосредното опкружување, траењето на процесот на адаптација се намалува во значителна мера. Тешката адаптација беше одредена преку третата подкатегорија од протоколот 2. Кај ниту едно дете не се појавија знаци на сепарациска анксиозност, мал број на деца беа несигурни и уплашени. Активното учество (присуство) на родителите во процесот на адаптација поволно влијае врз прилагодувањето на децата во новите услови во детската градинка.

Преку анализата на добиените податоци од протоколите се докажува општата **хипотеза бр.1** дека *„Постои потреба од зголемена партиципација на родителите во процесот на адаптација на деца од рана возраст во детската градинка"*.

Сознанијата и заклучоците добиени од анализата на податоците од протоколите, се однесуваат за испитуваниот примерок во ова истражување, кој не е репрезентативен и не дава можност за генерализација на законитост за вкупната популација на деца и родители.

ЧЕТВРТ ДЕЛ

# ЗАКЛУЧОК, БИБЛИОГРАФИЈА, ПРИЛОЗИ

## ЗАКЛУЧОК

Однесувањето на децата од рана возраст за време на адаптацијата зависи од начинот на организација и реализација на воспитно-образовната работа која се одвива во овој период. Присуството на родителите е еден од скапоцените фактори за успешна адаптација-прилагодување без стресови и трауми кои доведуваат до трајни последици во претстојниот психички развој на детето. Воспитувачите и негувателките искажуваат позитивни ставови и мислења за практикување на ваков пристап во периодот на адаптација во детските градинки. Тие сметаат дека со активно вклучување и прием на деца и родители се надминува еден од најголемите проблеми кај децата, тешкиот тип на адаптација при што кај многу деца доведува до неможност за адаптирање сè додека не појде во училиште. Во постојаната практика за прием на деца на возраст од 2-4 годишна возраст кои доаѓаат без претходна подготовка, периодот на адаптација трае до осум недели при одредување на тешко-среден тип на адаптација. Процентот на деца со тешка адаптација пропратена со појава на сепарациска анксиозност е доволно голем, поради што дел од родителите се откажуваат од намерата своето дете да го запишат во градинка. Со воведување на активно вклучување на родителите во процесот на адаптација, траењето на процесот на адаптација се намалува за три до четири недели. Децата изразуваат минимум вознемиреност во текот на одвојувањето на родителите во третата недела, но тие однесувања исчезнуваат за три до четири дена. Со воведување на сукцесивна адаптација, им се овозможува и на воспитно-згрижувачкиот кадар да направат план за прием на деца во различни периоди кои се очекува да траат краткотрајно.

Од добиените податоци на истражувањето може да се забележи дека сите показатели одат во прилог на тоа дека родителите и децата им треба краток временски период да се навикнат на заеднички живот во група, учат разновидни начини на комуникација и игри, воспоставуваат интеракција со децата и возрасните, стекнуваат одредени хигиенски навики, се осамостојуваат, имаат напредок во говорните способности, како и независно однесување. Останатите родители кои не беа вклучени во примерокот, како и

останатиот персонал во градинката ги забележаа настанатите промени по третата недела на престој на децата со нивните родители. Притоа немаше значителни промени во емоционалниот развој на децата ниту сериозни потешкотии, како што е случај кај многу деца кои се вклучуваат во колективниот живот без присуство на родителите.

Од анализираните податоци, од анкетите за воспитувачи и родители како и протоколите на писмено снимање на индивидуалното однесување на децата со присуство и без присуство на родителите во процесот на адаптација, може да се дадат следниве заклучоци.

- Анализата на податоците укажуваат на тоа дека воспитувачите имаат позитивни ставови за вклучување на родителите во процесот на адаптација во детските градинки.
- Поради ниското ниво на педагошка едуцираност за специфичностите на процесот на адаптација на родителите како и подобрување на организацијата на градинката во овој период, воспитувачите сметаат дека постои потреба од претходно планирана едукативна програма која ќе има за цел да ги едуцира родителите за сознанијата, како и стратегиите кои можат да ги употребуваат со своите деца во периодот на адаптација.
- Поради зголемениот број на деца во групите и несоодветните просторни услови, воспитувачите имаат негативни ставови по однос на вклученоста на родителите во процесот на адаптација.
- Формите на соработка во секојдневната практика не обезбедуваат запознавање и едуцирање на родителите со специфичностите на процесот на адаптација. Затоа воспитувачите и родителите сметаат дека формата на соработка со родителите „Посета во семејството" има потреба да се практикува. Со тоа ќе се интензивираат формите на соработка со родителите во периодот на адаптација.
- При анализирањето на податоците од протоколите на писменото снимање на однесувањата на децата со и без присуство на

родителите може да се заклучи дека манифестираните однесувања кај децата по првата недела покажуваат напредок во комуникацијата и интеракцијата со децата, воспитувачите, се подобрува односот кон играта и играчките.

- Во третата и четвртата недела се забележува значително мала вознемиреност кај децата во време на одвојување со родителите кое траеше неколку денови. Во последната недела децата останувaат на целодневен престој без никакви потешкотии, што е редок случај за овој временски интервал во постојаната практика да се забележи брзо и лесно прилагодување, освен во исклучителни случаи. На тој начин вклучувањето на родителите во процесот на адаптацијата во детските градинки во најголема мера го одредува типот на адаптација на децата.
- Воспитниот стил на родителите има влијание врз манифестациите на однесувањето кај децата во процес на адаптација, како и позитивно влијание од вклученоста на родителите во планираните секојдневни активности на воспитно-згрижувачкиот кадар.
- Како воспитувачите, така и родителите имаат позитивни ставови и мислења за присуство на родителите во процесот на адаптација, поради позитивните однесувања кај нивните деца кои ги појавија по завршувањето на ова истражување во кое тие беа примерокот.

На крајот од заклучокот се потврдува потребата од менување на постојната практика и активно воведување на родителите во процесот на адаптација согласно современите тенденции во многу земји во светот.

# ЛИТЕРАТУРА

1. Ainsworth, M.D.S. (1973), *Further Resedirch into the Adverse Effects of Maternal Deprivetion*, vo Bowlby, str. 191-241.
2. Ainsworth, M. & al. (1978), Patterns of attachment, Hillsdale, NJ: Erlbaum
3. Arijes, F. (1989), *Vjekovi djetinstva,* Zavod za udzbenike I nastavna sredstva, Beograd, str. 45.
4. Ангелоска, Г.Н. (1998), *Квалитативни истражувања во воспитанието и образованието,* Киро Дандаро, Битола.
5. Ангелоска, Г.Н. (2008), *Планирање на научното истражување* (интерен материјал), Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, Филозофски факултет-Институт за педагогија.
6. Basic, V. (1978), *Predskolska deca koja tesko ostvaruju socijalne kontakte,* Predskolsko dete, Beograd, br.3 str. 270.
7. Виготски, С. Лев, (1989), *Учењето играта и развојот во предучилишната возраст* (книга втора), Просветно дело, Скопје, стр.
8. Bowlby, J., Emocionalna vezanost kon coveka, *Predskolsko dete,* Beograd, 1976/1, str. 23-35.
9. Bowlbi, J. (1969), Attachment and loss. Vol1: *Attachment,* New Jork, Bazic Books.
10. Bowlby, J.(1973),*Attachment and Loss,* voll II: Separation: anxiety and anger, New Jork, Basic Books.
11. Vukelic, M. (1994), Afektivno vezivanje deteta za majku I majcina responzivnost, Neobjavljen diplomski rad, Filozofski fakultet, Univerzitet u Novom Sadu, Novi Sad.
12. Vukomanovic, N. . i dr., (1984), *Roditelji u djecjem vrticu,* Beograd, Zavod za udzbenike i nastavna sredstva, стр.9-13.
13. Vukomanovic, N. I grupa autori, (1984), *Roditelji u djecjem vrticu,* Zavod za udzbenike I nastavna sredstva Beograd, Svjetlost OOUR Zavod za udzbenike I nastavna sredstva, Sarajevo, str. 42.
14. Goleman, D. (2001), *Emocionalna intelegencija,* Gepoetika, Beograd.
15. Greenspan, I.S. (2002), Sigurno Dijete, Donji Vukojevac: Ostvarenje, str.45.
16. Дамовска Л., ...(и др.): (1999), *Стандарди за рано учење и развој кај децата од 0-6 години,* Скопје, Министерство за труд и социјална политика, стр. 27.

17. Дамовска,Л. .(и др.), (1999), Стандарди за рано учење и развој кај децата од 0-6 години, Министерство за труд и социјална политика, Скопје.
18. Ivic, I. i saradnici. . . (1983): *Vaspitanje dece ranog uzrasta*, Zavod za udzbenike i nastavna sredstva, Svjetlost, стр.23.
19. Jampoljskaja, R.V., (1981), *Osnove medicinskih znanja*, Moskva, str.122.
20. Jull, J. (1995), *Vase kompetentno djete,* Zgreb, EDUCA.
21. Каменов, Е. И Петров, Н. (1986), *Методика на воспитно-образовната работа со децата од предучилишна возраст,* Просветно дело, Скопје.
22. Kamenov, E. (1988), *Metodika vaspitno-obrazovnog rada predskolskom decom*, Zavod za udzbenike I nastavna sredstva, Beograd.
23. Kamenov, E. (1982), *Eksperimentalni programi za rano obrazovanje,* Zavod za udzbenike I nastavna sredstva, Beograd.
24. Kamenov, E. (1988), *Предучилишна педагогија (книга втора),* Просветно дело,Скопје.
25. Katz, L.G & McClellan (1997), Poticanje razvoja djecje socijalnekompetencije, Zagreb, EDUCA, str.77
26. Котева, Т., (1996), *Детето – рамноправен партнер и субјект во воспитанието и образованието*, Скопје, стр. 31.
27. Котева-Мојсовска,Т. (2006), *Семејното воспитание и социјалното однесување на децата*, Скопје, Академски печат, стр.80.
28. Kraiger, G.,A., (1999), *Separaciona anksioznost, poremecaji emocionalnog vezivanja i neuroticnost dece*, IMZ, Beograd, str.67.
29. Копачев, Д. (1989), *Материјал за интерна употреба па воспитно-згрижувачкиот кадар на децата од предучилишна возраст,* Скопје, стр. 50.
30. Коменски, А.Ј, (2000), *Материнска школа,* Завод за уџбенике и наставна средства, Београд.
31. Klark, A. I Klark, A.D.B. (1987), *Rano iskustvo*, Zavod za udzbenike I nastavna sredstva, Beograd.
32. Kurth, E. (1985), *Vozmoznosti profilaktiki I psihogigieniceskoj korrekcii anomalij v razvitii licnosti,* str.158.
33. Лакинска, Д. (1987), *Семејството и воспитанието,* Студентски збор, Скопје.
34. Lorencer, A., (1984), *Teorija na socijalizacija*, Nolit, Beograd, str.18.
35. Markovic, M. I dr. (2006), *Korak po korak 1,* Kreativni centar, Grafiprof, Beograd.

36. Markovic, M. I dr. (2006), *Korak po korak 2,* Kreativni centar, Grafiprof, Beograd.
37. Muzic, V. (1986), *Metodologija pedagoskih istrazivanja,* Svjetlost, Sarajevo.
38. *Основи на програмата за воспитно-образовната работа со деца од предучилишна возраст во јавните детски градинки*, (2006): Министерство за образование и наука и Биро за развој на образованието, Скопје, стр. 14.
39. Pedagoski recnik, (1967), Instituta za pedagoska istrazivanja u Beogradu, Zavod za izdavanje udzbenika SRSrbije, str. 6.
40. Pedagoski recnik I (1967), (red. Teodosic, R.), Beograd, Zavod za udzbenike I nastavna sredstva SR Srbije, str.102.
41. Pedagoski recnik I (1967) (red.Teodosic, R.), Beograd, Zavod za izdavanje udzbenika SR Srbije, str. 206
42. Pedagoski recnik I (1967), (red.Teodosic, R.), Beograd, Zavod za udzbenike i nastavna sredstva SR Srbije, str. 107
43. *Pedagoska enciklopedija* (1989), (red. Potkonjak-Simlesa), Beograd: Zavod za udzbenike i nastavna sredstva
44. Предучилишен проект, Чекор по чекор- воспитно-образовна методологија, (1994), Вашингтон Д.С: Универзитет Џорџтаун.
45. Prodanovic, Lj. (1979), *U cemu, kad, kako. . . saradzivati s roditeljima u predskolskoj ustanovi*, Prilog metodici rada s roditeljima, Beograd.
46. *Prvi susret sa vrticem*, (20.10.2010), 4-5, http://www.pedagog.org.rs
47. Ramsey, M., Bayless, K., (1983), *Prvi dani u vrticu*, Predskolko dete, Beograd, br.3, 193-6.
48. Шкариќ,М.О.: (2009), *Психологија на детството и адолесценцијата (Развојна психологија 1)*, Филозофски факултет, Скопје, стр. 144.
49. *"Службен весник на Република Македонија"* br.98/2000 od 23 noemvri 2000 godina, (03.03.2010), http://www.mlrc.org.mk/
50. Smiljanic, V. I Tolicic, I., (1981), *Djecja psihologija,* Beograd.
51. *Статистички преглед* 2.4.10.02/646, http://www.stat.gov.mk
52. *Strah I stres*, (10.09.2008), str.2, www.iasc-shop.com
53. Rot, N. (1980), *Osnovi socijalne psihologije*, Zavod za udzbenike I nastavna sredstva, Beograd, str. 207.
54. Fromm, E. (1980), *Autoritet I porodica*, Zagreb, Naprijed.

55. Fromm, E. (1984), *Umjece ljubavi,* Zagreb, Naprijed.
56. Hoffman, M. (2003), *Empatija I moralni razvoj,* Beograd: Dereta.
57. Хансен, Кристен, А. (1997), *Образованието и демократската култура – предучилишна практика,* Дата Понс, Скопје.
58. Colic, V., (2006), *Priroda interakcije izmedu odraslog I deteta u djecjim jaslicama,* Predskolsko vaspitanje I obrazovanje, br. 9-10, str. 780-791.
59. Шкариќ, М., О., (2009), *Психологија на детството и на адолесценцијата (Развојна психологија 1)*, Филозофски факултет, Скопје, стр.130.
60. Шкариќ, М., О., (2009), *Психологија на детството и на адолесценцијата (Развојна психологија 1)*, Филозофски факултет, Скопје, стр.140-142.

Користени интернет адреси:

www.see-educoop.net

www.mtsp.gov.mk

www.mon.gov.mk

***ПРИЛОЗИ***

# Анкетен лист – скалер 1

## (за воспитувачите во детските градинки)

Анкетниот лист – скалер 1, има за цел да ги открие Вашите мислења, убедувања, постапки за активно вклучување на родителите во процесот на адаптација на деца од рана возраст во деткиите градинки, со цел поуспешна адаптација на новопримените деца. Со своите искрени одговори ќе придонесете, кон нашите настојувања да се донесат конкретни заклучоци и мерки за подобрување на приемот и процесот на прилагодување на децата од рана возраст, како и преземање на конкретни мерки за поквалитетна едукативна комуникација со родителите во детските градинки. Вашите одговори ќе бидат искористени единствено за реализација на овој проект, за кои Ви гарантираме целосна дискреција.

ВИ БЛАГОДАРИМЕ ЗА СОРАБОТКАТА!

АНКЕТАТА Е АНОНИМНА!

1. Во која детска градинка работите:

___________________________________________

2. Каков степен на образование имате:

(заокружете еден од понудените одговори)

а) високо б)вишо в) средно г)несоодветно

3. Колку години работен стаж имате во просветната струка:

а) од 0 до 10 години б) од 10 до 20 години в) над 20 години

4. Дали Вашата градинка е „отворена" за внесување на новини во воспитно-образовната работа?

а) некритички се прифаќа секоја нова идеја;
б) постои индиферентен став кон новите идеи
ц) постои правилен однос, се стимулираат и прифаќаат само најдобрите;
д) средината е против внесување на новини;
е) немам мислење за ова прашање

5. Преку кои форми на соработка ги информирате родителите за начинот на соработка и периодот на адаптација на новите деца?

а) огласни табли; б) индивидуални разговори; в) летоци; г) интернет портал
д) сопствени списанија

6. Колку пати во текот на една година Вашата градинка организира групни родителски состаноци?

а) еднаш годишно; б) еднаш на шест месеци

в) еднаш во три месеци г) ниеднаш

7. Како се чувствувате Вие како воспитувач во периодот на адаптацијата на новодојдените деца?

а) нервозно/вознемирено
б) радосно/пријатно
ц) опуштено/смирено
д) индиферентно/незаинтересирано

8. Се доживувате ли себе си како личност со висок степен на емпатија (соживување со нечии емоции, смиреност, трпелливост, рационално разбирање на нечии проблеми)?

а) да б) не в) повремено

9. Според Вашето досегашно искуство наведете како реагираат родителите во периодот на адаптација на нивните деца?

а) видно вознемирени, плачат во отсуство на децата;
б) вознемирени, но ја прикриваат својата емотивна состојба;
ц) емотивно подготвени и покажуваат доверба кон воспитниот кадар;
д) воопшто не покажуваат реакција.

10. Дали практикувате посета на семејството на новото дете, поради подобро запознавање на индивидуалните карактеристики на детето и социо-емоционалната клима на семејството во која расте?

а) да б) не в) понекогаш/ретко

Наведете причина:______________________________________________________

11. Како воспитувач, детето кое минува низ процес на адаптација го доживувате како?

а) активен субјект б) делумно активен субјект

в) пасивен субјект г) делумно пасивен субјект

12. Каков стил на работа практикувате:

а) демократски б) анархичен в) авторитарен

13. Дали Вие како воспитувач, сметате дека присуството на родителите би ја олеснило адаптацијата на нивните деца?

а) да　　　　б) не　　　　в) можеби

Наведете причина_______________________________________________

14. Сметате ли дека профилот „негувателки“, треба да биде повеќе оспособен во методички поглед?

а) да　　　　б) не　　　　в) можеби

15. Ве молиме да одговорите на следниве прашања проценувајќи го степенот на значајност и присутност на даденото тврдење/исказ по следнава скала:

**ЗНАЧАЈНО**

1-незначајно

2-значајно

3-многу значајно

**ТОЧНО/ПРИСУТНО**

1-неточно/не е присутно

2-делумно е точно/присутно

3-точно/присутно во целост

Табела бр.1

| ЗНАЧАЈНО | | | **Тврдење/исказ** ( обележете го соодветното поле со знакот **+** ) | ТОЧНО/ПРИСУТНО | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | | **1** | **2** | **3** |
| | | | Родителите имаат слободен пристап во Вашата градинка и покажуваат интерес за новините во начинот на работа на градинката. | | | |
| | | | Вашата градинка има поволни просторни услови за прием на деца и престој на нивните родители. | | | |
| | | | Родителите покажуваат интерес за програмските активности планирани за периодот на адаптација. | | | |
| | | | Зголемениот број на децата во групата негативно влијае на процесот на адаптација. | | | |
| | | | Воспитниот стил на родителите влијае на процесот на адаптација. | | | |
| | | | Вработеноста на родителите влијае врз успешноста на процесот на адаптација на нивните деца. | | | |
| | | | Во процесот на адаптација на деца од рана возраст, во Вашата градинка постои однапред планирана едукативна програма. | | | |
| | | | Процесот на адаптација на децата од рана возраст ќе биде поуспешен, доколку се присутни родителите. | | | |

16. При воведувањето на родителите како активни учесници во процесот на адаптација, според Вашето мислење со кои потешкотии би се соочиле?

(заокружете неколку ставки)

а) недоволната лична информираност;
б) отсуство на воспитен кадар;
ц) традиционалистички сфаќања на директорот;
д) потребното време за подготовка;
е) недостасува тимска работа;
ф) лоши просторни услови;
г) слаба опременост со нагледни средства;
х) голем број на деца во групите;
и) незаинтересираност од страна на родителите;
ј) ____________________________________________
к) ____________________________________________
л) ____________________________________________

17. Што би сакале Вие да измените во планирањето и реализацијата на активностите во периодот на адаптација на деца од рана возраст?

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

# ПРОТОКОЛ 1

*( за писмено снимање на однесувањето на децата во процесот на личната адаптација во присуство на родителите)*

***Тема:*** Процесот на адаптација на деца од рана возраст во детските градинки

***Истражувач:***

***УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ:***

(Протоколот има за цел да прибере одреден вид на податоци кои се однесуваат на следење на однесувањето на децата кон играта, играчките, меѓусебна комуникација, комуникација на децата со воспитниот кадар, комуникација на децата со родителите како и ангажираност на родителите во програмските активности кои се спроведуваат во овој период. Податоците се заведуваат индивидуално за секое дете на крајот од денот, во тек на две недели. Пополнувањето се врши на следниве начини: со внесување на знакот „+“ се забележува манифестираното однесување на детето дали е присутно или неприсутно, текстуално напишани манифестации, постапки и согледувања кои ќе бидат соодветни на конкретните категории.)

Испитувач: (лице кое пополнува)________________________________________

Градинка во која се набљудува__________________________________________

Воспитно-образовна група______________________________________________

Број  на деца во група_________________________________________________

Место и општина_____________________________________________________

Степен на образование________________________________________________

Работно искуство_____________________________________________________

Дата:      ______________________

*ИМЕ И ПРЕЗИМЕ НА ДЕТЕТО:*______________________________

| ***I* Комуникација на детето со родителот** | присутно | неприсутно |
|---|---|---|
| Поголем дел од времето, детето го поминува до родителот | | |
| Плаче и се крие кај родителот | | |
| Често проверува дали родителот е тука и дали ќе остане тука, несигурно е во себе | | |
| Повремено се одвојува од родителот | | |
| Детето комуницира и игра независно од родителот | | |
| ***II* Комуникација на детето со воспитувач/негувателка** | | |
| Одбива визуелен контакт со воспитувач/ негувателка | | |
| Прифаќа визуелен контакт, но не дозволува физички контакт | | |
| Започнува комуникација по иницијатива на воспитувачот/негувателката | | |
| Започнува комуникација по иницијатива на детето | | |
| Одбива каков било контакт | | |
| Прифаќа и визуелен и физички контакт | | |
| ***III Меѓусебна комуникација со другите деца*** | | |
| Набљудува други деца и не им приоѓа | | |
| Се спротивставува и покажува агресија кон другите деца | | |
| Започнува да покажува интерес за игра со децата | | |
| Воопшто нема комуникација | | |
| ***IV Учество на детето во игра*** | | |
| Детето игра по иницијатива на возрасен | | |
| Самостојно бира начин на игра | | |
| Детето не покажува интерес за игра | | |
| Повикува и други деца во играта | | |

| ***V Однос на детето кон играчките*** | | |
|---|---|---|
| Не сака никаква играчка која е во просторијата, освен својата | | |
| Детето е незаинтересирано за играчки | | |
| Покажува интерес за играчки | | |
| Истражува начини на играње | | |
| ***VI Ангажираност на родители*** | | |
| Родителите се пасивни набљудувачи | | |
| Родителите се вклучуваат повремено | | |
| Родителите се активно вклучени | | |
| Присутна е мајка на детето | | |
| Присутен е татко | | |
| Присутни се двајцата родители | | |

*ЗАБЕЛЕШКИ И СОГЛЕДУВАЊА НА НАБЉУДУВАЧОТ:*

## ПРОТОКОЛ 2

*( за писмено снимање на однесувањето на децата во процесот на личната адаптација без присуство на родители)*

***Тема:*** Процесот на адаптација на деца од рана возраст во детските градинки

***Истражувач:***

***УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ:***

(Протоколот 2, има за цел да собере информации за тоа, какво е однесувањето на децата во процесот на адаптација без присуство на нивните родители. Начинот на пополнување е со знакот „+“, при што се бележи манифестираното однесување како присутно или неприсутно. Добиените податоци имаат за цел да покажат низ каков тип на адаптација поминало секое дете индивидуално, следено низ нејзините фази.)

Испитувач: (лице кое пополнува)________________________________

Градинка во која се набљудува________________________________

Воспитно-образовна група___________________________________

Број на деца во група____________________________________

Место и општина________________________________________

Степен на образование_____________________________________

Работно искуство________________________________________

Дата: ______________________

ИМЕ И ПРЕЗИМЕ НА ДЕТЕТО:_______________________________

| ***Детето покажува екстремно патење кога родителот си оди*** | присутно | неприсутно |
|---|---|---|
| Покажува физички знаци ( се тресе, бледо е , повраќа, дава отпор со мавтање, брзо чекори или не е во состојба да чекори) | | |
| Го одбива допирот на учителката или гласот, а за тоа не е свесно | | |
| ***Детето се чувствува несигурно или уплашено*** | | |
| Гласно плаче, но повремено се смирува | | |
| Одбива да учествува во редовните секојдневни активности | | |
| Покажува бурни реакции на гнев (клоца, гризе, вришти) | | |
| Се повредува себе си или другите деца | | |
| Ги држи сите предмети што се негови | | |
| Не покажува никаков интерес за активностите околу себе | | |
| Уплашено е, но дозволува на одредена учителка да го допре или гушне | | |
| ***Детето продолжува да покажува знаци на вознемиреност во време на одвојувањето*** | | |
| Повремено плаче, но се смирува кога ќе го прегрне учителката или кога гледа дека си играат децата | | |
| Приврзано е кон една учителка и не е во состојба да иницира игра | | |
| Прифаќа некои играчки од учителката, но кратко игра со нив | | |
| Дозволува да му помогне учителката, при одење во тоалет или соблекување | | |
| ***Детето се чувствува удобно и може да биде само најголем дел од времето*** | | |
| Често останува само на едно место и ги набљудува другите деца | | |
| Може да иницира самостојна игра со неколку познати играчки, но само ако учителката е блиску | | |
| Негативно реагира на секоја промена со плачење, и бара учителката да го прегрнува | | |
| Избегнува визуелен контакт и ги турка другите деца од себе | | |

| | | |
|---|---|---|
| Реагира премногу силно, ако некој го вознемирува | | |
| Во состојба е да прифати дел од секојдневните активности со давање на мал отпор | | |
| ***Детето се чувствува релаксирано и има повеќе самодоверба*** | | |
| Се движи независно во собата | | |
| Се вклучува во повеќе активности со охрабрување на учителката | | |
| Прифаќа играчки кои му ги носат другите деца | | |
| Не е во состојба да се соочи со поголеми промени (отсуство на учителката и сл.) | | |
| ***Детето слободно се движи во просторијата*** | | |
| Иницира разновидни активности во играта вклучува трчање и скокање | | |
| Ја проширува играта и прифаќа две одредени деца | | |
| Учествува во секојдневните активности независно и соодветно на возраста | | |
| Им приоѓа на другите возрасни, учителки и нови ситуации | | |
| ***Детето се чувствува сигурно*** | | |
| Видно се радува на присутните околу себе | | |
| Ужива во хуморот и слободно ги изразува своите чувства | | |
| Се вклучува во групна игра во подолги временски периоди и ги користи играчките во собата | | |
| Во состојба е да ги предвиди секојдневните активности и ги бара | | |
| Добро се соочува со промените | | |

(преземено и прилагодено од *Julie Dotsch*, WESTCOAST CHILD CARE RESOURCE CENTRE, Онтарио, Торонто.

# Анкетен лист – скалер 2

## (за родителите во детските градинки)

Анкетниот лист – скалер 2, има за цел да ги открие Вашите мислења, убедувања, постапки за активното учество на родителите во процесот на адаптација на деца од рана возраст во детските градинки, со цел поуспешна адаптација на Вашите деца. Со Вашите искрени одговори ќе придонесете, кон нашите настојувања да се донесат конкретни заклучоци и мерки за подобрување на приемот и процесот на прилагодување на децата од рана возраст, како и преземање на конкретни мерки за поквалитетна едукативна комуникација со родителите во детските градинки. Вашите одговори ќе бидат искористени единствено за реализација на овој проект, за кој Ви гарантираме целосна дискреција.

*ВИ БЛАГОДАРИМЕ ЗА СОРАБОТКАТА!*

*АНКЕТАТА Е АНОНИМНА!*

Анкетниот лист го пополнува: мајка татко

Број на членови во семејството:_______________________________

Број на деца во семејството:__________________________________

Редослед на раѓањето на детето во семејството:_________________

Вработеност на родителот (заокружи):

а) мајка б) татко в) двајцата

1. Поради кои причини го запишавте Вашето дете во градинка?

а) сметам дека треба да се социјализира;
б) нема кој да го чува;
ц) сметам дека процесот на воспитание и образование почнува од најмала возраст.

Наведете друга причина:_______________________________________________

2. На кој начин ја доживувате детската градинка?

а) како “нужно зло”;
б) како место каде Вашето дете ќе го поминува времето додека сте Вие на работа;
ц) како партнер во воспитувањето на Вашето дете;
д) како средина каде Вашето дете ќе стекне многубројни животни искуства

3. Како се чувствувате Вие како родител во периодот на адаптацијата на Вашето дете?

а) нервозно/вознемирено б) радосно/пријатно

б) опуштено/смирено г) индиферентно/незаинтересирано

4. Преку кои форми на соработка, детската градинка, во која го запишавте Вашето дете Ве информираше за специфичностите на периодот на адаптација на деца од рана возраст?

а) огласни табли; б) индивидуални разговори; в) групни родителски средби;

в) летоци; г) интернет портал д) сопствени списанија

5. Дали одобрувате посета на Вашето семејството од страна на воспитувачот, поради подобро запознавање на индивидуалните карактеристики на Вашето дете и социо-емоционалната клима во која расте?

а) да б) не в) воопшто

Наведете причина:____________________________________________________.

6. Колку е важна играта за Вашето дете?

а) воопшто не сака да игра, само фрла играчки;
б) игра само во присуство на други деца;
ц) игра само со родителите;
д) самостојно игра без ничие присуство

7. Воспитанието на Вашето дете во рамките на семејството е:

а) слободно б) строго в) спонтано

8. Воспитувајќи го Вашето дете најчесто употребувате:

а) казна б) награда в) ретко употребувате педагошки мерки

9. Потребите на Вашето дете во семејството:

а) ги ставате после потребите на семејството;
б) рамноправни се со потребите на семејството;
в) не внимавате на тоа

10. За видот и изгледот на облеката на Вашето дете:

а) одлучувате Вие;
б) одлучува детето;
в) се договарате со него

11. Со заокружување на повеќе ставки, означете кои постапки во воспитувањето на Вашето дете ги применувате:

а) го третирате како член на семејството со кого подеднакво се договарате;
б) разговарате со детето за дневните случувања;
ц) секогаш барате послушност од него без приговор;
д) за да Ве слуша употребувате строги педагошки мерки;
е) го оставате да згреши затоа што од грешките се учи;
ф) го оставате само на себе да стекне разни искуства;
г) постојано го контролирате и спречувате да изврши некоја активност;
х) воспитувањето на Вашето дете го препуштате на детската градинка;
и) често ја користите наградата како воспитна мерка;
ј) најчесто одбегнувате да го милувате поради стравот да не го разгалите;
к) во ништо не го контролирате – сметате дека тоа е штетно;
л) го почитувате неговото мислење и често прифаќате негови предлози;
м) *вие знаете што му треба и донесувате сами одлуки за негово добро;*
н) се договарате за најголем број активности кои заедно ги изведувате;
о) го оставате детето без обврски „слободно да расте“.

12. Како ја отценувате соработката со воспитувачот/негувателката во периодот на адаптацијата на Вашето дете:

а) одлична б) добра в) лоша

Наведете причина:

---

13. Дали откако Вашето дете го помина периодот на адаптација го промени однесувањето кон членовите во семејството и кон себе:

а) да/ во значителна мера б) не/воопшто в) делумно

14. Со заокружување на повеќе ставки, наведете до кои промени дојде кај Вашето дете по периодот на адаптација:

а) напредува во говорниот развој;
б) напредува во самостојноста при вршење на хигиенските навики;
ц) полесно стапува во комуникација со деца;
д) полесно стапува во комуникација со возрасни;
е) повеќе е плачливо дома отколку во градинка;
ф) има проблем со спиењето се буди ноќе;
г) раздразливо е;
х) полесно го прифаќа одвојувањето од родителите;
и) креативно е во играта;
ј) покажува зголемена љубопитност;
к) пее песнички, помалку е тврдоглаво;
л) одбива да оди во градинка и манифестира физиолошки тегоби (повраќа, го боли стомак и сл.);
м) има проблем со апетитот;
н) тешко се одвојува од родителите, но за кратко време се смирува;
о) агресивно е кон други деца и возрасни;
п) се случува да мокри во сон
љ) ____________________________________________

15. Вашето присуство во процесот на адаптација на Вашето дете го отценувате како?

а) пожелно б) непожелно в) задолжително

Наведете причина____________________________________________

16. Со заокружување на повеќе ставки наведете со кои потешкотии се соочивте Вие како родители, со воведување на Вашето активно учество во процесот на адаптација на Вашето дете?

а) недоволната лична информираност;
б) отсуство на воспитен кадар;
ц) традиционалистички сфаќања на стручниот тим;
д) потребното време за подготовка;
е) недостасува тимска работа на учителките во групата;
ф) лоши просторни услови;
г) слаба опременост со нагледни средства;
х) голем број на деца во групите;
и) незаинтересираност за соработка од страна на другите родители;
ј) ____________________________________________

17. Што Вие би промениле во тој однос за поуспешна адаптација на децата од рана возраст?

____________________________________________